**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Филозофски факултет – Институт за педагогија**

**Студиска програма: Педагошки науки**

# Дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик

\- магистерски труд -


Ментор: Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

Кандидат: Мартина Трајковска


Скопје, мај 2023 година

## Содржина

**Вовед** ........ 8

**I дел Теоретски основи на проблемот на истражувањето** ........ 13

1. Терминолошки определби и толкувања на основните поими ........ 14

2. Методиката како научна дисциплина ........ 17

2.1. Методиката на наставата по наставниот предмет Македонски јазик и нејзиниот предмет на проучување ........ 19

2.2. Наставата по предметот Македонски јазик и нејзиното значење ........ 20

3. Јазично описменување ........ 26

3.1. Развој на јазичното описменување ........ 28

4. Култура на писмено изразување ........ 30

4.1. Особини на писменото изразување ........ 30

4.2. Содржини на наставата за писмено изразување ........ 32

4.3. Избор и формулирање на тема за писмено изразување ........ 33

4.4. Вежби за писмено изразување ........ 34

4.4.1. Видови писмени вежби ........ 35

5. Програмско подрачје: Почетно читање и пишување ........ 40

5.1. Значење на програмското подрачје Почетно читање и пишување за наставата по предметот Македонски јазик ........ 40

5.2. Значење и развој на читањето ........ 41

5.3. Значење и развој на пишувањето ........ 45

6. Програмско подрачје: Јазик ........ 46

6.1. Значење на програмското подрачје Јазик за наставата по предметот Македонски јазик ........ 46

6.2. Избор на наставни материјали во наставата за програмското подрачје Јазик 48

7. Дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали ........ 49

8. Релевантни истражувања ........ 53

**II дел Методологија на истражувањето** ........ 57

1. Предмет на истражувањето ........ 58

2. Цел и карактер на истражувањето ........ 58

2.1. Карактер на истражувањето ........ 59

3. Задачи на истражувањето ........ 59

4. Хипотези на истражувањето ...60
5. Варијабли на истражувањето ...62
6. Методи, техники и инструменти ...63
7. Популација и примерок ...65
7.1. Примерок на општини ...65
7.2. Примерок на основни училишта ...65
7.3. Примерок на наставници од одделенска настава ...66
7.4. Примерок на педагошка документација ...67
8. Обработка на податоци ...68
9. Организација и тек на истражувањето ...69
**III дел Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето** ...71
1. Анализа на наставните планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик од прво до трето одделение за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик ...72
2. Анализа на резултатите добиени од испитувањето на ставовите на наставниците ...79
3. Анализа на наставни материјали од програмските подрачја Почетно читање и пишување изработени од страна на одделенски наставници за потребите на наставата по Македонски јазик ...106
**IV дел Заклучни сознанија и препораки** ...111
**Користена литература** ...120
**V дел Прилози** ...127
Прилог бр. 1 Анкетен прашалник за наставници ...128
Прилог бр. 2 Чек-листи за анализа на дидактичко-методички елементи на наставните материјали за прво, второ и трето одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување ...135
Прилог бр. 2.1. Чек-листа за анализа на дидактичко-методички елементи на наставните материјали за прво одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување ...135

Прилог бр. 2.2. Чек-листа за анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за второ одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување ........................................................ 136

Прилог 2.3. Чек-листа за анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за трето одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик........................................................................................137

Прилог бр. 3 Наставни материјали креирани и користени од наставници (одделенска настава) по програмските подрачја Почетно читање и Пишување и Слушање и зборување за прво одделение ........................................................................ 138

Прилог бр. 3.1. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување........................................................................... 138

Прилог бр. 3.2. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување........................................................................... 139

Прилог бр. 3.3. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување........................................................................... 140

Прилог бр. 3.4. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Слушање и зборување.................................................................................... 141

Прилог бр. 3.5. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Слушање и зборување.................................................................................... 142

Прилог бр. 3.6. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Слушање и зборување.................................................................................... 143

Прилог бр. 4 Наставни материјали креирани и користени од наставници (одделенска настава) по програмските подрачја Почетно читање и Пишување и Слушање и зборување за второ одделение........................................................................ 144

Прилог бр. 4.1. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување........................................................................... 144

Прилог бр. 4.2. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување........................................................................... 145

Прилог бр. 4.3. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување........................................................................... 146

Прилог бр. 4.4. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Слушање и зборување....................................................................................147

Прилог бр. 4.5. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Слушање и зборување.................................................................................... 148

Прилог бр. 4.6. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Слушање и зборување .......... 149
Прилог бр. 5 Наставни материјали креирани и користени од наставници (одделенска настава) по програмските подрачја Почетно читање и Пишување (латиница) и Јазик за трето одделение .......... 150
Прилог бр. 5.1. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување (латиница) .......... 150
Прилог бр. 5.2. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување (латиница) .......... 151
Прилог бр. 5.3. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување (латиница) .......... 152
Прилог бр. 5.4. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Јазик .......... 153
Прилог бр. 5.5. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Јазик .......... 154
Прилог бр. 5.6. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Јазик .......... 155
Прилог бр. 6 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување .......... 156
Прилог бр. 7 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Слушање и зборување .......... 157
Прилог бр. 8 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување .......... 158
Прилог бр. 9 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Слушање и зборување .......... 159
Прилог бр. 10 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување (латиница) .......... 160
Прилог бр. 11 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Јазик .......... 161
Прилог бр. 12 Легенда на симболи користени при дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали .......... 162

## Содржина на табели

Табела бр. 1 Основни училишта опфатени во истражувањето ................................ 66
Табела бр. 2 Компаративен преглед на фонд на наставни часови по програмски подрачја за наставниот предмет Македонски јазик според стари и нови наставни програми ........................................................................................................ 73
Табела бр. 3 Примерок на основни училишта и паралелки во коисе реализира наставата по Македонски јазик ......................................................................... 81
Табела бр. 4 Ставови на наставниците за стручно усовршување и по завршување на факултетот со цел осовременување на наставата по предметот Македонски јазик 86
Табела бр. 5 Приказ на ставовите на наставниците за важноста на зададените искази во наставата по предметот Македонски јазик.............................................. 92
Табела бр. 6 Приказ на рангирани искази според важноста на ставовите на наставниците ........................................................................................................ 94
Табела бр. 7 Приказ на ставовите на наставниците за примена на интегрирани наставни содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик ......................................................................................................... 102
Табела бр. 8 Анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за прво одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување ......................................................................... 106
Табела бр. 9 Анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за второ одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување ......................................................................... 108
Табела бр. 10 Анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за трето одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик ........................................................................................ 109

## Содржина на графикони

Графикон бр. 1 Примерок на општини во кои се реализира истражувањето..........80
Графикон бр. 2 Примерок на работно искуство на наставниците во образование . 83
Графикон бр. 3 Ставови на наставниците во однос на стекнати знаења и развиени компетенции по завршување на високото образование............................................84

Графикон бр. 4 Примерок на ставови на наставници за вклученост во обуки/семинари за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали 87
Графикон бр. 5 Примерок на ставови на наставници за вклученост во обуки/семинари за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали ........ 90
Графикон бр. 6 Ставови на наставниците за користење на интегрирани наставни материјали по програмски подрачја ........ 95
Графикон бр. 7 Примерок на ставови на наставниците за потребите од креирани готови наставни материјали по програмски подрачја ........ 96
Графикон бр. 8 Ставови на наставниците за формата на наставните материјали .. 97
Графикон бр. 9 Приказ на ставовите на наставниците за придонесот на наставните материјали ........ 98
Графикон бр. 10 Ставови на наставниците за елементите содржани во дидактичко-методичката структура на наставните материјали ........ 100
Графикон бр. 11 Ставови на наставниците за интеграција на наставните содржини меѓу програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик ........ 101
Графикон бр. 12 Приказ на ставовите на наставниците за временскиот интервал на изготвување наставни материјали во текот на еден месец ........ 104

## Вовед

Учениците за да ги постигнат целите кои се предвидени со наставните програми за наставниот предмет по Македонски јазик, истите се структурирани во четири, односно во пет програмски подрачја (според новите наставни програми). Истражувачкиот фокус на овој труд е насочен кон проучување на две програмски подрачја и тоа: Почетно читање и пишување и Јазик од прво до трето одделение. За таа цел се пристапува кон компаративна анализа на актуелните наставни планови и програми и на наставните планови и програми од 2007 година, со тоа што во учебната година во која се спроведува истражувањето наставата по наставниот предмет Македонски јазик во трето одделение се реализира според наставниот план и програма од 2007 година.

Целта на овој труд е насочена кон анализа на програмската поставеност на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик и дидактичко-методичко дизајнирање на современи наставни материјали, сѐ со цел да се подобри наставата по Македонски јазик.

За успешна реализација на целите/стандардите за оценување предвидени во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик од прво до трето одделение, потребна е соодветна подготовка, примена и класификација на наставните материјали кои ќе послужат како своевидна наставна поддршка за наставниците, но и за учениците, при што ќе им помогнат при изучување на кириличните и латиничните букви, пишувањето и читањето со нив, јазичните и правописните правила, како и примена на правописните знаци. Затоа, неопходно е да се анализираат наставните програми, како и соодветното дидактичко-методичко дизајнирање на современи наставни материјали, кои ќе им помогнат на наставниците да ја реализираат наставата по наставниот предмет Македонски јазик, а на учениците ќе им помогнат за полесно да ги совладуваат наставните содржини.

Во наставната практика постои потреба од дидактичко-методичко дизајнирање на наставните материјали во рамките на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, почитувајќи современи методички, методолошки и докимолошки принципи. Од таа причина испитувањето на

ставовите и на образовните потреби на наставниците, како непосредни реализатори на наставата, методолошка е оправданоста за нивно вклучување како посебен истражувачки субпримерок.

Во наставните програми, изработени од страна на Бирото за развој на образованието, се содржани целите/стандардите за оценување кои учениците треба да ги постигнат во текот на нивното воспитание и образование.

Процесот на учење во училиштето започнува со совладување на техниката за читање и пишување. Тој процес со текот на времето, со помалку или повеќе организирано вежбање, се усовршува додека не се постигне висок степен на автоматизација. Успехот во наставата по Македонски јазик, како и воопшто постигнатиот училишен успех, зависи од тоа како ученикот го совладал читањето и пишувањето и како го разбира тоа што го прочитал.

Учењето да се чита и пишува е охрабрено од силната мотивација на ученикот да започне што побрзо да учи за светот околу него, да се справи со богатството на информации што е можно побрзо и побезбедно. Современата цивилизација ја наметна потребата детето да научи да чита и пишува од помала возраст, односно да комуницира со животната средина на едно повисоко ниво. Ако вештините за читање и пишување поквалитетно ги совлада, тогаш поквалитетно и побрзо ќе се вклучи во општиот систем на комуницирање.

Вродената потреба на човекот за сознавање, креативност и потребата од остварување на својата личност во целост зависат од читањето и пишувањето.

Човекот многу рано почувствувал потреба да го запише она што го чувствува и мисли. Денес системите за пишување се усовршени, барем во некои јазици, а усовршувањето на техниката за печатење го спречило заборавањето на вредноста создавана со векови. Книгата е незаменлива потреба во животот на современиот човек. Да не се знае да се чита и пишува значи да се биде далеку од духовната благосостојба што ја овозможува пишаниот или печатениот збор со што индивидуата да биде интелектуално, социјално, културно-технолошки ограничена.

Па така, од самата потреба на човекот за негово описменување, доаѓа и потребата од учење и усовршување на техниката за пишување т.е. кириличното писмо со кое што самиот човек ќе може да ги запознае убавините на пишаниот збор, а воедно и да се усоврши самиот себе.

Начинот и брзината на формирање на вештината и навиката за убаво пишување се релативно индивидуални. Современиот човек, се чини, дека не е толку важно како ќе пишува, затоа што за писмената форма на комуникација постојат компјутери - поважна е содржината т.е. пораката во системот на писменото комуницирање. Почетното пишување со текот на времето се автоматизира, губејќи го „шармот на убаво нацртаните линии“.

Неправилната употреба на мала и на голема буква, испуштање букви во повеќесложните зборови, употреба на зборови на дијалект, пишување на слеаните зборови, пишувањето на гласовите „б“ и „п“, т.е. неправилна употреба на звучните и безвучните согласки, употребата на интерпункциските знаци, претставуваат едни од најчестите грешки кои учениците ги прават при писменото изразување.

Сето ова укажува за непроценливата улога на наставниците во периодот на учењето да се чита и пишува, поконкретно во периодот на почетното јазично описменување коешто се случува во раноучилишната возраст на учениците. Затоа, на наставата по предметот Македонски јазик треба да ѝ се даде посебен третман во нашиот училишен систем, сѐ со цел учениците да се научат на правилна употреба на буквите, зборовите, речениците, текстовите за да се подобри нивниот ракопис, како и нивните знаења поврзани со јазичните и правописните правила.

Јазичното описменување на учениците има базично значење во однос на севкупното учење и напредување. Тоа е еден комплексен и долготраен процес кој, во наши услови, во неговиот најелементарен облик се одвива во рамките на првиот образовен циклус во основното образование.

Јазикот е составен дел на секојдневното живеење на човекот. Преку него се одразува тоа што го мислиме или што го правиме. Развивањето на јазичната писменост во современи услови може да се имплементира низ различни

активности. Учењето на јазичните вештини не смее да биде ограничено ниту само на една јазична вештина, ниту пак на само одредени шаблонизирани процеси кои се повторуваат низ секојдневната наставна практика.

Зборувањето, читањето, пишувањето и слушањето се развиваат со помош на одредени содржини кои упатуваат на активности кои произлегуваат од самата суштина на одделните јазични вештини. Холистичкиот концепт ја нагласува сеопфатноста на јазикот и инсистира на природност во развојот на овие вештини. Токму заради тоа во воспитно-образовниот процес потребно е да се организираат активности за насочена интегрирана употреба на јазикот, како на пример: слушање на информација што треба да се спореди, оцени и испланира; зборување т.е. разговор со другарите и возрасните, објаснување и пишување на извештаи, пишување на состави, белешки, текстови, читање на раскази, детска литература и друго. Овој концепт не го исклучува формалното подучување на одредена јазична вештина. Меѓутоа, тоа бара грижливо планирање и имплементација, при што сите јазични вештини имаат еднаков статус. Тоа, впрочем, е основата на сите наставни активности во сферата на развојот на јазичната писменост. За да се обезбедат оптимални услови за ефективна настава, во која ќе се развиваат јазичните вештини, потребно е наставникот да подготви сопствена програма за работа, тргнувајќи од наставната програма по Македонски јазик и нејзино операционализирање со целна ориентација. Обезбедувањето на добриот јазичен модел е еден од важните предуслови за ефикасна настава и за развој на јазичните способности на учениците.

Јазикот се развива преку интеракција со стимулативната околина. Заради тоа учениците постојано треба да имаат надворешни стимулации кои ќе ги охрабрат да зборуваат, пишуваат, читаат или слушаат. Секако дека јазичната стимулација најдобро ќе се реализира во услови на неформално подучување, особено преку играта, преку користење на најразновидни материјали, почитувањето на индивидуалните разлики во степенот на развиеноста на јазичните вештини. Тоа ќе придонесе за развој на своевиден „личен јазик“ и развивање на индивидуален комуникациски потенцијал. Токму од тие причини

децата треба да се поддржуваат во компетентната употреба на јазикот. Ова е можно само во услови кога во наставата ќе се обезбедат максимални услови за честа употреба на јазикот. Имено, јазикот се развива преку неговото користење. Колку е позастапено користењето, толку е поголема можноста за јазичен развој и напредување.

Во раноучилишната возраст учениците треба да имаат многу ситуации во кои слушаат, пишуваат, читаат и зборуваат. Па така, користењето на јазичните вештини потребно е да биде употребувано во најразлични контексти, како што се слушањето и зборувањето со врсниците и со возрасните, споделување и зборување за прочитаното или напишаното. Развојот на јазичните вештини е од глобално значење и интегрален дел на севкупниот развоен процес, но и негова основа, бидејќи без развиени јазични способности процесот на учење е речиси невозможен. Од друга страна, овој процес на здобивање со јазични компетентности е процес на постојано напредување, а не процес преку кој се остваруваат само одредени примарни цели, предвидени според наставните програми.

# I дел

## Теоретски основи на проблемот на истражувањето

## 1. Терминолошки определби и толкувања на основните поими

Во трудот се споменуваат, објаснуваат, анализираат и споредуваат повеќе поими кои се појдовна основа на предметот на магистерскиот труд. Најчеста примена на поими што се застапени во трудот, всушност оние што се во директна поврзаност со предметот на истражувањето се следните: наставен план и програма, наставник, наставни материјали.

Поблиското и прецизното определување на суштината на поимите се врши преку нивно дефинирање и толкување. Со тоа се исклучува можноста тие да бидат погрешно или различно разбрани.

Со оглед на тоа дека **наставните материјали** се најопшт носечки поим врз кој е изграден севкупниот концепт на трудот, потребно е овој поим да биде посебно толкуван. Па така, според Лексикон образовних термина (2014), наставен материјал е вид на наставен лист т.е. наставно помагало што е регистрирано во 30-тите години на 20 век. Суштината на примената на наставниот материјал е адаптација на наставата на индивидуалните карактеристики и претходното знаење на студентите. Наставниот лист е хартија или картичка од која едната страна има кратка содржина, односно информација што треба да ја научат учениците, задача или упатства за нејзино решавање, а на другата страна решението на таа задача или точниот одговор. Решението може да биде и на следниот лист од серијата или на посебна картичка. Идејата на швајцарскиот педагог Р. Дотран, кој прв теоретски ги разработил видовите и практичната примена на наставниот материјал/наставен лист е секој ученик да добие соодветна „фише (риба)“ (Франц. Фише - карта, лист, ливче) со задачи, во зависност од неговите претходни знаења, способности и интереси. Учениците ги решаваат задачите индивидуално, со свое темпо и на начин што најмногу им одговара. Наставникот ја следи работата на учениците, помага онаму каде што е потребно, дава дополнителни објаснувања, упатства, совети и по решавањето на целата тема организира тест на знаење и го оценува постигнатиот успех. Наставниот лист може да содржи дополнителни информации кои укажуваат на користење на дополнителни извори, поширока литература, изведување експерименти и слично,

но важно е ученикот да дојде до решението со самостојна работа. Дури тогаш може да продолжи кон решавање на следниот работен лист од серијата.

При определувањето и толкувањето на поимот **наставник** се поаѓа од еден релативно постар извор – Enciklopedijski recnik pedagogije (1963), според кој „наставникот е општ израз за лице кое реализира настава. Во потесно, постаро значење: наставник во граѓански и виши училишта. Наставниците стекнувале образование во вишите педагошки школи по Втората светска војна. Наставници се нарекувале оние просветни работници кои работеле во погорните одделенија на седумгодишните и осумгодишните училишта. До денес тој назив во практиката се употребува за сите просветни работници кои работат во основното училиште". Во овој извор се истакнува општото значење на поимот и институциите во кои работи.

Во Педагошкиот лексикон (Pedagoski leksikon) со потесно значење се наведува дефиницијата за поимот „наставник, кое претставува лице квалификувано за изведување на наставата, за воспитно-образовната работа со деца, млади и возрасни. Наставникот треба да има широко и темелно општо образование, добро да ја познава дисциплината што ја предава, да ги познава психолошко-педагошките и методичките основи на наставата и воспитанието, како и да има човечки квалитети неопходни за наставничката професија".

Според Адамчевска (1996), пак, „активната настава значително ги видоизменува улогата и позицијата на наставникот. Тоа претставува мошне значаен момент кој може да има третман на индикатор за методичко-дидактичката трансформација на наставата како нејзино обележје".

Дефинирањето на поимот **наставен план**, според Лексикон образовних термина (2014), е основен училишен документ на кој се темели наставата. Ги определува задолжителните и изборните предмети што ќе се изучуваат во училиште, со збир на часови по предмети, активности и часови. Предметите кои ќе бидат застапени во наставната програма се одредуваат врз основа на потребите на општеството, потребите на учениците, културните, уметничките, научните и

техничките барања, како и врз традиционалните и современите општествени вредности. Постојат различни класификации на наставниот план во зависност од употребените термини.

Во Педагошкиот лексикон (1996), поимот наставен план е „основен документ кој ги идентификува предметите што се изучуваат во одредена образовна институција, нивниот распоред по учебна година, неделниот и годишниот фонд на часови за секој предмет, а со тоа и структурата на училишните програми“.

При определување на поимот **наставна програма,** во Педагошкиот лексикон (1996) со потесно значење се наведува дефиницијата дека „наставната програма е документ со кој се одредува содржината на наставните предмети, обемот и сложеноста на знаењата и навиките што треба да ги совладаат учениците во текот на учебната година, редоследот и логиката на презентацијата на предвиденото со наставниот материјал, а кое во однос на обемот на тежината треба да се усогласи со возраста и претходно стекнатото знаење на ученикот.

Додека пак, според Лексикон образовних термина (2014), наставната програма се дефинира како „училишен документ којшто ја одредува содржината, обемот и длабочината на образованието, како и редоследот на изучување на содржините по предмети. Наставната програма ја одредува содржината за секој предмет. Наставниот план и програма се меѓусебно поврзани: нема наставна програма без наставен план и обратно. Обемот, длабочината и редоследот на учење на наставната содржина се три димензии врз основа на кои предметната структура се разликува од научните дисциплини на кои се засноваат предметите: научна дисциплина и дидактички преобразена во наставен предмет во однос на обемот, длабочината и структурата на содржината, а со тоа и приспособена на возрасната различност на учениците. Постои сличност, но не и идентитет помеѓу научната дисциплина и содржината на темата. Обемот на наставната содржина ја одредува широчината на знаењето, квантумот на фактите и длабочината и сложеноста на нивото на генерализации што треба да ги стекнат учениците. Обемот на знаењата во наставната програма е регулиран во просторни, временски,

нумерички, вокабуларски и други концентрични кругови, во зависност од дидактичко-логичката структура на материјалот на одделните предмети. Просторните концентрични кругови се однесуваат на предмети во кои доминира изучувањето на просторните, нумеричките и вокабуларните односи“.

Структурата на наставната програма го одредува редоследот на изучување на содржините на одделните предмети во една или повеќе паралелки. Постојат три начини на дистрибуција на наставната содржина во наставната програма: линеарен или последователен, концентричен и комбиниран. Во линеарен, последователен распоред, тој е содржан во една или повеќе класи, една по друга, тема по тема. Откако ќе се обработат темите, на нив не се навраќа. Во основното училиште, научната сложеност на содржината мора да се приспособи на психолошките можности на учениците на одредена возраст. Имено, научната едноставност треба да се разликува од психолошката едноставност: она што е едноставно за науката е сложено за учениците; тука е развојот на науката и нејзината научна структура и развојниот тек на учениците и нивната психолошка зрелост. (Лексикон образовних термина (2014).

## 2. Методиката како научна дисциплина

Преку педагошката научна диференцијација се оформиле голем број научни педагошки дисциплини. Секоја од нив јасно го дефинирала својот предмет на истражување. Во педагошката диференцијација и методиката го зазема своето место, која, исто така, има свој предмет на проучување.

Во 1986, според Marinković „методиката најчесто се дефинира како педагошка дисциплина што се занимава со организација и реализација на воспитанието и образованието во рамките на одделните наставни предмети“, или како „педагошка дисциплина што ги проучува законитостите на воспитанието и образованието со посредство на еден наставен предмет, односно наставно подрачје“.

Врз основа на многубројните дефиниции, се констатира дека како предмет на поучување, методиката зазема еден сегмент од реалниот живот – воспитанието и образованието, но за разлика од нив тоа го прави со посредство на определен, конкретен наставен предмет. Затоа и методиките се именуваат според името на наставниот предмет. Така настанале конкретните методики, како на пример: методика на наставата по македонски јазик, методика на наставата по математика, методика на наставата по историја итн.

Определувајќи го својот предмет на проучување, методиката продолжува со натамошно развивање на системот на методските дисциплини. Во таа смисла, освен методиките на одделни наставни предмети, може да стане збор и за методики на потесни наставни подрачја, како што се: методика на наставата по почетно читање и пишување, методика на културата на читањето, методика на културата на усното и писменото изразување итн. (Делчева – Диздаревиќ, 2020)

Со унапредувањето на воспитно-образовниот процес, предметот на поучување на методиката се проширува и покрај наставата опфаќа и други облици на воспитно-образовна работа. Со методиката се опфаќаат и: домашните работи, слободните ученички активности, читањето на лектири, дополнителна и додатна настава т.е. се опфаќаат сите облици на воспитно-образовната дејност што се дефинирани во еден наставен предмет.

Во секојдневниот живот, терминот методика се употребува и во некои други конотации, како на пример, начин за воведување во некое предметно подрачје. Затоа се вели дека некое воведување или водење методски единици било добро или лошо изведено, односно, дека некој наставник, професор е добар стручњак, но слаб методичар. Според Делчева-Диздаревиќ (2020) „Методиката, според тоа, претставува мост, кој од една страна ја поврзува воспитно-образовната теорија со практиката, но од друга страна ја поврзува и практиката со соодветната теорија“. Ваквата улога на методиката како мост за двонасочно комуницирање на релација теорија – практика и обратно, најубаво се согледува со реализацијата на воспитно-образовната работа во училиштата.

Заради ваквата поставеност на методиката, методичарите често се наклонети да тврдат дека таа „не е само наука, туку и нешто повеќе од наука“. Оваа определба не треба да се сфати како некој недостаток или деградација на методиката. Напротив, и кога станува збор за начинот на воведувањето или на самата практика при воведувањето во некое предметно подрачје, односно, и кога методиката е теорија и кога се поврзува со практичната работа, покрај научната, секогаш е присутна и една друга компонента – компонентата на умеење, односно, умешност во водењето, која, пак, е чисто лична, поединечна и неповторлива. Затоа и се вели дека методиката е и повеќе од наука. „Итрината со која наставникот ги наведува учениците да откриваат, осмислувањето на сценариото за изведување на наставата, методските идеи при изведувањето, драматургијата при самата реализација и етичката димензија што се манифестира во комуникацијата на наставникот со учениците, сето тоа го прави оној посебен вид креативност која не произлегува од потребата на научното размислување“. (Marinković, 1986)

Според горенаведеното, пак, може да се заклучи дека методиката не е статична, туку наука што е постојано во развој, во зависност од тенденциите за унапредување на целта и карактерот на воспитанието и образованието, како и развојот на науката за еден соодветен наставен предмет.

## 2.1. Методиката на наставата по наставниот предмет Македонски јазик и нејзиниот предмет на проучување

Методиката на наставата по предметот Македонски јазик најчесто се дефинира како наука што „ги пронаоѓа и ги предлага најефикасните методи со чие посредство се реализираат основните цели и задачи на овој наставен предмет: негувањето љубов кон својот јазик, културните придобивки и културното наследство на својот народ, запознавањето со одбрани литературни дела на својот народ и народностите, како и од светската литература, заради разбирање, доживување и толкување на книжевноста како уметност на зборот“. (Pedagoška edciklopedija, 1989)

Според дефиницијата, може да се констатира дека методиката на наставата по Македонски јазик ги открива, проучува и средува сознанијата за воспитанието и образованието со содржини од наставниот предмет Македонски јазик. Стекнатите сознанија се основа врз која се темелат организацијата и реализацијата на наставата. Во рамките на својот предмет на проучување, методиката на наставата по Македонски јазик посебно ги проучува: целите и задачите на наставата по македонски јазик, организацијата и реализацијата на наставата, користењето на наставните методи и средства при обработката на наставниот материјал, облиците на наставната работа, постапките при формирањето на одделни поими од значење на јазикот, методската интерпретација на одредени наставни содржини, изборот и распоредот на наставниот материјал, следењето на ученичкиот напредок итн.

Методиката на наставата по предметот Македонски јазик е тесно поврзана и со други науки, како што се: науката за јазикот и книжевноста, педагогијата, дидактиката, психологијата и други.

Крајните заклучни сознанија укажуваат на тоа дека врз основа на предметот на поучување, методиката на наставата по Македонски јазик е педагошка дисциплина, додека пак, според начинот на кој проучува, таа е интердисциплинарна наука, бидејќи е тесно поврзана и со други науки. Методиката на наставата по Македонски јазик, според сопствените сознанија е автономна и самостојна наука, бидејќи сознанијата ги темели врз основа на истражување во рамките на сопствениот предмет на поучување.

## 2.2. Наставата по предметот Македонски јазик и нејзиното значење

Анализата на детското учење открива неколку фактори кои го засилуваат процесот предавање - учење. Наставниците треба да бидат свесни за нивото во планирањето на наставните стратегии.

Во 2015, Тофовиќ-Ќамилова и Томевска-Илиевска истакнуваат дека „стратегиите за јазично описменување на учениците „се потпираат“ на неколку основни принципи на наставна работа и тоа:

**Моделите на учење се индивидуални.** На секое ниво од детскиот развој има разлики помеѓу индивидуите. Како што децата физички се разликуваат во градбата на телото, така се разликуваат и во способностите за учење. Ова се забележува кај деца од иста возраст во едно одделение: тие поседуваат индивидуални интереси, ставови и начини на кои ги развиваат јазичните вештини. Секое дете во училницата претставува уникатен збир на социјални, емоционални и воспитни искуства. Сите овие фактори меѓусебно се поврзани и комбинирани на комплексни начини и влијаат на тоа како децата одговараат на учењето. Секое ново искуство се филтрира преку детското индивидуално искуство,така што сите деца кои учествуваат во заедничкото искуство нема на ист начин да ги совладаат концептите или степенот на вештина.

**Учењето е развојно.** Усвојувањето на јазичните вештини е процес на градење. Тоа постепено се развива со додавање на нови концепти кон она што веќе се знае - кон шемата што претходно е направена. Децата можат да сфатат онолку информации колку што им дозволува нивната когнитивна способност. Пијаже и другите ги маркирале нивоата низ кои поминуваат децата и квалитативните разлики во размислување карактеристични за секое ниво.

**Мотивацијата влијае на учењето.** Она што луѓето го прават свесно се прави со некоја причина. Денешните деца во училиштата имаат посебна мотивација. Тие растат со гламурот и пасивноста на телевизијата, а некои од нив никогаш не искусиле задоволство во поставување и исполнување на задачи. Водењето на децата низ разни искуства и помагањето да развијат позитивни ставови претставуваат предизвик и потреба.

**Процесот на учење секогаш бара поддршка.** Знаењето или вештините кои се научени или развиени, но не се употребуваат, брзо се заборават. Откако децата ќе совладаат некоја вештина треба многукратно да ја применат во мисловни ситуации за да не ја заборават. Вештината мора континуирано и позитивно да се употребува сѐ додека не стане автоматска. Важно е децата често да се поттикнуваат во работата. Позитивната повратна информација е охрабрувачка и ја нагласува точноста. Во исто време, препознавањето на грешките им

овозможува на децата да ги поправат пред тие да бидат изнудени од праксата. Кога добро ќе направат нешто, децата треба да се пофалат.“

Процесот на јазичното описменување започнува најпрво преку проценка на способностите на учениците, откако ќе се утврдат посакуваните цели, наставниците се тие кои треба да проценат колку учениците се способни за да ги остварат тие цели. Начинот преку кој наставникот може да ја увиди способноста на учениците е преку набљудувањето на она што пишуваат или зборуваат, како слушаат или читаат и преку голем број други форми за проценка на способностите на учениците.

Исто така, процесот на развој на јазичните вештини на учениците треба секогаш да биде следен и евидентиран од страна на наставникот. Наставникот е потребно постојно да бележи за јазичниот напредок на учениците. Напредокот на учениците може да се следи преку правење на анегдотски белешки, листи за проверка на напредокот на учениците итн.

При развивањето на јазичните вештини, наставниците им помагаат на учениците при решавањето на задачите што се предвидени за првиот дел од наставниот час. Меѓутоа, при решавањето на задачите мошне ефективна е и групната форма на работа т.е. работа во мали групи. При користењето на оваа форма на работа најголем бенефит имаат учениците, бидејќи полесно комуницираат меѓу себе, разменуваат сопствени искуства, учат едни од други итн. Во последниот дел од наставниот час е предвиден заклучокот на часот, односно да се процени колку учениците ја совладале предвидената содржина. Повратната информација наставникот може да ја добие преку организирање на неформална дискусија на прашања кои се јавиле во текот на работата, или прашања што се применуваат за да се види колку децата сфатиле или научиле. Ваквиот начин на повратна информација има придонес кон понатамошното планирање на наставните часови, всушност доколку при одговарањето на прашања се покаже дека учениците ги оствариле предвидените цели, тогаш може да се премине кон усвојување на нови јазични концепти, но, доколку наставникот забележи дека учениците имаат проблем при совладувањето на предвидените содржини, тогаш

треба да се испланираат дополнителни јазични активности за понатамошна работа.

Современите образовни состојби во нашата земја и воведувањето на деветгодишното основно образование, изготвувањето на нови наставни програми кои содржат силна компонента на развојност, поддржани од новите учебници одат во насока на менување на концептот на јазичното описменување. Евидентно е дека на теоретско ниво целосно е прифатен пристапот на сеопфатност на јазичните вештини што донекаде се рефлектира и во наставната практика. Тоа, во прв ред, се однесува на глобалното читање и користењето на детската литература во наставата уште на почетокот на образованието. Самиот процес на јазичното описменување со тоа е „порелаксиран“ и „продолжен“ на две учебни години. Така е поддржан и процесот на индивидуализирање на „учењето“ на јазикот во кој често се почитуваат предзнаењата како репери за сите натамошни активности на „јазичното поле“. Нема строги граници за тоа кога треба да започне формалното учење на читањето и пишувањето, бидејќи за некои ученици тоа е можно уште во прво одделение. Севкупниот процес за унапредувањето на работата на полето на развојот на јазичните вештини, повеќе или помалку е поддржан од учебниците по македонски јазик. Во некои од нив се наоѓаат рецидиви од минатото, како на пример: паралелно изучување на печатни и на ракописни букви кои се слични според своите графеми и затоа полесно се усвојуваат на тој начин, но од друга страна тоа го забавува процесот на совладувањето на читањето, бидејќи колку побрзо ќе се усвојат печатните букви толку побрзо и ќе се развие способноста за читање. (Тофовиќ-Ќамилова и Томевска-Илиевска, 2015)

Значењето на еден наставен предмет и неговото учество во формирањето на ученичката личност може да се разгледува од повеќе аспекти. Одделни автори различно и ги дефинирале тие приоди. Според однесувањето на ученикот во наставниот процес, некои автори тие приоди ги оформиле и како посебни подрачја. Така, на пример, според таксономијата на Блум, со која тој поблиску ги одредува воспитно-образовните барања што се однесуваат на нивото на знаењата, вештините и навиките, а како достигнувања се очекуваат од ученикот, постојат три вакви подрачја:

- ✓ **когнитивно подрачје –** со него се одредуваат „воспитно-образовните цели во врска со репродукцијата или препознавањето на знаењата, како и со развитокот на интелектуалните способности и вештини“. Со други зборови, ова подрачје ја зафаќа интелектуалната (образовна) сфера, „која се согледува во порастот на знаењата и вештините, како и на развивањето на способностите“;
- ✓ **афективно подрачје –** во ова подрачје се опфатени „целите во кои се опишани промените на интересите и ставовите во однесувањето“, со посебно нагласување дека „внатрешните чувства се исто толку значајни како и надворешните манифестации“;
- ✓ **манипулативно (воспитно) подрачје -** во ова подрачје „се наведени задачите и проблемите што треба да ги реши ученикот, ако прифатил или во себе развил одреден вид однесување“, односно, „оспособеноста на ученикот да ги применува тие задачи и проблеми во нови ситуации“. За да може да се докаже дека ученикот може успешно да го примени своето знаење „докажува тоа што тој со него коректно ќе се служи во ситуација кога не се одредени патиштата и начините на решавање“. (Делчева-Диздаревиќ, 2003)

**Воспитната функција** на наставата по Македонски јазик е од големо значење. Преку оваа функција наставата, а особено преку анализата на текстовите, се создаваат големи можности за воспитно влијание врз учениците и за развивање на нивните психички функции. Гледано од овој аспект, може да се констатира дека наставата по наставниот предмет Македонски јазик има поголемо влијание врз воспитувањето на учениците отколку кој и да е друг наставен предмет во основното образование.

Наставата по предметот Македонски јазик во основното училиште овозможува учениците да развиваат нови позитивни особености, а со тоа да се изгради и нивниот морален лик. Всушност, оспособување на учениците да го развијат говорот како средство за усно и писмено изразување, како и мислењето.

Говорот и мислењето, всушност, тесно се поврзани и меѓу нив постои одредено единство.

Наставата по предметот Македонски јазик придонесува и за развој и на други психички процеси и способности кај ученикот. Така, на пример, паралелно со развивањето на мислењето и говорот се развива и способноста за забележување на она што е важно во некоја појава или во карактерот на одредена личност. Исто така, се развива вниманието, како неопходен услов за успешно следење на наставата, истрајноста во учењето и во работата, потоа, способноста за набљудување, помнењето, фантазиите, се будат интересите кај учениците итн.

**Образовното значење** на наставата по Македонски јазик се согледува преку образовната можност со која учениците се здобиваат со одредени основни знаења од областа на јазикот, народната и уметничката книжевност. При интерпретација на разновидните научно-популарни и уметнички текстови, басни, бајки, народни приказни, раскази и други содржини, кои честопати опфаќаат проблеми со општествените и природните појави, на учениците им се дава можност да се стекнат и со дополнителни знаења од областа на природните и општествените науки, а со тоа да го прошират и збогатат своето образование.

Исто така, преку наставата по предметот Македонски јазик учениците се запознаваат со првата писменост, односно ја совладуваат техниката на читањето и пишувањето за да развијат навика за убаво писмено изразување на мислите и чувствата, навика за правилно, свесно и изразно читање итн. На тој начин учениците се оспособуваат самостојно да ја користат книгата како избор на знаења.

Доброто познавање на сопствениот јазик овозможува следење на наставата и по другите наставни предмети преку кои се овозможува систематско и организирано понатамошно образование на повисоко ниво, можноста за вонаставно читање, како и понатамошно самообразование.

**Практичното знаење** на наставата по Македонски јазик ги подготвува учениците за усно и писмено комуницирање во секојдневниот практичен живот.

Комуникацијата како и писменоста денес се неизбежни за да се биде во тек со современиот начин на живот.

Преку писменоста и користењето на книгите се унапредува сопствениот живот, сопствениот хоризонт, односно сопственото усовршување. Преку читање на списанија и весници, преку гледањето на филмови и телевизиски емисии, човекот живее со настаните во светот. Користењето на книгата му помага на човекот да го подобри својот живот.

## 3. Јазично описменување

Јазикот е составен дел на секојдневното живеење на човекот. Тој го одразува она што го мислиме или што го правиме. Развивањето на јазичната писменост во современи услови може да се имплементира низ различни активности. Учењето на јазичните вештини не смее да биде ограничено ниту само на една јазична вештина ниту пак на само одредени шаблонизирани процеси кои се повторуваат во секојдневната наставна практика. Развојот на јазичните вештини е холистички процесуиран. Зборувањето, читањето, пишувањето и слушањето секогаш се развиваат со помош на одредени содржини кои упатуваат на активности кои произлегуваат од самата суштина на одделните јазични вештини. Холистичкиот концепт ја нагласува сеопфатноста на јазикот и инсистира на природност во развојот на овие вештини. Токму поради тоа микропедагошките услови упатуваат на активности за насочена интегрирана употреба на јазикот, како на пример: слушање на информација која треба да се спореди, оцени и испланира; зборување т.е. разговор со другарите и возрасните, објаснување и пишување на извештаи, пишување на состави, белешки, текстови, читање на раскази, детска литература и друго. Овој концепт не го исклучува формалното подучување на одредена јазична вештина. Меѓутоа, тоа бара грижливо планирање и имплементација, при што сите јазични вештини имаат еднаков статус. Тоа впрочем е основата на сите наставни активности во сферата на развојот на јазичната писменост. Микрометодското моделирање на подучувањето, според овој концепт бара добро познавање на четирите основни аспекти на

вештините на јазикот: слушање, зборување, читање и пишување. Вака разбрано, јазичното описменување тргнува од фактот дека читањето и пишувањето се тесно испреплетени со останатите јазични вештини што води кон успешна реализација на програмата на почетното описменување. (Тофовиќ-Ќамилова и Томевска-Илиевска, 2015)

За да се има ефективна настава преку која учениците ќе ги развиваат јазичните вештини, наставникот треба да обезбеди соодветни услови, односно да подготви сопствена програма за работа секако во согласност со наставната програма по Македонски јазик и нејзино операционализирање со целта што треба да се постигне. Обезбедувањето на соодветен јазичен модел е исто така еден од важните предуслови за да се постигне ефикасна настава, како и развој на јазичните способности на учениците.

Во 2015, Тофовиќ-Ќамилова и Томевска–Илиевска истакнуваат дека „Јазикот се развива преку интеракција со стимулативната околина поради што учениците постојано треба да имаат надворешни стимулации кои ќе ги охрабрат да зборуваат, пишуваат, читаат или слушаат. Секако дека јазичната стимулација најдобро ќе се реализира во услови на неформално подучување, особено преку играта, преку користење на најразновидни материјали, почитувањето на индивидуалните разлики во степенот на развиеноста на јазичните вештини. Тоа ќе придонесе за развој на своевиден „личен јазик" и развивање на индивидуален комуникациски потенцијал. Ова донекаде ќе ги амортизира постепените воведувања во вообичаените форми и конвенции на јазикот. И покрај тоа што децата се разликуваат по однос на личниот културен и социјален „background", во процесот на развојот на јазичните вештини тие треба да ја совладуваат и употребата на општо прифатените норми и конвенции на јазикот. Поради тоа децата треба да се поддржуваат во компетентната употреба на јазикот. Ова е можно само во услови кога во наставата ќе се обезбедат максимални услови за честа употреба на јазикот".

Развојот на јазичните вештини на учениците е од големо значење за севкупниот развоен процес, бидејќи без развиени јазични способности, процесот

на учење е речиси невозможен. Од друга страна, овој процес на здобивање со јазични компетентности е процес на постојано унапредување и не е процес само на остварување на одредени цели предвидени според наставната програма.

### 3.1. Развој на јазичното описменување

Описменувањето е процес кој се развива кај учениците уште од најрана возраст и тој претставува процес кој е во континуитет. Преку него се стекнуваат основни знаења од различни подрачја на повеќе наставни предмети во воспитно-образовниот процес. Па според тоа постојат различни видови на описменување: јазично описменување, математичко, картографско, ликовно и други. Потребно е да се нагласи дека јазичното описменување е основа врз која се темелат сите други описменувања.

Јазичната писменост, според Адамчевска (1997), претставува квалитетна категорија, додека почетното читање и пишување има третман на нејзина основна и почетна фаза. Во таа смисла синтагмата настава за почетно читање и пишување означува методско-интерпретативен систем на постапки кој резултира со стекнување на примарна јазична писменост. Основите на базичното описменување се всушност дадени во целите на наставата по Македонски јазик во почетните одделенија (прво, второ и трето одделение) кога завршува изучувањето на латиничното писмо. И покрај своето големо значење, јазичното описменување не е единствено програмско подрачје. Имено, во првиот образовен циклус во наставата по македонски јазик, застапени се многу програмски подрачја кои развиваат и зајакнуваат различни јазични аспекти. Базичното описменување е интегрирано преку овие подрачја и може да се зборува за интрапрограмска интеграција.

За да се започне со процесот на почетното описменување кај учениците потребно е уште на почетокот да се дијагностицира нивната иницијална „писменост“. Секој ученик е различен и има различни искуства. Разликите се евидентни во однос на јазичните капацитети на учениците. Тие се во најтесна корелација со семејните услови, мајчиниот јазик, организираното воспитание од

најрана возраст, социјалниот и културниот контекст и индивидуалните разлики. (Goodman, 2000).

Оттука, според Томевска-Илиевска (2020) „мислењето, говорот и писменото изразување се во дијалектичко единство, меѓусебно се дополнуваат и без можност целосно да се одделат. Учењето на читањето и пишувањето влијае врз развивањето на процесот на мислење, врз развивањето на општата семиотичка способност, влијае врз начинот на размислување, класифицирање и врз помнењето и разбирањето“.

Како најмал елемент е гласот кој може да се забележи и да се издвои во еден изговорен збор. Луѓето имаат способност да слушаат гласови, да ги именуваат и со нив да составуваат зборови. Внесувањето на гласот во значењето на зборот се нарекува фонема. Фонема е најмала јазична единица и сама по себе издвоена нема значење, доколку не станува збор за одредени сврзници, помошни гласови и слично. Кога повеќе фонеми ќе се здружат се формираат зборовите. А токму процесот на учење на читање започнува со развивањето на фонетската свест, тоа претставува сфаќање дека зборовите се составени од фонеми и способност да се манипулира со нив.

Според Burns, Griffin, & Snow (1999) „фонолошката свест се однесува на општото увидување „дека усниот јазик има структура одделна од значењето, се грижи за структурата на самите зборови, без разлика дали се еднословни или повеќесложни“.

Поаѓајќи од наведените сознанија, при запознавањето со буквите се користи гласовниот метод.

„Флуентноста во читањето почнува кога учениците се оспособени да ги слушаат и да ги препознаваат поединечните гласови во говорот, кога знаат дека изговорените зборови и слогови се состојат од серија изговорени гласови и кога ќе увидат дека ако се смени една буква во зборот тоа може да го смени и значењето“ (Teele, 2004). Вежбањето на фонолошката свест се одвива од полесни вештини на

идентитет и изолација на фонемите, кон потешки вештини, како што се: категоризација, групирање и сегментација.

Во 2020, Томевска-Илиевска истакнува дека „процесот на гласовно расчленување на зборот и синтеза е тесно поврзано со неколку јазични вештини: пишување и читање. На пример: детето ќе го слушне зборот „мама“. Детето едновремено го гледа зборот во пишана форма. Потоа започнува мисловниот процес на расчленување на зборот на составните букви м-а-м-а, при што детето веќе знае дека на секој глас му припаѓа некаква буква, односно дека секоја буква е различен глас. На ниво на мисловна активност детето ги пронаоѓа соодветните букви за гласовите (м, а, м, а). Потоа ги визуелизира и гласовите ги слуша „во глава“. Шифрирањето е следната фаза во која секој глас се заменува со соодветна буква. Потоа, дешифрирањето се прави така што секоја буква се придружува кон соодветниот глас“.

## 4. Култура на писмено изразување

### 4.1. Особини на писменото изразување

Културата на писменото изразување, заедно со културата на усното изразување, претставува значајно предметно подрачје на наставата по Македонски јазик која има задача да ги оспособи учениците своите знаења, мисли и чувства, своите ставови и размислувања по кое и да било прашање од животот итн., да ги изразат логички и граматички правилно во писмена форма. Задача на училиштето, имено не е само да ги описмени учениците во буквална смисла на зборот, односно учениците да ги научат ракописните букви и со нив да можат да пишуваат зборови, реченици и елементарни состави. Поимот писменост е многу поширок и се темели на тоа да го оспособи ученикот лесно и разбирливо, а потоа и содржински богато, разновидно стилски писмено да се изразува, како и да може низ најразновидни форми писмено да комуницира. (Делчева-Диздаревиќ, 2003)

Писменоста не е вродена, таа е резултат на долготрајна и трпелива работа, на постепено учење и вежбање. За таа цел треба, според степенот на развиеноста

на учениците, тие постојано да вежбаат да пишуваат разни видови писмени работи, распоредени по јасно одреден ред и степенувани според тежина. Со постојано вежбање може да се постигне мошне голема развиена култура на усно и писмено изразување.

Значењето на писменоста, според тоа, се поврзува со општото значење на книгата во секојдневното живеење. Во книгите се собрани сите знаења и културни богатства што ги стекнало човештвото во својот историски развој. Тие знаења на почетокот, како што е познато, се пренесувале усно на младите генерации. Меѓутоа, со пронаоѓањето на печатницата, книгата станала најсигурно средство за пренесување на животното и работното искуство, за собирање и за чување на културните вредности, како и за нивно пренесување на идни генерации. (Делчева-Диздаревиќ, 2020)

Писменото изразување е различно од усното и се совладува потешко. При усното зборување се обраќаме на личност што нè слуша, додека со писменото обично соопштуваме некому нешто што не нè слуша, односно не е присутен. Преку усното изразување освен со зборови, се изразуваме и со посебна интонација, јачина на гласот, се употребува понагласено изговарање на некои зборови, се употребуваат мимики или гестикулации, односно преку усното изразување овозможуваме поголемо внимание и доживување на кажаното за оној што нè слуша. Додека, пак, при писменото изразување, зборовите се избираат повнимателно, а и самата содржина е појасна и позбиена. Покрај внимателно одбирање на зборовите, тука спаѓа и соодветната употреба на граматичките и правописните правила. На тој начин може да се заклучи дека писменото изразување како форма е мошне посложено и потешко од усното, затоа што бара поголемо внимание и одговорност.

Наставниците во воспитно-образовниот процес имаат поголеми барања од учениците кога станува за писменото изразување. Од нив се бара поголема точност и постојано вежбање преку пишување на писмени вежби.

Писменото изразување е во тесна врска со сите други јазични способности, па како дел од способностите е и јазичното описменување. Според Томевска-Илиевска (2016) „успехот на децата во читањето е тесно поврзан со нивните други јазични способности. Вештината за читање се базира врз усниот јазик, а познавањето на зборовите и на граматиката овозможува да се извлече значењето на текстот. Од друга страна, способноста за слушање на јазикот и разликувањето на гласовите го олеснува стекнувањето на вештини за препознавање на зборови. Пишувањето и читањето се тесно поврзани, бидејќи тие се заемни вештини и способности. Процесот на читање вклучува користење на комплексен збир од меѓусебно поврзани вештини и способности. Тие ја вклучуваат способноста за запознавање на зборовите преку фонетска, морфолошка и структурална анализа или преку нивно барање во речникот. Овој процес вклучува и организирање и осмислување на она што е прочитано. Сето ова бара една сеопфатност на активности за размислување. Текстовите можат да се разберат со различен степен на разбирање во зависност од развиеноста на вештините за размислување. Тие степени можат да бидат: буквални или да се сведуваат на заклучоци, а како повисоки се третираат степените на проценување и степените на вреднување“.

## 4.2. Содржини на наставата за писмено изразување

Во наставата по предметот Македонски јазик се применуваат различни содржини на вежби. Тоа може да се содржини од секојдневниот живот на учениците, содржини според нивното искуство, интересите, доживувањата, желбите, како и настани од околината што ги опкружува. Изборот на содржините за писмено изразување на учениците не треба да се ограничува, бидејќи животот на ученикот и животот од околината што го опкружува се разнообразни.

Содржината на вежбите за писмено изразување треба да биде добро позната на учениците, да буди интерес и љубопитност кај нив за соодветно и правилно да се применува. И на тој начин ќе се поттикнат на размислување и фантазија, како и правилно да ја доживеат содржината.

Изборот на содржините за писменото изразување треба да биде усогласен со индивидуалните можности на учениците. Доколку содржините ги надминуваат интелектуалните способности на учениците, како и доколку содржините не влијаат доволно мотивациски на учениците, нема да се постигне никаков успех.

Според Делчева-Диздаревиќ (2003), за писмени состави можат да се применуваат и содржини од непосредната реалност. Тоа посебно се однесува на содржините од обработените литературни текстови, карактерните особености на ликовите од прочитаните литературни дела, свое видување за одредена телевизиска или театарска претстава итн. Со други зборови, како содржина за писмено изразување на учениците може да послужи сето она што го поттикнува нивното размислување и имагинација и го збогатува нивниот речник со нови зборови и убави изрази.

## 4.3. Избор и формулирање на тема за писмено изразување

За правилно писмено изразување потребно е да се направи и правилен избор како и јасна формулација на темата на која ќе пишуваат учениците. Исто така, содржината за којашто ќе пишуваат учениците треба да им е позната, интересна и разбирлива, затоа што само на тој начин ќе се поттикнат за писмено изразување и ќе можат да ги искажат своите мисли. Со правилен избор и тема, учениците ќе можат да воспостават врска со содржината и ќе се поттикнат да размислуваат и убаво писмено да се изразат.

За да се провери дали содржината за предвидената тема им е позната на учениците, наставникот прво истата треба да ја примени како говорна вежба, на тој начин ќе увиди дали учениците имаат познавања за неа. Пред да се пристапи кон писмено изразување на зададената содржина, на учениците треба да им се појасни тоа што не им е јасно и да бидат поттикнати да употребуваат убави изрази и зборови.

Во 2020, Делчева-Диздаревиќ вели дека „за да можат учениците да ги усвојат правилата на нашиот литературен јазик и успешно да ги применуваат во секојдневната говорна и писмена комуникација, треба добро да се избере текстот

врз основа на кој учениците ќе ги учат и вежбаат граматичките и правописните правила. За таа цел можат да послужат разни извори: одреден текст, писмена задача на учениците, правописна грешка итн., се разбира приспособени на интелектуалните можности на учениците. Од вештината на наставникот зависи изборот на текстот со која учениците ќе ја разберат јазичната појава или правописното правило што треба да се усвои.“

Особено значаен проблем при пишување на писмените состави е сфаќањето на зададената тема, бидејќи доколку темата е лошо разбрана од страна на учениците, таа ќе ги насочи кон сосема друга тема, а за да не се случи тоа, наставникот секогаш треба да даде основни појаснувања за поимите содржани во насловот.

## 4.4. Вежби за писмено изразување

За да се изработи добар писмен состав според зададената тема како и да се избегне оддалечување од неа, пред да се започне со пишувањето, наставникот треба да направи план кој ќе им служи на учениците како патоказ по кој ќе се водат и ќе го напишат писмениот состав. Преку планот за пишување на писмениот состав треба точно да се одредат рамките на темата, нејзините составни делови што ќе бидат подредени по хронолошки редослед, да се кажат основните податоци и факти и на тој начин учениците да ги поврзат во една јазична целина.

Исто така, план за пишување на одредена тема може да состават и самите ученици, на тој начин тие постепено ќе се осамостојуваат и оспособуваат за самостојна работа. При самостојното определување на планот за пишување на одредена тема, ученикот самостојно се определува и кон појавата за којашто ќе пишува како и заземање на став за таа појава, изборот на факти што ќе ги внесе во содржината, редоследот на мислите и друго.

На планот за пишување треба да му се посвети соодветно внимание од причина што секоја писмена вежба може да биде несоодветно напишана како и да биде надвор од рамките на зададената тема. Планот, всушност е потсетник кој ќе ги поттикнува учениците за мисловна активност и креативност и бидејќи во него

се дадени основните информации и факти, ќе ги насочува учениците кон правилна и добро смислена писмена вежба.

Конечно, со него се обезбедува и систематичност во излагањето, што треба да има свој вовед, разработка и заклучок. Како и кај говорните вежби, најголемо внимание и простор треба да зазема излагањето за сметка на воведот и заклучокот.

### 4.4.1. Видови писмени вежби

Имајќи ја предвид сложеноста на писмените работи, нивната намена и начинот на изведувањето, писмените вежби во основното образование можат да бидат најразновидни. Затоа, во педагошката литература и најразлично се класифицираат. Во 2003, Делчева-Диздаревиќ истакнува дека „според некои автори, обично се распоредени во две основни групи:

- **писмени вежби –** имаат задача со увежбување да ги унапредат компонентите на писменоста без кои не може да се има добро писмено изразување и да се елиминираат тешкотиите и пречките што ја отежнуваат работата во развивањето на писмениот израз;
- **писмените состави –** тие по форма се послободни и содржински побогати.

Други автори, пак, писмените работи во основното образование ги делат на:

- **репродуктивни –** служат за вежбање на веќе научените знаења иако и кај нив не се работи исклучиво за чиста репродукција;
- **продуктивни –** преку нив ученикот самостојно, на свој начин и речник ги изнесува своите мисли, чувства, доживувања“.

Доколку се има предвид принципот на систематичност и постапност во наставата, односно доколку се започне со најелементарни писмени вежби и се заврши со најсложени писмени состави, најдобро е писмените вежби да се применуваат во наставата според нивната сложеност, односно учеството и самостојноста на ученикот во нивната изработка. Доколку се поаѓа од овој

критериум, писмените работи во основното образование можат да се поделат на три групи: **несамостојни писмени вежби**, **полусамостојни писмени вежби** и **самостојни**, односно **слободни писмени состави**.

### 4.4.1.1. Препишување

Како најпрост вид на писмена вежба е препишувањето и преку него се развиваат механичките техники за правилно пишување. Тоа е почетен стадиум преку кој се воведуваат учениците во писменото изразување, исто така, претставува и основа на другите посложени видови на писмени вежби. За примена на овој вид писмена вежба, учениците можат да препишуваат од табла, од учебник или од некој друг напишан текст.

При примена на препишувањето, како и кај другите видови писмени вежби, треба да се оди постепено од поедноставно кон посложено, односно: се започнува со препишување само на букви и зборови, потоа кратки реченици, а подоцна се препишуваат и цели текстови. Покрај тоа што преку него учениците ја усовршуваат техниката на пишување, препишувањето придонесува и да се развие вниманието на децата, точноста, уредноста и дисциплината, како и овозможува развој на естетското пишување.

Со препишување, како вид писмена вежба, треба да се почне уште од почетокот на описменувањето, речиси уште со изучувањето на првата буква, ако предвидува букварот одвоено изучување на печатните букви и читање и на ракописните букви и пишување на печатни букви. На пример, се започнува со (пре)пишување на новоизучената буква за да научат учениците како се пишува правилно и убаво; потоа се препишуваат зборови за да се сфати групирањето на буквите во целина – зборот; се препишуваат и реченици, преку кои, покрај усовршувањето на техниката на пишување; постепено се навлегува и во сфаќањето на конструкцијата на реченицата во македонскиот јазик и усвојување на некои граматички и правописни норми. (Делчева-Диздаревиќ, 2003)

При препишувањето од големо значење е учениците постепено да ја усвојуваат и применуваат техниката на препишување. Во почетокот, кога таа сè

уште не е доволно развиена, учениците имаат обичај да погледнуваат по секоја напишана буква. Но, подоцна треба да се навикнуваат да го запомнат целиот збор или реченица, а потоа и да ги пишуваат целосно, без прекин.

Препишувањето како вид писмена вежба во основното образование има значајна улога во развојот на писмената култура, а посебно во формирањето на правописните навики кај учениците. Покрај тоа, со овој вид писмени вежби се поставуваат и темелите на убав ракопис, кој подоцна ќе добие индивидуални карактеристики. На почетокот наставникот треба почесто да применува ваков вид на писмени вежби, со тоа што постојано ќе избира за препишување делови од текстот и задачи кои ќе одговараат на програмските цели кои што се предвидени да се постигнат.

### 4.4.1.2. Диктат

Процесот на пишување или пишаниот говор по ништо не е помалку важен од усниот или гласовниот говор, иако постојат мислења дека пишаниот процес е од второстепено значење. Можеби тоа била причината што на пишувањето не му се посветувало доволно внимание, како и во научната литература така и во практиката.

Испитувањата покажале, како што вели Лав Виготски „дека развојот на пишаниот говор по ништо не ја повторува историјата на гласовниот говор и дека сличноста на овие два процеса повеќе е надворешно симптоматична отколку суштинска“ (Vigotski, 1960). Пишаниот говор, исто така, не е обично преведување на гласовниот говор во писмени знаци, ниту е мајсторство на пишаниот говор или обично совладување на техниката на пишување. Диктатите се такви форми на восприемање на содржините при кои аудитивно, моторните и визуелните перцепции претставуваат единствен процес низ кој текстот исто така може да се предава буквално или со насочени промени. Диктатите служат, главно, за повторување, применување и вреднување на стекнатите знаења од граматиката.

Диктатот во пониските одделенија претставува тешка задача за учениците. Затоа при употреба на диктатите во наставата треба да се пристапува многу

внимателно. Во текот на диктирањето, ученикот текстот го доживува како акустична претстава. Додека пишува, ученикот е фокусиран да го памети текстот, мора да внимава на диктирањето, да ја задржува мислата во себе и да обрне внимание на пишувањето. Комплексноста на сите овие активности може да го оптоварии ученикот со провоцирање на одреден отпор на диктат на одвраќање и замор. Заради тоа, кога се употребува диктатот треба да се има предвид следното: речениците кои се диктираат мора да бидат јасни, едноставни и разбирливи; речениците треба да бидат соодветни за возраста на ученикот; брзината на диктирањето треба да биде во согласност со брзината на природното зборување; правилен избор на текст за диктат, кој би одговарал на целта и барањата на диктатот; за време на диктирањето наставникот да биде во мирна положба, бидејќи на друг начин може да го одвлече вниманието на ученикот; кога е предвиден диктат, прво се чита целиот текст а потоа се диктира; после диктирањето, наставникот повторно го чита целиот текст, за учениците да го проверат напишаното; по можност, диктирањето да се одвива преку цели реченици; да не им се диктира на учениците кога се преморени; да бидат мотивирани за диктирање и да се подготват за такво нешто. (Николовска и Николовски, 1983)

### 4.4.1.3. Примена на диктатите во наставата по Македонски јазик

Диктатот е корисен и охрабрувачки во процесот на следење, проверување и оценување на пишаното изразување на ученикот и знаењето на јазикот. Диктатот може да биде во функција на проверка на новоучени јазични појави во последната фаза на часот во обработувањето на новиот материјал. Особено примената на диктатот е функционална во процесот на вежбање, односно за проверување на совладаниот јазичен материјал. На крајот, диктатот може да биде главна компонента во оценувањето на знаењето и примената на граматичките и правописните норми. Диктатот може да се искористи и во подрачјата кои се занимаваат со речникот. (Lekic, 1991)

Всушност, диктатите вклучуваат слушање на текстот што го чита наставникот, постапно изговарање на зборовите и речениците на самиот текст што

е предвиден. Диктатот во голем број случаи придонесува учениците да се оспособат за правилен говор (правоговор). Наставникот се подготвува за диктирање на избраниот текст со правилна употреба на говорниот јазик, односно соодветна интонација, темпо, акцентирање како и соодветни паузи. При диктирањето, наставникот треба зборовите и речениците да ги изговара јасно, разбирливо, гласно и со правилни гласовни артикулации.

Според тоа, со диктатот може да бидат опфатени сите четири вредности од наставното подрачје:

Неизбежно диктатот го вклучува и јазичното изразување со оглед на тоа дека во центарот на вниманието е слушањето на изговорениот текст, запишување по диктатот и читање на запишаното. Пишувањето го вклучува и развива ракописното писмо (краснопис) што тесно е поврзано со моторичката способност и вештина. Креативните диктати му овозможуваат на ученикот креативна употреба на јазикот. (Lekic, 1991)

При примена на диктат во наставата по предметот Македонски јазик, наставникот текстовите треба да ги усогласи во зависност од индивидуалните можности на учениците, на почетокот може да применува поедноставни текстови, а со текот на времето да ги усложнува, односно преку принципот на систематичност да оди од поедноставно кон посложено.

Најдобро е да се пронајде соодветен текст заситен со јазична појава или јазични појави кои сакаме да ги провериме, односно да ги вежбаме. Меѓутоа заситеноста на текстот со потребна јазична појава не е доволна за да го користиме текстот во вежба на диктат. Посебно е важно да одбраниот текст биде јазично-стилски модел разбирлив за учениците, комуникациски преоден, актуелен, може да се каже животен, интересен, како и воспитно и културолошки вреден. Дозволена е и некоја промена на некој авторски текст, сѐ со цел да биде во функција на потребниот јазичен поим кој нам ни е во центарот на вниманието. Со диктат треба да се започне кога децата ќе ги совладаат повеќе од половината букви, но некои методичари сметаат дека треба кога ќе ги научат сите букви.

Диктирањето треба да почне со пишување на реченици кои се поедноставни, кои не содржат повеќе од два до три збора. (Lekic, 1991)

## 5. Програмско подрачје: Почетно читање и пишување

### 5.1. Значење на програмското подрачје Почетно читање и пишување за наставата по предметот Македонски јазик

Во нашиот воспитно-образовен систем не се посветува доволно внимание на методиката на убавото пишување. Формирањето на вештината за убаво пишување е индивидуална и кај секој човек е различна. Со унапредувањето на технологијата и следењето на модерните трендови се занемарува писмената форма на комуникација бидејќи почетното пишување се автоматизира и го губи шармот на убаво нацртаните линии. Сето тоа ни кажува колку е важна улогата на наставниците во описменувањето на учениците, односно учењето да читаат и пишуваат, затоа што тоа што добро ќе го совладаат во училиште останува и за цел живот. Оттука и наставата по програмското подрачје Почетно читање и пишување е мошне сложен и деликатен процес. Преку неа учениците се оспособуваат да читаат и пишуваат.

Во 2020, Делчева-Диздаревиќ истакнува „Почетното читање и пишување, како составен дел од наставата по мајчин јазик, претставува темел на таа писменост, а воедно е и основа не само за оваа настава туку и за секоја друга настава воопшто. Врз темелите на знаењата, вештините и навиките што се стекнуваат со наставата по почетно читање и пишување, се гради сето она што може човекот да го прими и да го усвои од различните подрачја на науката и на уметноста. Со други зборови, почетната писменост претставува основа за натамошно образование и самообразование на младиот човек. Токму затоа, читањето и пишувањето, како две основни компоненти на писменоста, на современиот степен од развојот на нашето општество претставуваат неопходна потреба за секој наш граѓанин, како и негова законска обврска“.

Учењето во училиште започнува со оспособување на учениците да читаат и пишуваат. Преку тој процес со тек на време преку постојано вежбање, се усовршува сѐ додека не постигне висок степен на автоматизација. Наставата по Македонски јазик се темели најпрво да ги оспособи учениците да читаат и пишуваат, а од тоа зависи и успехот на самата настава.

За учењето да се чита и пишува потребно е учениците да имаат мотивација да научат за светот околу нив, да можат да се справат со информациите на брз и безбеден начин. Модерното време ја наметнува и потребата учениците да научат да читаат и пишуваат што е можно поскоро сѐ со цел да можат да комуницираат со животната средина на едно ново и повисоко ниво. Кога учениците поквалитетно ќе ги совладаат вештините за читање и пишување, поквалитетно ќе можат и да се вклучат во општиот систем на комуникација.

## 5.2. Значење и развој на читањето

Читањето е една од најважните активности на човекот кој живее во современиот свет. Големиот број на печатени материјали од најразличен вид се извори на информации. Но, читањето на одреден вид на текстови - со уметнички карактер можат да развијат посебно задоволство, пренесувајќи ги емоциите на авторот. Преку читањето се овозможува и едукативно усовршување, во најширока смисла на зборот. Несомнено, оваа активност е едно од основните средства за учење. Заради тоа добриот читател треба добро да ја совлада техниката на читањето и да чита брзо и ефикасно. Читањето е активност која во формални образовни услови може да се именува како развивање на култура на читање. Тоа е поширока задача, која се остварува низ севкупниот образовен процес, а втората задача се однесува на активностите во рамките на наставата по мајчин јазик. Меѓутоа овие две активности не се исклучуваат. (Томевска-Илиевска, 2016) Основната цел на мерките во однос на читањето е да се усвојат навики и вештини за брзо читање, да се развие способност за целосно разбирање и доживување како и самостојно учениците да се служат со книгата.

Во 2009, Милатовић истакнува „вредностите со кои се изразува читањето се:

1. **Артикулација.** Тоа е правилен изговор на гласови. Потребно е да се води грижа за изговорот на гласовите во почетното читање, бидејќи од тоа зависи натамошниот квалитет на читањето. Најчеста грешка во артикулацијата е „голтањето на гласовите“, најчесто на крајот на зборот или испуштање на гласови. Артикулацијата е основен предуслов за добра дикција.
2. **Дикција.** Дикцијата е правилно и убаво изговарање на зборовите и речениците. Зависи од тежината на текстот, од говорните можности и степенот на развиеноста на способноста на читање. Добрата дикција зависи од јасниот изговор на зборови и реченици, начинот на нагласување (граматичко нагласување, односно правилно акцентирање), логично нагласување, нагласување на смислата на зборот во реченицата, психолошко нагласување – емоционална обоеност, емотивно нагласување и емотивен акцент; бојата на зборот (приспособување на бојата на гласот кон одредена ситуација со што се влијае на расположението на читателот).
3. **Интонација.** Тоа е музичката страна на говорот. Гласот природно се приспособува на говорната ситуација. Со подигнување и спуштање на гласот се постигнува складно и убаво читање.
4. **Ритам.** Наизменично менување на говорните елементи. Ритамот на поезијата е поинаков од ритамот на прозата. А, ритамот на лирската песна е поинаков од ритамот на епската песна.
5. **Темпо.** Темпото е должина на траењето на гласот при читањето. Но, таа може да биде и како брзина на читањето. Темпото на читањето е условено од говорната ситуација: природата на наративниот и лирскиот текст, драмска ситуација. Во зависност од ситуацијата брзото или побавното читање придонесува за убавината на читањето.
6. **Пауза.** Паузите се застој во читањето. Тие можат да бидат: граматички - одбележани со интерпункциски знаци, логички паузи - означуваат крај на одредена завршна целина, психолошки паузи - тоа се емоционално значајни паузи и изразуваат расположение.

7. **Јачина-интензитет на гласот.** Јачината на изразувањето на расположението и нагласувањето на говорните ситуации мора да биде мотивирана и природна.
8. **Визуелен контакт со слушателите.** Читателот мора да одржува визуелен контакт со читателот, бидејќи така проверува како слушателите го следат, и според тоа ја приспособува доверливоста на говорното изразување.
9. **Дискретност во гестови и мимики.** Гестовите и мимиките го следат секое добро читање. Тие треба да бидат едноставни и природни, а не вештачки и несоодветни на текстот.“

Читањето е една од најважните активности на човекот кој живее во современиот свет. Голем број на печатени материјали од најразличен вид претставуваат извори на информации. Но, читањето на одредени видови на текстови кои имаат уметнички карактер, пренесувајќи ги емоциите на авторот, можат да развијат посебно задоволство кај учениците. Преку читањето се овозможува и едукативно усовршување во најширока смисла на зборот. Несомнено, оваа активност е една од основните средства за учење. (Jewell & Zintz, 1986)

Техниката на читањето постојано може да се унапредува. Постојат разлики во читањето помеѓу почетник и искусен читател. Искусниот читател не ги гледа буквите туку зборот во целина и неговото значење. Со еден поглед го перципира целиот збор и неговите составни делови, а процесот на анализа се одвива речиси едновремено и автоматски (Burns, Griffin&Snow, 1999). Значи, искусниот читател не обрнува внимание на читањето, како посебна активност, туку на смислата на она што го чита.

Искусниот читател чита правилно, односно јасно го издвојува секој глас во зборот и секој збор во реченицата. Неговото читање е свесно и чита со разбирање. Ја разбира смислата на секоја реченица и на текстот во целина и чита изразно со што предизвикува одредени чувства и соодветни доживувања кога чита на глас. Карактеристиките на искусниот читател не треба да се развиваат сукцесивно, т.е. ученикот прво треба да научи правилно да чита, без да разбира што чита, потоа да

научи да го разбира тоа што го чита и на крајот при читањето да внесува емоции. Современата настава се организира на начин којшто ќе го стимулира симултаното развивање на сите три компоненти уште во периодот на почетното читање. Така на пример, дури и највисокиот степен на развиеност на уметничкото читање може да се претстави на самите почетоци, преку читање од страна на наставникот, којшто треба да послужи како модел. (Tomevska-Ilievska, 2020)

- **Глобалното читање како модел на читање**

Глобалното читање на лесен начин може да се користи од страна на наставниците и учениците, особено во периодот на воведување во овој сложен процес. Тоа е период во кој учениците треба да се охрабрат да „читаат“, иако не ги познаваат буквите, бидејќи на тој начин ќе стекнат самодоверба при користењето на различни печатени материјали и ќе се мотивираат за натамошен напредок. (Harrison, 2006)

Според Tofovic-Kjamilova & Tomevska-Ilievska (2013) „по својата структура и користење на современ метод за почетно јазично описменување, глобалното читање делумно отстапува од досегашните конвенционални форми на усвојување на почетните јазични вештини, вклучувајќи го во прв ред читањето. Од друга страна, пак, тоа се базира на два непобитни факти: 1. децата во секојдневниот живот, уште од најрана возраст се опкружени со пишани зборови кои влегуваат во нивниот читателски фундус; 2. децата светот што ги опкружува го перципираат во целина, вклучувајќи ги сите натписи, имиња, реклами, реклами на производи, наслови на сликовници, детски книги, познати брендови итн. Користењето на ваков пристап во периодот на почетното читање, од своја страна може да претставува своевидна тешкотија за негово користење, особено од страна на наставниците. Но, од друга страна, пак, користењето на овој метод може да биде многу ефективно за исполнувањето на „празниот“ образовен од кој може да се констатира во наставните програми по Македонски јазик за прво и второ одделение. Доколку се почитуваат основните принципи за користење на овој метод, наставниците набргу ќе ја почувствуваат големата мотивираност на

учениците за читање. Сепак, потребна е трпеливост затоа што јазичното описменување е процес којшто во нашите воспитно-образовни услови, во најелементарна форма, се реализира сѐ до крајот на третото одделение. Користењето на овој метод треба да се конципира врз основа на фундаменталните дидактички принципи и врз основа на еден современ концепт за подготовка за почетно читање – препознавање на големи печатни букви и глобално читање“.

Материјалите за поддршка на овој концепт треба да бидат богато илустрирани, да изобилуваат со слики и цртежи на предмети и теми од непосредната околина и од секојдневниот живот на децата. Секако дека играта е своевидна поддршка при користењето на овој метод. Неминовни се сугестиите за застапеност на дидактичките игри со сите дидактички елементи и стратегии, со крајна цел-подучување. Ваквиот вид на игри, пред сѐ се мисли на јазичните игри, ја зголемуваат мотивацијата, бараат активно учество од страна на учениците, учењето го прават поинтересно, ги зголемуваат вниманието и концентрацијата, резултираат со успех, проследени се со задоволство, исполнети се со ритам и хармонија и на тој начин го олеснуваат учењето. (Pavličević, 2005)

## 5.3. Значење и развој на пишувањето

Уште во првобитните заедници на луѓето, започнува и постоењето на пишувањето. Првите пишани знаци се симболите иако биле кратки и со повеќе значења. Со појавата на зборот се јавува потребата не само од користењето на пишувањето за оставање на информации, туку и од описи кои доведуваат до креативен облик на изразување. Па така, и првите симболи на ѕидовите, луѓето ги украсувале за да искажат нешто повеќе.

Пишувањето е моќ, а креативното пишување е моќ во повисока смисла и со крајна цел. Креативното пишување е лично, бидејќи на тој начин ги изложува идеите на писателот како и неговата способност да раководи со зборовите, јазикот и стилот. Пишувањето може да биде интензивно, затоа што на тој начин се

изнесуваат длабоко скриените мисли, и при пребарување низ мисловниот процес и нивно запишување вади голема енергија надвор. (Гогоска, 2020)

Овој чин на емотивност открива и голема сила кај „писателот“ почетник и го поттикнува кон понатамошно запишување на сопствените мисли, идеи и визуелни опсервации кои го поттикнуваат запишувањето да премине во креативна сила. Од големо значење е да се забележи тоа што мисловно поминува низ главата и да се преточи во зборови на хартија за да не биде мисла која некаде ќе се изгуби. Многу е важно да се забележи тоа што мисловно поминува низ главата и емоциите на хартија за да не биде мисла која дошла и која некаде ќе се изгуби. Потоа треба, кога „писателот“ е сигурен во тоа што го напишал да го постави некаде да биде достапно за читателите за да може да добие фидбек т.е. знак дали е тоа добро или не, дали е корисно или не. (Гогоска, 2020)

## 6. Програмско подрачје: Јазик

### 6.1. Значење на програмското подрачје Јазик за наставата по предметот Македонски јазик

Наставата по наставниот предмет Македонски јазик по програмското подрачје Јазик, е од големо значење за наставата по наставниот предмет Македонски јазик како и за наставата воопшто. Ова програмско подрачје има голем придонес во усното и писменото изразување на учениците, како и во практичните вредности за секојдневната говорна и писмена комуникација. Системот на знаења од граматиката и правописот претставува значаен предуслов за јазичната култура на секој поединец. Без основните знаења на кои се гради македонскиот литературен јазик не може да се зборува за писменост во поширока смисла на зборот, иако на тоа настојува наставата по предметот Македонски јазик.

Според Делчева-Диздаревиќ (2020) „граматиката и правописот, сами по себе, се апстрактни и нивното усвојување бара одреден интелектуален напор. Затоа, кога е во прашање основното образование, не се бара од учениците да усвојат опширни знаења од областа на граматиката и правописот, од нив се бара

да се запознаат со основните делови од граматиката и правописот, во зависност од нивните интелектуални можности. Со други зборови, учениците во првиот циклус од основното образование (прво, второ и трето одделение) се запознаваат само со најважните граматички и правописни правила што наоѓаат примена во секојдневното усно и писмено изразување со цел да се оспособат полесно да комуницираат на македонски литературен јазик“.

Изучувањето на граматиката и правописот во пониските одделенија од основното образование не треба да претставува издвоено предметно подрачје со строго определени наставни часови. Напротив, најелементарните граматички и правописни правила наизменично се интегрирани во текстовите за читање или во говорните и во писмените вежби. Затоа учениците со нив треба да се запознаваат врз конкретна јазична материја и во состав на целокупната наставна дејност, а не како учење напамет голи граматички дефиниции и правописни правила. Граматиката и правописот, ќе ја одиграат својата функција само ако се стават правилата во служба на говорното и на писменото изразување, односно ако служат за растење на општата култура и за посигурно практично владеење на литературниот јазик. (Делчева-Диздаревиќ, 2020)

На обработката на граматиката првенствено ѝ претходи и обработката на некое правописно правило, односно додека се поправаат правописните грешки што ги прават учениците преку своето пишување, се подготвува и постапка за обработка на некое граматичко правило. Па на тој начин и изучувањето на граматиката и правописот не треба да се одвојуваат, тие треба наизменично да се изучуваат во согласност со активностите за вежбање на истите.

Изучувањето на граматиката и на правописот не треба да се одвојува и од другите програмски подрачја на наставата по мајчин јазик: читањето, пишувањето, говорното и писменото изразување итн. Имено, читањето нема да биде логично и изразно ако не се сфаќа смислата на секој збор и реченица. Тоа, пак, зависи од тоа дали се правилно ставени интерпункциските знаци. При пишувањето не е сеедно дали е правилно употребена големата буква, а со тоа може

да се доведе во прашање и адекватното разбирање на зборот или на реченицата. (Делчева-Диздаревиќ, 2020)

Со секојдневна грижа и посветеност за правилно користење на јазичните форми од страна на учениците, тие ќе се поттикнат за правилно да ги користат, да ја развијат смислата за убавината на сопствениот јазик, како и да откријат богатството на мислите преку кои можат да ги искажат преку него. Во крајна линија, соодветната употреба треба да придонесе за подобрување на јазичната култура на учениците.

## 6.2. Избор на наставни материјали во наставата за програмското подрачје Јазик

Со цел учениците да ги усвојат нормите и правилата од наставниот предмет Македонскиот јазик и успешно да ги применуваат во секојдневната комуникација, треба соодветно да се одбере наставниот материјал преку кој учениците ќе изучуваат граматичките и правописните правила и ќе ги увежбуваат здобиените знаења. За таа цел, наставниците во процесот на реализација на наставата по наставниот предмет Македонски јазик можат да се послужат со различни помошни наставни материјали: различни говорни ситуации, соодветни текстови, писмени задачи со различно тежинско ниво за учениците, корекција на правописни грешки и сите наставни материјали да бидат приспособени врз основа на интелектуалните можности на учениците.

Во 2020, Делчева-Диздаревиќ истакнува дека „Како избор за реализација на граматичко или правописно правило можат да послужат и грешките што ги прават учениците во зборувањето и пишувањето. Тоа е и најдобриот начин учениците да ја согледаат вредноста на граматичките и на правописни правила и да настојуваат да ги поправат сопствените грешки“.

Мошне погодни за наставата по програмското подрачје Јазик по наставниот предмет Македонски јазик се текстовите во учебниците како и други видови текстови. Тие можат да се користат на различни начини во наставата: како подготовка за изучување на некое граматичко или правописно правило за

воочување и за запознавање на учениците со новиот наставен материјал како средство за повторување и за увежбување на содржините, сѐ со цел учениците да се стекнат со навики за правилно користење на изучените граматички и правописни правила.

Како погодни средства за обработка на одредени граматички и правописни содржини се и текстовите што ги составува самиот наставник. Тоа се таканаречени наменски текстови.

## 7. Дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали

Наставните материјали се ресурси што наставникот ги користи специјално дизајнирани за воспитно-образовната работа. Тие се материјални средства што ги олеснуваат наставните активности и се еден вид ресурс кој има улога на водич низ содржината на еден наставен предмет. Важно е да се напомене дека едукативниот метод на учење претставува збир на чекори што треба да се следат за да се генерира промена кај учениците, при што тие можат да ги зајакнат своите вештини и знаења.

Наставните материјали ги подготвува самиот наставник во согласност со индивидуалните можности на учениците и според содржините коишто треба да се реализираат во наставата по предметот Македонски јазик, како и да ги постигне предвидените цели во рамките на наставниот час. Исто така, постојат и многу специјализирани издавачи кои ги дизајнираат наставните материјали се со цел да ја осовременат и унапредат воспитно-образовната работа. Во зависност од начинот на кој се изготвуваат наставните материјали, нивната класификација може да варира. Исто така, важна улога има и видот на употребата за којшто се користат, просторот што го опфаќаат, активностите што се вклучени во самите наставни материјали или за тоа кон кого се насочени.

Според Лексикон образовних термина, 2014 „во зависност од индивидуалните способности на учениците за кои се наменети и од резултатите што се предвидени да се постигнат, наставниот лист може да има различни намени. Разликуваме четири типа наставни листови:

**1.** за **дополнување на знаењата** - наменети за ученици кои не ја совладале содржината, имаат одредени празнини во знаењето; прашањата од задачите на овие листови бараат познавање на важни факти и поими од оние делови од материјалот што учениците не ги совладале навремено и во доволна мера;

**2.** работните листови за **брз развој** на учениците содржат задачи или материјал што ги продлабочува барањата на наставната програма; тие се наменети за подобри ученици кои покажуваат поголем интерес за одредени содржини или делови од материјалот, а задачите најчесто се формулираат како проблематични, ја поттикнуваат интелектуалната љубопитност кај учениците, ги ангажираат мисловните процеси, бараат самостојно изнаоѓање начини за решавање;

**3.** работните листови за **самостојно учење** содржат постепено разработување на најважните содржини во однос на различни задачи од материјалот што допрва треба да се усвојат;

**4. практичен лист** - се користи за вежбање на обработените содржини за да се овозможи нивна издржливост и практична применливост. За разлика од претходните видови, тие не содржат информации, туку само задачи/прашања, упатства и објаснувања за самостојна практична работа“.

Наставните материјали го олеснуваат процесот на учење, преку нив се воспоставува врска меѓу наставникот и учениците и овозможуваат да се има структура со организирана содржина преку која наставникот а и учениците ќе имаат повратна информација за совладаните содржини. Тие се прилагодливи и да се користат со или без помош на наставникот, со нивно користење наставникот според целите на наставата може да ги применува индивидуално за секој ученик или во рамки на групна работа.

Дизајнирањето на наставните материјали е разновидно и може да бидат дизајнирани во различни контексти. Преку нивната употреба се мотивираат учениците, се поттикнува интерес и љубопитност за проблемот, се добива повратна информација, се увежбува наученото итн.

Дидактичко-методичкото дизајнирање на наставните материјали е поттикнато од потребата за осовременување на наставата по наставниот предмет Македонски јазик, при што наставниците ќе се стекнат со посебни дидактички компетенции, преку кои во својата наставна работа ќе придонесат во осовременувањето на наставата во основното образование.

Во 2017, Томевска-Илиевска истакнува „при дизајнирањето на секој наставен материјал, најпрво треба да се започне од целите коишто се предвидени за совладување на наставната содржина. Очекувано е при дизајнирањето на секоја работа, па и на секој дидактички модел одделно, да се тргне од поставување на **цели**, тие можат да се дефинираат како **општи**, или поточно **општо-дидактички**, **посебни** или **цели на наставата по наставниот предмет Македонски јазик** и **поединечни цели на одделни програмски подрачја** на наставата по предметот Македонски јазик (Јазик). Целите се примарни (но, не и единствени) условувачи за профилот на секој дидактички наставен материјал. Функцијата на наставните материјали е целите кои се дефинирани на ваков начин да се развиваат на долгорочно, среднорочно и краткорочно ниво. Оваа временска класификација на целите може да се протолкува на начин дека општите цели ќе се развиваат на долгорочно ниво, а преостанатите две цели ќе се реализираат на среднорочно и краткорочно ниво. При правењето на овие наставни материјали тоа е само целосно така, бидејќи и општите цели дури и посебните цели со оглед на своето значење во партиципирањето на развивањето на компетенциите на наставниците, по однос на стекнување на знаења и развивање на наставни вештини, можат да бидат и долгорочни, среднорочни и краткорочни. Сепак, концептот сугерира дека краткорочните цели во поголем степен се совпаѓаат со поединечните цели, карактеристични за целната насоченост на одделни карактеристики, кои се добро обмислени поддржувачи за остварување на најопштата цел на секој наставен материјал одделно. Во секој случај, остварувањето на целите е насочено кон учениците, кон развивање на навика за континуирано работење на сопствениот индивидуален развој, создавање на позитивна соработка на сите нивоа и во сите насоки, во наставата и надвор од неа.

Целите се формулирани така што овозможуваат нивна лесна мерливост преку формативноевалуирање“.

Како основни структурални елементи кои треба да бидат содржани во наставните материјали и ќе придонесат за подобро усвојување или повторување на предвидените наставни содржини во наставата по предметот Македонски јазик се: датум, име и презиме, одделение, наслов на наставниот материјал, назив на програмското подрачје (факултативно) итн.

Наставните материјали што се користат за реализација на целите со предвидената наставна содржина во наставата по предметот Македонски јазик, треба да бидат соодветно дизајнирани и да ги содржат сите потребни елементи за соодветна примена во наставата.

Покрај основните структурални елементи што се вметнати во сите наставни материјали, треба да се посвети и дополнително графичко-техничко уредување на истите. Првенствено, во наставните материјали потребно е да се користи разбирлив јазик, како и точни и јасни упатства за учениците. Упатствата со коишто се задава барањето за одредена задача треба да бидат со задебелени букви и да се разликуваат од преостанатиот текст, на тој начин ќе бидат лесно видливи за учениците.

При изработката на наставните материјали потребно е да се користи и соодветна големина на буквите во зависност од соодветните карактеристики на учениците, како и унифициран фонт, но во никој случај да не се користат фонтови со искривени букви (италик), бидејќи се тешко разбирливи за учениците.

Во зависност од тежинското ниво, наставниот материјал може да содржи и легенда и симболи за секој структурален дел како и за тоа дали наставниот материјал ќе се работи индивидуално или групно. Во зависност од изработката на наставниот материјал од страна на учениците, доколку наставникот има предвидено групна работа, во самиот наставен материјал треба да се одвои доволен простор за сите ученици кои учествувале во работата да си го напишат своето име и презиме.

Во однос на графичкото дизајнирање на наставните материјали треба да се одвои соодветен простор за пишување, дополнување или цртање во однос на тоа што треба да биде изработено или напишано од страна на учениците. Во случај ако станува збор за цртеж, треба да биде назначено соодветно место и простор за дополнителна изработка на цртежот, исто така учениците да имаат доволно простор за да ја искажат својата креативност. Ако во наставниот материјал се опфатени есејски или прашања со дополнување, во зависност од потребниот одговор, исто така, треба да се издвои соодветен простор каде што ќе пишуваат учениците.

Се препорачува, доколку во наставниот материјал се предвидени да се користат илустрации и слики, пожелно е тие да бидат отпечатени во боја, сѐ со цел на подобар начин да се истакне нивната цел за соодветна употреба.

На крајот од наставниот материјал, во зависност од степенот на оценување како и стандардите за оценување, треба да содржи соодветно место за истите. При групна работа, пак, наставниот материјал треба да е оценет на друг начин според соодветни стандарди за оценување на учениците, бидејќи во изработката учествуваат повеќе членови.

## 8. Релевантни истражувања

Глобалниот преглед на истражувањата кои се поврзани со осовременувањето на дидактичко-методичките наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик во наставата по наставниот предмет Македонски јазик за прво, второ и трето одделение, покажува дека истражувачите пројавуваат релативно не толку голем интерес за проучување на оваа проблематика. Малиот број пронајдени релевантни истражувања упатува на потреба од понатамошно проучување на оваа проблематика, особено заради тоа што наставната практика и искуствата во однос на дидактичко-методичките наставни материјали се доаѓа до сознанија дека постои потреба од осовременување на тие наставни материјали со цел да се унапреди целиот воспитно-образовен процес. Заради тоа, ова истражување ќе има можност да даде

придонес како дел од корпусот на истражувања кои даваат можност за развој на користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата.

На почетокот на трудот „Компетенции на учителите“ (Fajdetić & Galić, 2009, 98) се дава дефиниција за тоа што претставува поимот компетенција. Авторите во научниот труд истакнуваат дека поимот компетенција претставува ,,комбинација од знаења, вештини, ставови, вредности и навики кои на поединецот му овозможуваат активно и ефикасно да дејствува во одредена ситуација, односно професија. Авторите во овој научен труд истражуваат за постоењето на три (3) димензии на учителски компетенции, и тоа: професионална, педагошко-дидактичко-методичка и работна“. Во професионална компетенција авторите ги вбројуваат: нивото на општо знаење, способноста за планирање, способноста за изведување на задачите, учествување во проекти, самовреднување и вреднување, стручно усовршување. Во педагошко-дидактичко-методички компетенции авторите ги вбројуваат: познавањето и примената на педагошките теории и пракси, способноста за поучување и следење, креирањето на наставните содржини, планирањето и програмирањето на наставата, препознавањето и решавањето на образовните проблеми, разбирањето на социјалните и другите околности кои можат да влијаат на изразувањето и на однесувањето на учениците, поврзување на теориите и наставните методи стекнати во текот на образованието во наставната пракса. Според авторите, во работни компетенции, односно практично знаење, спаѓаат: вештината за соработка, тимската работа, чувството на одговорност, квалитетот на работата, познавањето на јазици, совесност – преземање одговорност, иницијатива, оптимизам – внатрешна мотивација и желба за работа, општа комуникациска и јазична писменост. Во истиот труд се идентификуваат уште неколку подрачја на нови компетенции, а меѓу нив се следниве: поучување со употреба на современа информатичка технологија, интеграција на децата со посебни потреби, работа во група со деца и мултикултурно мешани групи, менаџирање со училиштето и различни административни работи и решавање на конфликти.

„Педагошките компетенции на наставниците по македонски јазик во основното образование во Република Македонија“ (Здравевска-Томеска, 2018) е магистерски труд на м-р Гордана Здравевска-Томеска, која магистрирала на Филозофскиот факултет во Скопје. Трудот третира еден значаен проблем бидејќи користењето на наставните материјали во наставата, начинот и приодите на истата постапка, во голема мера зависат од наставникот и неговите педагошки компетенции, особено оние кои се однесуваат на наставата по предметот Македонски јазик. Заради тоа, истакнувајќи го значењето на наставникот како фактор, м-р Здравевска-Томеска во теоретскиот дел поопширно се задржува на професионалните компетенции на наставниците, при што дава и рамка на наставничките компетенции во истиот дел од трудот, таа елаборира проблеми врзани со средината за учење и нејзиното значење во наставата. Предмет на истражувањето е мислењето на наставниците за компетенциите кои влијаат за успешна реализација на наставата, а целта е да се процени кои компетенции на наставниците се потребни за остварување на овој предмет. Според резултатите добиени од истражувањето, наставникот се оценува како значаен фактор за успешното реализирање на наставата по предметот Македонски јазик. Тој треба да поседува широк степен на компетенции, а посебно да поседува педагошки компетенции. Испитувањата на мислењата на наставниците покажуваат дека тие правилно го разбираат значењето на поседување на педагошки компетенции во однос на успешноста во нивната работа. Своите компетенции тие ги развиле од стекнатото искуство, посета на семинари, обуки и работно-стручно усовршување. Потоа следува размена на искуствата и стручните истражувања.

Во книгата „Интерактивните пристапи во наставата“ (Томевска-Илиевска, 2015) од проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска, во издание на Филозофскиот факултет Скопје, истражувачкиот интерес е насочен кон прашањето за зајакнување на дидактичките компоненти на дидактичката настава при што наставата што се реализира во основни и средните училишта претставува средина и модел за развивање на дидактичките компетенции на наставниците. Овој пристап за развивање на дидактичките компетенции авторот го поддржува со интерактивна реализација на високо образовно ниво, односно иницијалното

образование на идните наставници. Според податоците добиени од истражувањето се дизајнирани автентични решенија врз кои се базира ваквиот пристап во развивањето на компетенциите. Накратко, трудот се занимава со теоретско втемелување на интерактивни наставни корпуси и конципирање на дидактички модели кои се втемелени на интерактивна настава. Трудот започнува со анализа на компетенции на идните наставници и нивните интерактивни вештини во високото образование. Така се создава основа на конзистентен дидактички концепт. Врз него се дизајнирани интерактивни дидактички модели и многубројни поддржувачки активности. Станува збор за едно мошне сложено истражување, акционо истражување со партиципативен, интерпретативен и дескриптивен карактер. Суштината на ваквиот начин на истражување што е составен од низа чекори во практиката и едновремено набљудување на тоа што се прави (партиципација), по што следува ревизија со крајна реконструкција на чекорите. Значи, истражувачот директно влегува во високо образовната настава (по предметот дидактика на македонски јазик), презема акции, го набљудува процесот и врши ревизија на модулите.

Како најзначајни согледувања добиени од ваквиот тип на истражување се издвојува податокот дека по завршувањето на студиските програми и наставните предмети, идните наставници ќе поседуваат знаења и систем на развиени вештини доколку во овие програми е предвидени и активности со апликативно значење. Овие предметни програми предвидуваат практични вежби во училиштата, но не се изоставува значењето на теоретските знаења. Наведено е дека во иднина е потребна ревизија на концепциската поставеност на наставата, во која со практична работа се започнува уште од првата година на студирањето, а се јавува потреба од тоа посебните дидактики да добијат задолжителен програмски статус и да се зголеми фондот на часови на овие посебни дидактики. Во практиката значајно е да се користат современи начини на реализација на наставата кои ќе влијаат врз квалитетот на знаењата. Знаењата кои ги добиваат од дидактичката група на предмети претставуваат трансфер на знаења кои ја засилуваат крајната ефективност на знаењата, а тие позитивно влијаат врз дидактичките компетенции на идните наставници.

# II дел

# Методологија на истражувањето

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето е дидактичко-методичката структура на наставните материјали коишто наставниците ги користат во рамките на реализација на наставата по предметот Македонски јазик, во рамките на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.

Истражувањето е спроведено во рамките на прво, второ и трето одделение од првиот образовен циклус во основното воспитание и образование.

Предметот е испитуван:

- ✓ од аспект на содржинска анализа на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик во наставните планови и програми по Македонски јазик;
- ✓ од аспект на континуираност, односно во наставата по предметот Македонски јазик, содржините од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик се временски континуиран процес кој се одвива низ повеќе етапи;
- ✓ од аспект на ставовите и мислењата на наставниците;
- ✓ од аспект на образовните потреби на наставниците;
- ✓ од аспект на содржинската и структуралната поставеност на наставните материјали што се применуваат за реализација на наставата по предметот Македонски јазик,
- ✓ и од аспект на дидактичко-методичкото дизајнирање на современи наставни материјали за наставата по Македонски јазик.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

**Целта** на истражувањето е насочена кон анализирање на програмската поставеност на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, испитување на ставовите, мислењата и образовните потреби на наставниците во однос на подготовката и користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по Македонски јазик, како и дидактичко-методичко

дизајнирање на современи наставни материјали за наставата по предметот Македонски јазик од прво до трето одделение.

### 2.1. Карактер на истражувањето

Проучувањето на проблемот се врши со **теоретско** и **емпириско** истражување со претежно **дескриптивен** карактер.

Истражувањето на проблемот во врска со дидактичко-методичката поставеност на наставните материјали според програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик во одделенската настава и нивното користење во наставата условуваат ова истражување да има **емпириски** карактер, со карактеристики на дескриптивно истражување. Ова истражување е емпириско, затоа што се испитуваат ставовите и мислењата на одреден број наставници по Македонски јазик кои предаваат во прво, второ и трето одделение. Истражувањето по својот карактер има квантитативни и квалитативни карактеристики. Истражувањето по својот карактер припаѓа и во категоријата на **теоретски** од причина што се прави теоретска анализа на релевантни извори на проблемот, како и на наставните планови и програми, на педагошката документација, изразена преку анализа на наставните материјали што наставниците ги користат во текот на реализација на наставата по наставниот предмет Македонски јазик.

## 3. Задачи на истражувањето

Вака дефинираниот предмет и цел на истражувањето упатуваат на реализација на повеќе задачи и тоа:

1. да се направи содржинска анализа на наставните планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик за прво, второ и трето одделение, во однос на програмската поставеност на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик;

2. да се испитаат ставовите на наставниците за компатибилноста на одделните содржински елементи во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

3. да се направи содржинска анализа на наставните материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик за наставниот предмет Македонски јазик (прво, второ и трето одделение);

4. да се испитаат ставовите на наставниците за подготовката и користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

5. да се испитаат образовните потреби на наставниците за подготовката и користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

6. да се испитаат дидактичките компетенции на наставниците за подготовка на современи наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

7. да се дизајнираат современи дидактичко-методички наставни материјали за реализација на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение).

## 4. Хипотези на истражувањето

Поаѓајќи од предметот и целта на истражувањето се поставуваат следните хипотези:

**Општа хипотеза:**

Постои потреба од осовременување на процесот на дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали и продлабочување на целната компатибилност на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик потребни за реализација на наставата во прво, второ и трето одделение.

**Посебни хипотези:**

**1.** постои потреба од продлабочување на компатибилноста на целите во рамките на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, потребни за реализација на наставата во прво, второ и трето одделение;

**2.** се претпоставува дека кај наставниците доминираат ставови за потреба од поголема компатибилност на одделните содржински елементи во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

**3.** се претпоставува дека при дизајнирањето на наставните материјали не се пристапува целосно според дидактичко-методичките, докимолошките и методолошките принципи за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

**4.** постои статистички значајна разлика во ставовите на наставниците од различни општини за подготвеноста и користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

**5.** наставниците имаат образовни потреби во процесот на осовременување при подготовката и користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

**6.** постои потреба од зајакнување на дидактичките компетенции на наставниците за подготовка на современи наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

**7.** се претпоставува дека понудените дизајнирани современи дидактичко-методички наставни материјали ќе претставуваат своевидна образовна поддршка на наставниците за реализација на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение).

## 5. Варијабли на истражувањето

Согласно поставените хипотези, во фокус на истражувањето се следниве варијабли кои имаат статус на **зависни варијабли**:

- ставовите на наставниците во однос на компатибилноста на одделните содржински елементи во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

- ставовите на наставниците за подготовката и користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

- образовните потреби на наставниците за подготовката и користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

- дидактичките компетенции на наставниците за подготовка на современи наставни материјали во наставата по наставниот предмет Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение);

- дидактичко-методичките наставни материјали дизајнирани од наставниците за реализација на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение).

Како **релевантна варијабла** се јавува општината во која работат одделенските наставници.

Категориите што се разгледувани во наставните планови и програми по Македонски јазик се:

- програмско подрачје Почетно читање и пишување во прво одделение;
- програмско подрачје Почетно читање и пишување во второ одделение;

- програмско подрачје Почетно читање и пишување (латиница) во трето одделение;

- програмско подрачје Слушање и зборување во прво одделение;

- програмско подрачје Слушање и зборување во второ одделение;

- програмско подрачје Јазик во трето одделение.

## 6. Методи, техники и инструменти

Во истражувањето доминира методот на анализа, поконкретно методот на содржинска анализа, методот на структурална анализа и методот на компаративна анализа. Во истражувањето се користат и научните методи: синтеза, апстракција, конкретизација и генерализација.

За добивање релевантни податоци се користат следните техники и инструменти:

### Техники на истражувањето

1. Анкетирање;
2. Анализа на педагошка документација.

### Инструменти на истражувањето

1. Прашалник за наставници;
2. Евиденциони листи.

### 1. Техника на анкетирање

Преку техниката на **анкетирање** наменета за наставниците од одделенска настава се добиваат податоци за образовните потреби, ставовите, мислењата и компетенциите на наставниците.

Изработен е **прашалник** за наставници со вкупно 17 прашања.

Тие содржат прашања од отворен, затворен и комбиниран тип на прашања.

## 2. Техника на анализа на педагошка документација (наставни планови и програми)

Во истражувањето е направена **анализа на педагошка документација,** поконкретно се анализирани наставните планови и програми по предметот Македонски јазик за прво, второ и трето одделение, со посебен фокус на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.

Преку анализата на наставните програми се согледува: содржинската и структурната поставеност на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик за прво, второ и трето одделение, како и компатибилноста на целната поставеност на наведените програмски подрачја.

## 3. Техника на анализа на педагошка документација (наставни материјали)

Во истражувањето е користена техниката на анализа на педагошка документација при **анализа на наставните материјали,** поконкретно се анализирани наставните материјали по наставниот предмет Македонски јазик за прво, второ и трето одделение за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. Наставните материјали ги користат анкетираните наставници и истите се изработени за потребите на наставата по наставниот предмет Македонски јазик.

Преку анализата на наставните материјали фокусот е насочен кон: содржинската и структурната поставеност на наставните материјали за прво, второ и трето одделение, како и компатибилноста на целната поставеност во наставните материјали.

Според податоците добиени од анализата на наставните материјали, кои се креирани од страна на одделенските наставници за потребите на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик во наставата по наставниот предмет Македонски јазик, како и од анализата на образовните потреби и ставови на испитаните ставови на наставници, се дизајнираат современи дидактичко-

методички наставни материјали за реализација на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик за прво, второ и трето одделение.

## 7. Популација и примерок

Во истражувањето се опфатени повеќе примероци и тоа:

- примерок на општини;
- примерок на основни училишта;
- примерок на наставници од одделенска настава;
- примерок на наставни планови и програми за прво, второ и трето одделение;
- примерок на наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик за прво, второ и трето одделение;
- примерок на дизајнирани дидактичко-методички наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик за прво, второ и трето одделение.

### 7.1. Примерок на општини

Во истражувањето се опфатени општините:

1. општина Карпош;
2. општина Кавадарци;
3. општина Неготино.

### 7.2. Примерок на основни училишта

Истражувањето беше реализирано во вкупно 18 основни училишта во 3 (три) општини: Карпош, Кавадарци и Неготино. Опфатени се 10 основни училишта од општина Карпош, 6 основни училишта од општина Кавадарци и 2 основни училишта од општина Неготино.

Табела бр. 1 Основни училишта опфатени во истражувањето

| Реден број | Назив на основно училиште | Општина |
|---|---|---|
| **1.** | ООУ „Лазо Трповски“ | Карпош |
| **2.** | ООУ „Братство“ | Карпош |
| **3.** | ООУ „Вера Циривири Трена“ | Карпош |
| **4.** | ООУ „Владо Тасевски“ | Карпош |
| **5.** | ООУ „Војдан Чернодрински“ | Карпош |
| **6.** | ООУ „Димо Хаџи Димов“ | Карпош |
| **7.** | ООУ „Аврам Писевски“ | Карпош |
| **8.** | ООУ „Јан Амос Коменски“ | Карпош |
| **9.** | ООУ „Петар Поп Арсов“ | Карпош |
| **10.** | ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ | Карпош |
| **11.** | ООУ „Гоце Делчев“ | Кавадарци |
| **12.** | ООУ „Тошо Велков Пепето“ | Кавадарци |
| **13.** | ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ | Кавадарци |
| **14.** | ООУ „Страшо Пинџур“ | Кавадарци |
| **15.** | ООУ „Димката Ангелов Габерот“ | Кавадарци |
| **16.** | ООУ „Димката Ангелов Габерот“ с. Ваташа | Кавадарци |
| **17.** | ООУ „ Гоце Делчев“ | Неготино |
| **18.** | ООУ „Страшо Пинџур“ | Неготино |

## 7.3. Примерок на наставници од одделенска настава

Во истражувањето беа анкетирани 175 одделенски наставници, односно 102 наставници од основните училишта во општина Карпош, 49 наставници од основните училишта во општина Кавадарци и 24 наставници од основните училишта во општина Неготино.

## 7.4. Примерок на педагошка документација

Како посебни субпримероци во истражувањето кои се опфатени преку анализата на педагошка документација се следните:

- наставен план за деветгодишно образование за учебната 2022/23 година;
- наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик за прво одделение (2007 година);
- наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик за прво одделение (2021 година);
- наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик второ одделение (2007 година);
- наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик второ одделение (2021 година);
- наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик трето одделение (2007 година).

## 7.5. Примерок на наставни материјали

Во истражувањето е направена анализа и на наставни материјали, кои се креирани и кои ги применуваат наставниците (одделенска настава) кои се опфатени со истражувањето од прво, второ и трето одделение на ниво на сите општински основни училишта коишто се опфатени преку истражувањето.

Во анализата на наставните материјали се опфатени вкупно 150 наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, односно 20 наставни материјали од програмското подрачје Слушање и зборување за прво одделение и 60 наставни материјали од програмското подрачје Почетно читање и пишување. За второ одделение се анализирани 29 наставни материјали од програмското подрачје Почетно читање и пишување и 5 наставни материјали од програмското подрачје Слушање и зборување. Додека, пак, за трето одделение се анализирани 9 наставни материјали од програмското подрачје Почетно читање и пишување и 17 од програмското подрачје Јазик.

## 8. Обработка на податоци

Во контекст на карактерот на истражувањето, карактеристиките на истражувачките техники и инструменти, во истражувањето е применета квалитативна и квантитативна обработка.

Добиените податоци од квантитативниот дел од истражувањето се обработени со постапки од дескриптивната и инференцијалната статистика, дистрибуцијата на фреквенција на резултатите е претставена табеларно и графички. Преку квалитативна анализа се обработени и анализирани следните податоци:

- наставните планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик од прво до трето одделение за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик;
- резултатите добиени од испитувањето на ставовите на наставниците и
- наставни материјали од програмските подрачја Почетно читање и пишување изготвени од страна на одделенски наставници за потребите на наставата по предметот Македонски јазик.

Обработката на податоците се изврши во неколку фази и тоа:

### 1. Подготовка на податоците за обработка

- шема за кодирање (кодирање на прашања од отворен, затворен и комбиниран тип);
- изработка (компјутерска) на матрица („варијабла *испитаници“) – база на податоци.

### 2. Статистичка анализа на податоците

- опис на варијаблата преку презентирање на дистрибуција на фреквенција;
- претставување на фреквенциите во проценти – дистрибуции на проценти;
- показател на состојбата на варијаблата – мерки на централна тенденција;
- мерки на варијабилност;

- Хи-квадрат – тест.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето се спроведува во неколку фази и тоа:

**I фаза:**

- изработка на студиски проект. Одделни проблеми во теоретската рамка на истражувањето се елаборирани за проучување истражувачкиот проблем. Студискиот проект е поткрепен и со избор на библиографија која се користи во понатамошниот тек на истражувањето;
- изработка на студиски проект во кој кандидатот подлабоко навлегува во повеќе проблеми опфатени со предметот на истражувањето;
- техничка подготовка на инструментите за спроведување на истражувањето;
- прибирање на релевантна педагошка документација.

**II фаза - теренско истражување:**

- барање согласност од локалните самоуправи (Сектор за образование) и доставување писмо за одобрување за спроведување на истражувањето;
- придружни дописи до проектните училишта;
- спроведување на анкетирањето;
- прибирање и класифицирање на инструментите;
- анализа на педагошка документација.
- анализа на наставни материјали креирани од страна на одделенски наставници за потребите на наставата по предметот Македонски јазик.

**III фаза - обработка на податоците:**

- подготовка на електронска матрица за внесување на податоци;
- внесување на добиените податоци;

- обработка на податоците и документирање со квалитативни и квантитативни анализи;
- графичко и табеларно претставување на добиените резултати;
- анализа и интерпретација на добиените резултати;
- дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали од страна на истражувачот;
- извлекување заклучоци и препораки.

# III дел

## Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето

## 1. Анализа на наставните планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик од прво до трето одделение за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик

Првата фаза во истражувањето се состои од повеќе чекори, кои всушност, еден со друг се надополнуваат во понатамошниот тек на истражувањето. Со користење на техниката анализа на педагошка документација во трудот се пристапува кон анализа на наставните планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик за прво, второ и трето одделение од првиот образовен циклус. Со анализата се опфатени програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик од прво до трето одделение. Резултатите од анализата на наведените наставни планови и програми претставуваат основа при анализата на последователните истражувачки сегменти во истражувањето кои се однесуваат на испитување на ставовите на наставниците кои наставата ја реализираат во првиот образовен циклус. Истите претставуваат појдовна основа и при анализата на дидактичко-методичките наставни материјали кои се користат за реализација на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик по наставниот предмет Македонски јазик. Со анализата се опфатени наставните планови и програми по наставниот предмет по Македонски јазик од прво до трето одделение од 2007 година и наставните планови и програми по наставниот предмет по Македонски јазик од прво и второ одделение од 2021 година.

Наставните планови и програми се основните официјални документи врз основа на кои се планира реализира и вреднува постигнувањето на учениците во текот на една учебна година. Во однос на структурата на наставните планови и програми може да се констатира дека постојат евидентни разлики и тоа:

- во називите на програмските подрачја;
- во годишниот фонд на часови;
- во фондот на наставни часови во програмските подрачја и
- во однос на структуралниот елемент цели/стандарди за оценување, содржини, поими и активности.

Од анализата на наставните програми од 2007 година може да се констатира дека во второ и во трето одделение се застапени програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. Со измените во новата концепција на наставните програми може да се забележи дека целосно е изоставено програмското подрачје Јазик. Анализата укажува дека постои диференцијација и интеграција на некои од содржините и поимите од програмското подрачје Јазик во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување.

Табела бр. 2 Компаративен преглед на фонд на наставни часови по програмски подрачја за наставниот предмет Македонски јазик според стари и нови наставни програми

| **Број на наставни часови по програмски подрачја** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Програмско подрачје** | **Стари наставни програми** | | | **Програмско подрачје** | **Нови наставни програми** | | |
| | **I** | **II** | **III** | | **I** | **II** | **III** |
| **Слушање и говорење** | 80 | 0 | 0 | **Слушање и зборување** | 70 | 40 | / |
| **Литература** | 60 | 0 | 0 | **Почетно читање и пишување** | 50 | / | / |
| **Изразување и творење** | 26 | 36 | 36 | **Литература, изразување и творење** | 50 | 60 | / |
| **Медиумска култура** | 20 | 10 | 10 | **Медиумска писменост и медиумска култура** | 10 | 15 | / |
| **Подготовка за почетно читање и пишување** | 30 | 0 | 0 | **Читање и пишување** | / | 65 | / |
| **Почетно читање и пишување** | 0 | 70 | 70 | / | | | / |
| **Јазик** | 0 | 20 | 20 | / | | | / |
| **Читање, литература и лектира** | 0 | 80 | 80 | / | | | / |
| **Вкупен број на наставни часови** | **216** | **216** | **216** | **Вкупен број на наставни часови** | **180** | **180** | / |

Според анализата на податоците прикажани во Табела број 1 може да се забележи дека евидентно се намалува годишниот фонд на наставни часови предвидени по наставниот предмет Македонски јазик. Во првиот образовен циклус (од прво до трето одделение) фондот на наставни часови по Македонски јазик според старите наставни програми изнесува 216 наставни часови, додека пак со измените донесени според новата концепција на наставните програми за прво и второ одделение, годишниот фонд изнесува 180 наставни часови. Тоа значи дека бројот на наставни часови во прво и второ одделение по наставниот предмет Македонски јазик е намален за 36 %.

Анализата во овој дел од истражувањето се однесува на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик т.е. Почетно читање и пишување и Слушање и зборување во коешто е интегрирано програмското подрачје Јазик од старите наставни програми, и истите се предмет на ова истражување. Програмското подрачје Слушање и говорење во прво одделение во старата програма го менува називот во Слушање и зборување во новата програма во истото одделение. Програмското подрачје Почетно читање и пишување во второ одделение во старата програма го менува називот во Читање и пишување во новата програма за второ одделение.

Може да се констатира дека фондот на наставни часови за прво одделение за подрачјето Почетно читање и пишување според новите наставни програми е за 9 % зголемен во однос на фондот на наставни часови од старите наставни програми. Додека пак, анализата на наставните програми за наставниот предмет Македонски јазик, покажува дека во прво одделение најголем број од часовите, односно 80 наставни часа или 37 % од вкупниот фонд на наставни часови се предвидени за реализација на програмското подрачје Слушање и говорење т.е. 39 % или 70 наставни часови во програмското подрачје Слушање и зборување според новите наставни програми.

Фондот на наставни часови на програмското подрачје Јазик според старите наставни програми за второ одделение изнесува 20 наставни часа или 9 % од вкупниот годишен фонд, додека пак во програмското подрачје Слушање и

зборување изнесува 27 % или 40 наставни часови. Притоа, може да се заклучи дека нема значајна процентуална разлика во однос на фондот на часовите во овие две програмски подрачја, кој изнесува од 33 % до 36 % од вкупниот фонд на наставни часови.

Според анализата на наставната програма за наставниот предмет Македонски јазик во глобални рамки може да се заклучи дека во трето одделение најголем број од часовите, односно 70 наставни часови или 32 % од вкупниот фонд на наставни часови се предвидени за реализација на програмското подрачје Почетно читање и пишување, а за реализација на програмското подрачје Јазик се предвидени само 9 % или 20 наставни часови.

Во продолжение направена е компаративна анализа помеѓу старите и новите наставни програми во однос на целите на наставата. Во старата наставна програма на почетокот се наведени општите цели што се однесуваат за целиот наставен предмет за соодветното одделение, а понатаму во секое програмско подрачје се наведени конкретни цели од кои произлегуваат содржините и поимите. Со анализата на новите наставни програми може да се констатира дека на почетокот на програмите се наведени националните стандарди за постигањата на учениците до крајот на основното образование, во областа на Јазична писменост, Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и култура. Националните стандарди се структурирани во две категории, и тоа: знаење и умеење и разбирање и прифаќање. (Национални стандарди за постигањата на учениците до крајот на основното образование, 2021) Структурата на секое програмско подрачје во новите наставни програми по наставниот предмет Македонски јазик содржи резултати од учење, содржини (и поими), стандарди за оценување и примери за активности.

Со конкретните цели кои се наоѓаат во старата наставната програма се посочени целите што треба да ги постигнат учениците во текот на целата учебна година, додека, пак, во новата концепција тие се претставени како стандарди за оценување. Стандардите за оценување се користат и при формативното и сумативното оценување на учениците, а конкретните цели според старите

наставни програми треба да се преформулираат во искази со цел да се користат при формулирање на формативна и сумативна оценка. Во новите наставни програми содржините и поимите се претставени заедно, додека пак во старите наставни програми се дадени одделно, во одделни колони. И во двете наставни програми, нови и стари, се дадени предлог активности коишто може да се користат при реализација на наставните содржини.

Според анализата на наставните програми во прво и второ одделение за наставниот предмет Македонски јазик, во програмското подрачје Слушање и говорење, односно Слушање и зборување, процесот на описменување на учениците се одвива преку поттикнување на учениците да развијат интерес и љубов кон Македонскиот јазик, да го користат говорот за воспоставување нови контакти и меѓусебно разбирање, да се поттикнат на активно слушање и разбирање на слушнатото, синхронизирано и правилно користење на вербална и невербална комуникација, слободно да ги изразуваат емоциите, доживувањата, ставовите и мислите. Во продолжение според новата наставна програма, учениците треба да се оспособат усно да прераскажуваат, раскажуваат и опишуваат преку користење на различни видови на реченици (прашални, расказни, потврдни, одречни реченици), како и да се оспособат за правилна говорна артикулација. Учениците треба да се оспособат за откривање на значењето на нови зборови и истите да ги користат во нови ситуации, да ги разликуваат гласовите и звуците според определени карактеристики, правилно да ги изговараат гласовите, да умеат да ги групираат зборовите и правилно да ги делат зборовите на слогови. Во второ одделение, според старите наставни програми, учениците започнуваат со изучување на броевите до 20 како видови на зборови, додека во новата наставна програма броевите до 100 и редните броеви до 10 се изучуваат во подрачјето Читање и пишување.

Постои разлика во однос на изучувањето на содржините и поимите во прво и второ одделение помеѓу наставните програми во програмското подрачје Почетно читање и пишување, односно Читање и пишување. На почетокот треба да се напомене дека новата наставна програма по Македонски јазик за прво

одделение соодветствува со старата наставната програма по Македонски јазик за второ одделение. Во прво одделение според старите наставни програми по Македонски јазик, учениците се запознаваат со поимите реченица, збор, глас, ги согледуваат карактеристиките на пишувањето, координираност на движењата при пишување (координација око-рака), препознавање на цели зборови, препознавање на големите печатни букви, додека пак според Концепцијата на новите наставни програми учениците веќе започнуваат и со почетно читање на зборови преку содржината Почетно читање-1, како и читање на цели текстови според содржината Почетно читање-2. Исто така, учениците започнуваат и со почетно пишување (печатни букви, мали букви, големи букви, точка, прашалник, извичник), односно изучување на целата азбука, со коешто се потврдува дека наставните програми по Македонски јазик за прво одделение соодветствуваат со старата наставна програма за второ одделение, бидејќи во нив е предвидено изучувањето на графичките симболи (печатни букви) за македонското кирилско писмо, усвојувањето на големите и малите печатни букви од целата азбука, пишување на голема печатна буква на почеток на реченица, како и пишување на сопствените имиња и усвојување на малите и големите ракописни букви преку поединечно пишување. Во новата наставна програма по Македонски јазик за второ одделение учениците се оспособуваат за читање со разбирање зборови, реченици, како и кратки текстови, пишување мали и големи ракописни букви според македонската азбука и правилно да ги применуваат при пишување на зборови и реченици, соодветна примена на интерпункциските знаци, како и пренесување на еден слог од состав на двосложен збор во друг ред.

При анализа на наставната програма по Македонски јазик за трето одделение, може да се согледа дека во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, предвидените содржини и цели се усложнуваат. Преку програмското подрачје Почетно читање и пишување, учениците се запознаваат со азбуката на латиница, се оспособуваат да читаат и пишуваат зборови и текстови со печатни и ракописни букви на латиница, додека пак преку програмското подрачје Јазик има утврдување на изучените содржини од претходните одделенија (расказни, прашални, извични, потврдни и одречни реченици, препознавање на

збор, слог и глас, интерпункциски знаци), а потоа усложнување на целите што треба да се реализираат, односно запознавање на учениците со граматиката, усвојување и препознавање на општи и сопствени именки, разликување на род и број кај именките, усвојување на придавки, глаголи, како и прости и редни броеви. Усложнувањето на целите е преку конзистентен начин, применувајќи го дидактичкиот принцип од полесно кон потешко.

Заклучните сознанија на овој дел од истражувањето укажуваат на тоа дека усложнувањето на стандардите за оценување и содржините (и поимите) што учениците треба да ги совладаат започнува уште од прво одделение според новата наставна програма. Ова усложнување на стандардите за оценување и содржините (и поимите) не е проследено со зголемување на фондот на наставни часови предвидени во наставните програми по Македонски јазик. Напротив, додека стандардите за оценување и содржините (и поимите) во прво одделение се усложнуваат, бројот на наставните часови опаѓа. Со ова се доведува до прашање можноста за реализација на поставените стандарди за оценување, односно за нивно формализирање.

## 2. Анализа на резултатите добиени од испитувањето на ставовите на наставниците

Во вториот дел од магистерскиот труд се анализираат и интерпретираат добиените податоци од спроведеното истражување преку техниката на **анкетирање,** наменета за наставниците од одделенска настава. Преку спроведеното анкетирање се добиваат податоци за образовните потреби, ставовите, мислењата и компетенциите на наставниците за потребите од дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.

Во продолжение се прикажани добиените резултати од спроведеното истражување, преку графичко и табеларно претставување на податоците, по што следува соодветна анализа на квантитативните и квалитативните податоци и нивна интерпретација. Добиените податоци од секое прашање поединечно се прикажани табеларно или графички, по што следува анализа и образложение на истите.

**Прашање број 1** Основни информации/општина

Графикон бр. 1 Примерок на општини во кои се реализира истражувањето




За потребите на истражувањето беше спроведено анкетирање на наставници од одделенска настава, во 3 (три) општини на територија на РС Македонија, односно во општините: Кавадарци, Неготино и Карпош. Најголема застапеност на анкетирани наставници, односно 58,3 % (102 наставници) има во општина Карпош. Во општина Кавадарци со истражувањето се опфатени 49 наставници (28 %), а со најмала застапеност од 13,7 % се опфатени 24 наставници од општина Неготино.

**Прашање број 2** Основни информации/основни училишта и паралелки во кои се реализира наставата по предметот Македонски јазик

Табела бр. 3 Примерок на основни училишта и паралелки во кои се реализира наставата по Македонски јазик

| **Назив на основно училиште и паралелка** | **Прво одделение** | | **Второ одделение** | | **Трето одделение** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** |
| ООУ „Гоце Делчев“ | 3 | 5.80% | 3 | 5.00% | 3 | 4.80% | **9** | **5.14%** |
| ООУ „Тошо Велков Пепето“ | 3 | 5.80% | 3 | 5.00% | 3 | 4.80% | **9** | **5.14%** |
| ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ | 3 | 5.80% | 4 | 6.70% | 3 | 4.80% | **10** | **5.71%** |
| ООУ „Страшо Пинџур“ | 2 | 3.80% | 2 | 3.30% | 2 | 3.20% | **6** | **3.43%** |
| ООУ „Димката Ангелов Габерот“ | 3 | 5.80% | 3 | 5.00% | 3 | 4.80% | **9** | **5.14%** |
| ООУ „Димката Ангелов Габерот“ – с. Ваташа | 2 | 3.80% | 2 | 3.30% | 2 | 3.20% | **6** | **3.43%** |
| ОУ „Гоце Делчев“ - Неготино | 4 | 7.70% | 4 | 6.70% | 6 | 9.50% | **14** | **8.00%** |
| ОУ „Страшо Пинџур“ - Неготино | 2 | 3.80% | 4 | 6.70% | 4 | 6.30% | **10** | **5.71%** |
| ООУ „Аврам Писевски“ | 1 | 1.90% | 1 | 1.70% | 2 | 3.20% | **4** | **2.29%** |
| ООУ „Братство“ | 3 | 5.80% | 6 | 10.00% | 4 | 6.30% | **13** | **7.43%** |
| ООУ „Вера Циривири Трена“ | 4 | 7.70% | 4 | 6.70% | 7 | 11.10% | **15** | **8.57%** |
| ООУ „Владо Тасевски“ | 4 | 7.70% | 4 | 6.70% | 4 | 6.30% | **12** | **6.86%** |
| ООУ „Војдан Чернодрински“ | 3 | 5.80% | 3 | 5.00% | 6 | 9.50% | **12** | **6.86%** |
| ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 3 | 5.80% | 4 | 6.70% | 3 | 4.80% | **10** | **5.71%** |
| ООУ „Јан Амос Коменски“ | 4 | 7.70% | 4 | 6.70% | 4 | 6.30% | **12** | **6.86%** |
| ООУ „Лазо Трповски“ | 3 | 5.80% | 4 | 6.70% | 1 | 1.60% | **8** | **4.57%** |
| ООУ „Петар Поп Арсов“ | 3 | 5.80% | 4 | 6.70% | 4 | 6.30% | **11** | **6.29%** |
| ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ | 2 | 3.80% | 1 | 1.70% | 2 | 3.20% | **5** | **2.86%** |
| **Вкупно:** | **52** | **100.00%** | **60** | **100.00%** | **63** | **100.00%** | **175** | **100.00%** |
| | | **29.70%** | | **34.30%** | | **36.00%** | | **100.00%** |

Субпримерок во ова истражување се наставници кои наставата ја реализираат во прво, второ и трето одделение од вкупно 18 основни училишта на територија од општините: Кавадарци, Неготино и Карпош.

Според добиените податоци од истражувањето и примерокот од општините на која припаѓаат основните училишта каде што се реализираше истражувањето, најголем процент на анкетирани наставници се од ООУ „Вера Циривири-Трена“ – о. Карпош (8,57 %), ОУ „Гоце Делчев“ – о. Неготино (8,00 %) и ООУ „Братство“ –о. Карпош (7,43 %). Речиси идентичен е бројот на пополнети анкетни прашалници во другите основни училишта, во интервал од 8 до 12 наставници, со процентуална разлика од 2 %. Најмал процент на пополнети анкетни прашалници има од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ - о. Карпош (2,86 %) и ООУ „Аврам Писевски“- о. Карпош (2,29 %).

Според нивото на одделение во која наставниците ја реализираат наставата по предметот Македонски јазик, најголем процент кои го пополниле прашалникот се наставници кои наставата ја реализираат во трето одделение, односно 63 или 36 %, по што следуваат 60-те наставници, односно 34,30 %, кои наставата ја реализираат во второ одделение и најмал процент кои го пополниле прашалникот се наставници од прво одделение, вкупно 52 или 29,70 %.

**Прашање број 3** Основни информации/работно искуство во образование

Графикон бр. 2 Примерок на работно искуство на наставниците во образование




Врз основа на податоците кои се однесуваат на работното искуство на наставниците во образование, најголем број од анкетираните наставници (37,1 %) се со работно искуство од 11 до 20 години, по што следува категоријата на наставници кои имаат работно искуство над 20 години во образованието (36 %) и најмал процент на анкетирани наставници 26,9 % се со работно искуство од 0 до 10 години.

Од добиените податоци, може да се заклучи дека станува збор за анкетирани наставници (70 %), кои имаат работно искуство над 11 години во образование, што индиректно упатува на констатацијата дека се очекува преку анализата на нивните одговори да се добијат сознанија, коишто базирани на нивното практично искуство, ќе дадат своевиден професионален придонес во корист на истражувачкиот предмет.

**Прашање број 5** По завршувањето на високото образование, наставниците имаат стекнати знаења и развиени компетенции за самостојно креирање на наставни материјали за наставата по предметот Македонски јазик.

Графикон бр. 3 Ставови на наставниците во однос на стекнати знаења и развиени компетенции по завршување на високото образование




Според зададеното тврдење дека по „завршувањето на високото образование, наставниците имаат стекнати знаења и развиени компетенции за самостојно да креираат наставни материјали за потребите на наставата по Македонски јазик", позитивно изненадува податокот дека најголем дел од наставниците 113 (64,6 %) **се согласуваат** со зададеното тврдење, додека пак, двојно помал е бројот на наставници за 51 процент, 23 (13,1 %) кои **во потполност се согласуваат**. Мал е бројот на испитаници30 (17,1 %) кои одговориле дека **не се согласуваат** и 7 испитаници (4,0 %) кои одговориле дека **воопшто не се согласуваат** дека по завршувањето на високото образование, наставниците имаат стекнати знаења и компетенции за самостојно да креираат наставни материјали, а само 2 (1,1 %) **немаат мислење** за даденото тврдење.

Крајниот заклучок од оваа анализа упатува на констатацијата дека четири петтини од испитаните наставници изразуваат став дека студиските програми во

високото образование ги оспособуваат идните наставници за практична примена на стекнатите знаења, изразена преку дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали. Во корист на оваа анализа, последователно ќе следуваат анализите на наредните прашања од оваа област и секако, анализата на наставните материјали добиени со истражувањето (во делот на анализа на педагошката документација).

**Прашање број 6** За осовременување на наставата по предметот Македонски јазик наставникот треба да продолжи со стручно усовршување и по завршување на факултетот.

Прашањето број 6, кое гласи „**За осовременување на наставата по Македонски јазик наставникот треба да продолжи со стручно усовршување и по завршување на факултетот**" е од отворен тип. Анализираните одговори упатуваат на заклучокот дека 162 наставници (од вкупно анкетираните 175 наставници), изразени во проценти 92,6, се согласуваат со наведеното тврдење. Најголемиот дел од нив истакнуваат дека за осовременување на наставата по Македонски јазик, наставникот по завршување на факултетот треба да продолжи да се образува и стручно да се усовршува, како би можел да одговори на барањата и тенденциите кои ги поставува современиот воспитно-образовен систем. Понатаму, тие сметаат дека квалитетот на наставата, пред сѐ, зависи и од квалитетот на работата на наставникот, при што секој наставник во текот на својот работен стаж постојано треба да ги унапредува своите знаења, да ги развива стручните вештини и компетенции за да на учениците им се обезбеди квалитетна настава. Истовремено сметаат дека постојаното усовршување во образовниот процес на наставниците им нуди голема можност да ги прошират и усовршат своите професионални квалитети.

Дел од наставниците сметаат дека стручното усовршување е потребно за тие да бидат во чекор со модерното време, да можат позитивно да одговорат на иновациите во образованието, истакнувајќи дека динамиката на општествениот развој ја наложува потребата од континуирано следење на современите педагошки научни трендови. Информатичката технологија влијае врз модифицирањето на

педагошката наука, што директно резултира во дидактичко-методичкото дизајнирање на наставните материјали. Стручното усовршување истовремено е во корелација со постојаните промени на наставните програми, па за таа цел на наставниците им е потребна методичка апликација во однос на наставниот план и програма, од што логично се надоврзува и осовременувањето на наставата преку примена на методи и техники за подучување на учениците.

Се истакнува дека наставниците ја имаат главната улога во воспитно-образовниот процес на ученикот и затоа е потребно постојано стручно усовршување во теоретските сознанија и практичната работа. Дел од наставниците истакнуваат дека имаат потреба од стручно усовршување во поглед на практичната работа и за таа цел сметаат дека треба постојано да се организираат семинари, советувања и обуки на наставниот кадар за осовременување на истата.

Но, треба да се истакне и податокот дека 7,4 % од наставниците не се согласуваат со зададеното тврдење и истакнуваат дека тие поседуваат доволно стручни компетенции по завршување на високото образование. Тие, проблемот во практичната реализација на наставата го детектираат во наставните програми, поконкретно во наставните содржини кои треба да ги реализираат, а не во стручната подготвеност на наставниците и во образовната технологија.

Табела бр. 4 Ставови на наставниците за стручно усовршување и по завршување на факултетот со цел осовременување на наставата по предметот Македонски јазик

| **Тврдења** | **Кавадарци** | | **Неготино** | | **Карпош** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **f** | **%** | **F** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Се согласувам, затоа што | 45 | 91,84 % | 21 | 87,50 % | 96 | 94,12 % | **162** | **92,6 %** |
| Не се согласувам, затоа што | 4 | 8,16 % | 3 | 12,50 % | 6 | 5,88 % | **13** | **7,4 %** |
| **Вкупно** | **49** | **100 %** | **24** | **100 %** | **102** | **100 %** | **175** | **100 %** |

| | | |
|---|---|---|
| $X^2$ = 1.291 | df = 1 | P.005 |

За да се испита дали постои значајна статистичка разлика во однос на тврдењето што се однесува **за осовременување на наставата по Македонски јазик, наставникот треба да продолжи со стручно усовршување и по завршување на факултетот,** добиените податоци категоризирани по општини се претставени во табелата број 3. Врз основа на пресметаната вредност на Хи-квадрат тестот, кој изнесува 1.291 - на ниво на значајност (p<0,05) за еден степен на слобода. Може да се заклучи дека **нема статистички значајна разлика** во однос на зададените тврдења.

**Прашање број 7** Дали сте биле досега вклучени во обука (семинар) за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали потребни за реализација на наставата по Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?

Според добиените податоци од ова прашање, претставени во графикон број 7, може да се заклучи дека 3/5, односно 61,7 % од наставниците истакнале дека не биле вклучени во обука (семинар) за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали потребни за реализација на наставата по Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.

Графикон бр. 4 Примерок на ставови на наставници за вклученост во обуки/семинари за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали



Додека пак, 38,3 % од наставниците позитивно се изјасниле и како дел од темите на реализираните обуки (семинари) ги наведуваат:

- јазична писменост;
- јазична писменост во почетните одделенија;
- со читање до лидерство;
- развивање креативни вештини преку визуелни приказни;
- комуникациски вештини;
- современи техники на читање;
- креирање на објективни тестови на знаење;
- со читање и пишување до критичко мислење;
- чекор по чекор до јазична писменост;
- формативно и сумативно оценување;
- да ја вратиме навиката за читање лектира;
- интерактивни пристапи во наставата;
- иновативни методи во наставата;
- методи и техники во наставата;
- дидактички средства во наставата;
- развивање креативни вештини преку визуелни приказни.

Сумираните податоци упатуваат на прашањето: Зошто при планирањето на обуките, семинарите, работилниците не се опфатени теми од областа на осовременување на процесот на дидактичко-методичко дизајнирање на наставните материјали потребни за практична реализација на содржините од истражуваните програмски подрачја, застапени во наставните програми по Македонски јазик? И потреба од дополнително аргументирање за оваа појава, ако се земе предвид дека наставните материјали го поддржуваат процесот на учење кај учениците, индивидуалната и индивидуализираната форма на наставна работа на тој начин овозможувајќи интеракција во наставната работа, интегрирање на наставни содржини со други наставни предмети, можноста што ја нудат во форма на самооценување, следење и вреднување на развојот на учениците итн.

**Прашање број 8** Дали сте заинтересирани да присуствувате на семинари/обуки со содржини за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали потребни за реализација на наставата по Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?

Преку прашањето број 8 се испитува ставот на наставниците во однос на нивната образовна потреба од учество на семинари/обуки со содржини за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали потребни за реализација на наставата по Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. Од анализираните одговори претставени во графикон број 5, воочлив е високиот процент на **позитивни** одговори на 76,6 % од наставниците во однос на прашањето дали се заинтересирани да присуствуваат на семинари/обуки со содржини за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали потребни за реализација на наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување. Додека, пак, речиси една шестина 23,4 % се изјасниле **негативно**, односно дека не се заинтересирани да присуствуваат на семинари/обуки.

Во продолжение на оваа анализа треба да се имаат предвид резултатите од претходното прашање, според кои 61,7 % од наставниците кои истакнале дека не биле вклучени во обука (семинар) за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали потребни за реализација на наставата по Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. Аналогно на анализираните податоци од прашањето број 8 пак, се нагласува дека 76,6 % од наставниците се заинтересирани за посета на обуки/семинари.

Според ова, може да се заклучи дека во иднина, релевантните институции што ја креираат образовната политика, потребно е во програмите за професионален и стручен развој на наставниците да се планираат теми за обуки од оваа проблематика.

Графикон бр. 5 Примерок на ставови на наставници за вклученост во обуки/семинари за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали




Во прашањето е дадена и дополнителна насока, односно доколку наставниците го заокружат одговорот „Да“, дополнително да се изјаснат и да наведат кои содржини треба да бидат содржани во семинарите/обуките кои ќе им помогнат во наставната работа по Македонски јазик. Како дел од темите за коишто наставниците изразуваат интерес да присуствуваат на семинар/обука се следните:

- правилно пишување и изговарање на гласови;
- наставни методи и техники за почетно читање и пишување;
- усовршување на техниката читање и пишување;
- компјутерски анимации за почетно читање и пишување;
- иновативни методи и техники;
- креирање и дизајнирање на наставни материјали за работа;
- меѓупредметна интеракција;
- читање, литература и лектира;
- методи и техники за олеснување во обработка на букви и
- теми од областа на граматиката;
- гласови и слогови; видови реченици, составување реченици; вокабулар;
- вовед во драматизации;
- дислексија, дисграфија;

- работа со талентирани ученици;
- примена на нагледни средства;
- илустративни техники;
- аудиовизуелен приказ на содржините за обработка.

Исто така, наставниците истакнуваат дека им се потребни обуки од секое програмско подрачје што би им овозможиле да ги следат современите практики, а секако и воведувањето иновации и идеи за реализација на наставните часови по Македонски јазик.

**Прашање број 9** За Вас како реализатор на наставата по Македонски јазик најважно е:

Табела бр. 5 Приказ на ставовите на наставниците за важноста на зададените искази во наставата по Македонски јазик

| **Искази** | **1** | | **2** | | **3** | | **4** | | **5** | | **6** | | **7** | | **8** | | **9** | | **10** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** | ***f*** | **%** |
| Континуирано да ги продлабочувате Вашите сознанија за наставата по Македонски јазик. | 83 | 47.43% | 33 | 18.86% | 9 | 5.14% | 7 | 4.00% | 11 | 6.29% | 6 | 3.43% | 12 | 6.86% | 9 | 5.14% | 3 | 1.71% | 2 | 1.14% | **175** | **100%** |
| Тимско договарање за реализација нанаставата по Македонски јазик. | 9 | 5.14% | 43 | 24.57% | 26 | 14.86% | 27 | 15.43% | 9 | 5.14% | 18 | 10.29% | 14 | 8.00% | 5 | 2.86% | 12 | 6.86% | 12 | 6.86% | **175** | **100%** |
| Поддршка од стручните служби во училиштето. | 3 | 1.71% | 14 | 8.00% | 28 | 16.00% | 26 | 14.86% | 27 | 15.43% | 18 | 10.29% | 12 | 6.86% | **29** | 16.57% | 12 | 6.86% | 6 | 3.43% | **175** | **100%** |
| Вклучување на родителите при реализација на некои од содржините на наставата по Македонски јазик. | 6 | 3.43% | 2 | 1.14% | 12 | 6.86% | 19 | 10.86% | 11 | 6.29% | 10 | 5.71% | 14 | 8.00% | 10 | 5.71% | 28 | 16.00% | **63** | 36.00% | **175** | **100%** |
| Користење на готово изработени инструменти и наставни материјали, подготвени од страна на стручни лица. | 15 | 8.57% | 20 | 11.43% | 16 | 9.14% | 24 | 13.71% | 24 | 13.71% | 16 | 9.14% | 16 | 9.14% | 24 | 13.71% | 13 | 7.43% | 7 | 4.00% | **175** | **100%** |
| Креирани наставни материјали од Ваша страна. | 10 | 5.71% | 13 | 7.43% | 27 | 15.43% | 28 | 16.00% | 35 | 20.00% | 24 | 13.71% | 18 | 10.29% | 9 | 5.14% | 7 | 4.00% | 4 | 2.29% | **175** | **100%** |
| Креирањена образовни софтвери за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. | 5 | 2.86% | 15 | 8.57% | 25 | 14.29% | 13 | 7.43% | 19 | 10.86% | 27 | 15.43% | 25 | 14.29% | 23 | 13.14% | 19 | 10.86% | 4 | 2.29% | **175** | **100%** |
| Активно вклучување на учениците во процесот на наставата по Македонски јазик. | 30 | 17.14% | 24 | 13.71% | 15 | 8.57% | 14 | 8.00% | 13 | 7.43% | 14 | 8.00% | 22 | 12.57% | 22 | 12.57% | 17 | 9.71% | 4 | 2.29% | **175** | **100%** |
| Обезбедување на континуирана материјално-техничка логистика од страна на училиштето. | 6 | 3.43% | 4 | 2.29% | 13 | 7.43% | 7 | 4.00% | 19 | 10.86% | 22 | 12.57% | 16 | 9.14% | 28 | 16.00% | 31 | 17.71% | 29 | 16.57% | **175** | **100%** |
| Потреба од туторска поддршка во работата со учениците од ранливите категории. | 8 | 4.57% | 8 | 4.57% | 6 | 3.43% | 9 | 5.14% | 6 | 3.43% | 20 | 11.43% | 26 | 14.86% | 16 | 9.14% | 32 | 18.29% | 44 | 25.14% | **175** | **100%** |

На прашањето број 9 од прашалникот за наставници кое гласи: **„За Вас како реализатор на наставата по Македонски јазик најважно е“** според кое наставниците треба да ги искажат сопствените ставови во однос на дадените искази и да ги рангираат исказите со оценки од 1 до 10, со тоа што најважниот исказ според нив ќе го оценат со 1, а најмалку важниот исказ ќе го оценат со 10.

Добиените резултати се прикажани во Табела број 5 и според неа испитаниците ги дадоа следниве резултати:

- Речиси половина од испитаниците (47,43 %) се изјаснија дека имаат потреба од **континуирано продлабочување на сопствените сознанија поврзани со наставата по Македонски јазик;**
- **Тимското договарање за реализација на наставата по Македонски јазик,** според испитаниците, е важен сегмент за успешна реализација на наставата по Македонски јазик;
- Речиси половина од испитаниците или 47,41 % сметаат дека **поддршката од стручните служби во училиштето** е делумно важна за реализација на наставата;
- Интересен е податокот добиен преку ставовите на 36,00 % од испитаниците кои сметаат дека **вклучувањето на родителите при реализација на некои од содржините на наставата по Македонски јазик** е најмалку важно при реализација на наставата;
- При **користењето на готово изработени инструменти и наставни материјали, подготвени од страна на стручни лица,** испитаниците имаат поделено мислење и не постои висока процентуална разлика во зададените искази, дел од испитаниците истакнуваат дека тоа е важен сегмент при реализација на наставата, додека останатите сметаат дека тие и не се толку неопходни за успешно да ја реализираат наставата;
- **Самостојното креирање на наставни материјали,** 54,00 % од испитаниците го сметаат за делумно важен сегмент за реализација на наставата, додека пак 28,57 % истакнале дека е многу важен;

- Според добиените податоци, 48,01 % од испитаниците делумно се согласуваат дека за реализација на наставата за **програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик**, имаат потреба од креирани образовни софтвери;
- Поголемиот дел од испитаниците сметаат дека **активното вклучување на учениците во процесот на наставата по Македонски јазик**е важен елемент при реализација на наставата;
- Половина од испитаниците сметаат дека **обезбедувањето на континуирана материјално-техничка логистика од страна на училиштето** и **потребата од туторска поддршка во работата со учениците од ранливите категории** се најмалку важни сегменти за успешна реализација на наставата.

Табела бр. 6 Приказ на рангирани искази според важноста на ставовите на наставниците

| | |
|---|---|
| **1** | **Континуирано да ги продлабочувате Вашите сознанија за наставата по Македонски јазик** |
| **2** | Активно вклучување на учениците во процесот на наставата по предметот Македонски јазик. |
| **3** | Тимско договарање за реализација на наставата по предметот Македонски јазик. |
| **4** | Користење на готово изработени инструменти и наставни материјали, подготвени од страна на стручни лица. |
| **5** | Креирани наставни материјали од Ваша страна. |
| **6** | Поддршка од стручните служби во училиштето. |
| **7** | Креирање на образовни софтвери за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. |
| **8** | Обезбедување на континуирана материјално-техничка логистика од страна на училиштето. |
| **9** | Потреба од туторска поддршка во работата со учениците од ранливите категории. |
| **10** | Вклучување на родителите при реализација на некои од содржините на наставата по предметот Македонски јазик. |

**Прашање број 10** Интегрирани наставни материјали може да се користат со следните програмски подрачја во наставата по Македонски јазик:

Графикон бр. 6 Ставови на наставниците за користење на интегрирани наставни материјали по програмски подрачја




Во однос на ова прашање испитаниците имаа можност да изберат повеќе алтернативи од понудените одговори во кои се зададени програмските подрачја од наставните програми по наставниот предмет Македонски јазик од прво до трето одделение, за кои може да се користат интегрирани наставни материјали. Од добиените резултати може да се заклучи дека не постои процентуално голема разлика. Според одговорите на испитаниците може да се констатира дека тие сметаат - интегрираните наставни материјали може да се употребуваат во наставата со сите програмски подрачја. Најголем процент од испитаниците 142, односно 25,9 % сметаат дека интегрирани наставни материјали може да се користат најмногу во програмското подрачје Изразување и творење. Со помала процентуална застапеност следуваат одговорите на 110 наставници (20,1 %), според кои целна и содржинска интеграција може да има во наставните материјали предвидени во програмското подрачје Почетно читање и пишување. Додека пак, околу 20 % од испитаниците имаат став дека програмското подрачје Литература е најсоодветно за подготвување и користење на наставни материјали од интегриран карактер. Според ставовите на анкетираните наставници, најмал

процент за можноста за користење на интегрирани наставни материјали има за програмските подрачја Јазик 17,2 % и Медиумска култура 17,0 %.

**Прашање број 11** За реализација на кои програмски подрачја имате најголема потреба од креирани готови наставни материјали?

Графикон бр. 7 Примерок на ставови на наставниците за потребите од креирани готови наставни материјали по програмски подрачја




На прашањето број 11 од прашалникот за наставници „За реализација на кои програмски подрачја имате најголема потреба од креирани готови наставни материјали?“, испитаниците имаа можност да изберат повеќе алтернативи од понудените категории на одговори. Според добиените податоци кои се претставени во графикон број 7, може да се забележи дека процентуално нема голема разлика во одговорите на наставниците од наведените алтернативи. Најголем процент од наставниците 23,9 % се изјасниле дека имаат потреба од готови наставни материјали за програмското подрачје Јазик, 86 испитаници или 21,8 % се определиле за програмското подрачје Почетно читање и пишување, 20,1 % сметаат дека готови наставни материјали ќе им бидат од корист за програмското подрачје Изразување и творење, додека пак најмала стапка на изразеност има за програмските подрачја Литература (17,5 %) и Медиумска култура (16,8 %).

Сумативните заклучоци од ова прашање, одат во прилог на констатацијата дека постои потреба од креирани готови наставни материјали по предметот Македонски јазик.

**Прашање број 12** Во која форма би сакале да ги имате наставните материјали коишто ќе Ви помогнат за реализација на наставата по Македонски јазик?

Графикон бр. 8 Ставови на наставниците за формата на наставните материјали




Во однос на образовните потреби на наставниците, со прашањето број 12, кое се однесува на формата во која би сакале да ги имаат наставните материјали што ќе им помогнат при реализација на наставата по Македонски јазик, 30,5 % од наставниците се изјасниле дека наставните материјали би сакале да ги имаат во форма на **Збирка од наставни материјали,** преку кои би можеле полесно да ја реализираат наставата по Македонски јазик. Имајќи ја во предвид тенденцијата за осовременувањето на наставата преку ИКТ, 25,0 % од испитаниците се изјасниле за потребата од **наставни материјали во електронска форма,** преку што ќе можат на полесен начин да имаат пристапност до нив. Околу дваесет и два проценти од наставниците се изјасниле за потреба од **печатени материјали** и за **електронска база на наставни материјали.**

**Прашање број 13** Наставните материјали по Македонски јазик придонесуваат учениците:

Графикон бр. 9 Приказ на ставовите на наставниците за придонесот на наставните материјали




Во однос на ова прашање испитаниците имаа можност да изберат повеќе алтернативи од понудените одговори, преку кое се анализираат одговорите на наставниците за придонесот на наставните материјали по Македонски јазик наменети за учениците.

Според одговорите на наставниците може да се констатира дека околу 40 % од наставниците сметаат дека наставните материјали во наставата по Македонски јазик најмногу придонесуваат учениците стекнатите знаења да ги применат преку практични примери и за полесно совладување на новите наставни содржини во наставата по Македонски јазик. Додека пак, 17 % од наставниците сметаат дека со соодветна примена на наставните материјали по наставниот предмет Македонски јазик тие ќе придонесат учениците да се оспособат за самостојна работа.

Со помала процентуална застапеност (12,4 %) следуваат одговорите на наставниците кои сметаат дека со соодветна примена на наставните материјали во наставата по Македонски јазик, учениците постигнуваат подобри резултати во напредувањето, а 12,2 % од наставниците се изјасниле дека на тој начин учениците се поттикнуваат за користење на други извори на знаење. Според ставовите на

анкетираните наставници, најмал процент односно 9,2 % од наставниците сметаат дека придонесот на наставните материјали по предметот Македонски јазик е учениците да се оспособат за групна работа и само 6,9 % од наставниците се изјасниле дека наставните материјали придонесуваат учениците да се оспособат за самовреднување.

Од сумираните анализирани податоци во однос на ставовите на наставниците, се заклучува дека со користењето на наставните материјали за реализација на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, при реализација на наставата по наставниот предмет Македонски јазик во прво, второ и трето одделение се придонесува: учениците стекнатите знаења да ги применуваат преку практични примери и за полесно совладување на новите наставни содржини во наставата по Македонски јазик. Потоа, истите придонесуваат учениците да се оспособат за самостојна работа, а исто така тие се во функција на постигнување на подобри резултати во напредувањето. Преку користењето на наставните материјали, наставниците се изјаснуваат дека учениците се поттикнуваат за користење на други извори на знаење, а некои од нив велат дека учениците на тој начин се оспособуваат и за групна работа, не изоставајќи ги и размислувањата според кои учениците се оспособуваат и за самовреднување.

**Прашање број 14** Кои од елементите се важни и според Вас треба да бидат застапени во дидактичко-методичката структура во наставните материјали по Македонски јазик?

Графикон бр. 10 Ставови на наставниците за елементите содржани во дидактичко-методичката структура на наставните материјали




Преку наредното зададено прашање во прашалникот се има за цел да се испитаат ставовите на наставниците кои се однесуваат за важноста на содржинските елементи во дидактичко-методичката структура на наставните материјали во наставата по Македонски јазик. При одговарање на прашањето со реден број 14, испитаниците имаа можност да изберат три алтернативи од понудените одговори. Најголем процент (24,6 %) од наставниците се изјасниле за тоа дека најважен елемент во дидактичко-методичката структура е користењето на разбирлив јазик и стил при содржинското креирање на наставните материјали. Додека пак, околу 40 % од наставниците сметаат дека во структурата на наставните материјали како најважни елементи треба да бидат застапени прашања и задачи со различно тежинско ниво и дека во наставните материјали потребно е да има понудени содржини од интерактивен карактер.

Со помала процентуална застапеност следуваат одговорите на 25 % од наставниците кои се изјасниле дека структурални елементи коишто треба да бидат застапени во дидактичко-методичката структура на наставните материјали по Македонски јазик се: податоци за формативно следење и оценување на постигањата на учениците и илустративното уредување. Според добиените податоци, мал е процентот на наставници (5,5 %) кои одговориле дека голема

улога во дидактичко-методичката структура на наставните материјали има и графичко-техничкото уредување, а само 4,8 % сметаат дека наставните материјали треба да имаат и елементи на самовреднување.

Како дополнителни елементи кои треба да бидат содржани во структурата на наставните материјали по Македонски јазик 0,4 % од наставниците истакнуваат дека содржините коишто се составен дел на наставните материјали треба да бидат точни, веродостојни и проверливи.

Од сумираните анализирани податоци во однос на ставовите на наставниците за структурални елементи кои треба да бидат застапени во наставните материјали потребни при реализација на содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, ги наведуваат следните: користењето на разбирлив стил и јазик при содржинското креирање на наставните материјали; застапеност на прашања и задачи со различно тежинско ниво; содржините кои се понудени во наставните материјали потребно е да бидат од интерактивен карактер; да содржат податоци за формативно следење и оценување на постигањата на учениците; да содржат елементи за самовреднување и да бидат соодветно илустративно, графички и технички уредени.

**Прашање број 15** Постои интеграција на наставни содржини меѓу програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.

Графикон бр. 11 Ставови на наставниците за интеграција на наставните содржини меѓу програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик



Според зададеното тврдење за постоење на интеграција на наставните содржини меѓу програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, 69.1 % од наставниците **се согласуваат** со даденото тврдење, додека пак, двојно помал е бројот на наставници за 43,4 проценти, 45 (25,7 %) кои **во потполност се согласуваат**. Мал и занемарлив е бројот на 5 испитаници (0,76 %) кои одговориле дека **не се согласуваат**, а само 4 (2,3 %) наставници **немаат мислење** за зададеното тврдење.

Според сумираните податоци може да се заклучи дека наставниците го потврдуваат тврдењето според кое постои интеграција на наставните содржини меѓу програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.

**Прашање број 16** Дали во Вашата наставна практика, применувате интегрирани наставни содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?

Табела бр. 7 Приказ на ставовите на наставниците за примена на интегрирани наставни содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик

| Дали во Вашата наставна практика, применувате интегрирани наставни содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик? | | **Да** | | **Не** | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **f** | **%** | **f** | **%** | **f** | **%** |
| Општина | Кавадарци | 47 | 95,9 % | 2 | 4,1 % | **49** | **100 %** |
| | Неготино | 23 | 95,8 % | 1 | 4,2 % | **24** | **100 %** |
| | Карпош | 100 | 98,0 % | 2 | 2,0 % | **102** | **100 %** |
| | | | | | | **175** | **100 %** |

Според добиените податоци на прашањето „**Дали во Вашата наставна практика, применувате интегрирани наставни содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?**, може да се забележи голема процентуална разлика во ставовите на наставниците во однос на зададеното тврдење. Висок е процентот на потврдни одговори добиени од наставниците на ниво на сите општини опфатени со истражувањето. Речиси сите наставници, изразено во проценти 97,1 се изјасниле дека во својата наставна практика **применуваат** интегрирани наставни содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, додека пак само 5 наставници(2,8 %) негативно одговориле и се изјасниле дека **не применуваат** интеграција на наставни содржини во наведените програмски подрачја.

| | | |
|---|---|---|
| $X^2 = 0{,}708$ | df = 1 | P,005 |

За да се испита дали постои значајна статистичка разлика во одговорите на наставниците на прашањето **„Дали во Вашата наставна практика, применувате интегрирани наставни содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?“**, се анализираат добиените податоци на ниво на општини и за потребите на Хи-квадратот е претставена табелата број 5. Врз основа на пресметаната вредност на Хи-квадрат тестот, кој изнесува 0,708 - на ниво на значајност ($p<0{,}05$) за еден степен на слобода. Од тука може да се заклучи дека **нема статистички значајна разлика** во однос на зададените тврдења.

**Прашање број 17** Колку пати во текот на еден месец, сметате дека е потребно да се изготвуваат наставни материјали за потребите на наставата по програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?

Графикон бр. 12 Приказ на ставовите на наставниците за временскиот интервал на изготвување наставни материјали во текот на еден месец




Добиените податоци од одговорите на прашањето број 17 кои се претставени во графикон бр. 12, се однесуваат за испитување на ставовите и мислењата на наставниците за тоа колку пати во текот на еден месец е потребно да се изготвуваат наставни материјали за потребите на наставата по програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. Околу 75 % од наставниците се изјасниле дека за потребите на наставата по Македонски јазик, наставните материјали за наведените подрачја треба да се изготвуваат еднаш или два пати неделно. Додека пак, 27,2 % од наставниците сметаат дека изготвувањето на наставните материјали за потребите на наставата по програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик треба да се изготвуваат два пати месечно, а само 8 % од наставниците одговориле дека наставните материјали треба да се изготвуваат еднаш месечно.

Од анализираните податоци, евидентни се консензуалните ставови на наставниците во однос на потребата од често изготвување и применување на наставните материјали на неделно ниво, односно еднаш или два пати неделно. Ова упатува дека наставниците се свесни за потребата од користењето на

наставните материјали во наставата по наставниот предмет Македонски јазик, бидејќи истите имаат позитивни ефекти за изведување на квалитетна настава. Односно, ако се имаат предвид одговорите од претходните прашања коишто се во индиректна корелација со овие одговори, недвојбено може да се заклучи големата позитивна рефлексија што наставните материјали ја имаат во процесот на формативното и сумативното следење, вреднување и оценување на учениците, можноста за индивидуален, индивидуализиран и диференциран пристап.

## 3. Анализа на наставни материјали од програмските подрачја Почетно читање и пишување изработени од страна на одделенски наставници за потребите на наставата по Македонски јазик

Анализата на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за прво одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување е прикажана во табелата број 8.

Табела бр. 8 Анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за прво одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување

| Р.б. | Дидактичко-методички елементи на наставни материјали | Прво одделение | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Почетно читање и пишување | | Слушање и зборување | |
| | | f | % | f | % |
| 1. | Име и презиме | 18 | 30 % | 5 | 25 % |
| 2. | Дата | 5 | 8,3 % | 1 | 5 % |
| 3. | Одделение | 3 | 5 % | / | / |
| 4. | Наслов | 17 | 28,3 % | 8 | 40 % |
| 5. | Назив на програмско подрачје | / | / | / | / |
| 6. | Симбол за секој структурален дел од наставниот материјал | / | / | / | / |
| 7. | Легенда за наведените симболи | 1 | 1,6 % | / | / |
| 8. | Разбирлив јазик и стил | 26 | 43,3 % | 10 | 50 % |
| 9. | Јасни упатства | 28 | 46,6 % | 13 | 65 % |
| 10. | Унифициран фонт | 28 | 46,6 % | 9 | 45 % |
| 11. | Симбол за индивидуална или групна работа | / | / | / | / |
| 12. | Илустрации и слики | 46 | 76,6 % | 19 | 95 % |
| 13. | Симбол за оценување | / | / | / | / |
| 14. | Стандард за оценување | 11 | 18,3 % | 2 | 10 % |

Според податоците се согледува дека во дидактичко-методичката структура на наставните материјали и во двете програмски подрачја, најголем процент (86 %) се опфатени илустрации и слики, што е и разбирливо со оглед на возраста на учениците.

Според анализираните наставни материјали креирани од страна на испитаните наставници, повеќе од половина имаат јасни упатства, разбирлив јазик и стил, како и унифициран фонт, што е доста важен елемент во наставните материјали, бидејќи начинот и формата на кој се креирани наставните материјали многу влијае и на повратната информација што ќе ја добијат наставниците од одговорите на учениците преку пополнување на наставниот лист.

Мошне интересен е податокот добиен од анализата, преку која се согледува дека при креирањето на наставните материјали, мал број од наставниците користат податок за име и презиме на ученикот за кој е наменет наставниот материјал, како и наслов за која содржина е предвиден.

Податоците добиени од анализата на наставните материјали укажуваат дека само 14,15 % од креираните наставните материјали содржат стандарди за оценување како структурални елементи, а само 6.1 % имаат дата и одделение. Додека пак, со анализата на наставните материјали се покажа дека како дидактичко-методички елементи воопшто не се опфатени: назив на програмско подрачје за кое се применува наставниот материјал, симбол за секој структурален дел од наставниот материјал, симбол со којшто се укажува дали наставниот лист е предвиден за индивидуална или групна работа, како и симбол за оценување на учениците според повратната информација добиени од учениците преку наставниот материјал.

Од анализираните податоци прикажани во табела број 9, може да се забележи дека наставните материјали за второ одделение се усогласени согласно со возраста на учениците, голем дел од наставните материјали ги содржат основните дидактичко-методички елементи.

Табела бр. 9 Анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за второ одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување

| **Р.б.** | **Дидактичко-методички елементи на наставни материјали** | **Второ одделение** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Почетно читање и пишување** | | **Слушање и зборување** | |
| | | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **1.** | Име и презиме | 18 | 62 % | 5 | 100 % |
| **2.** | Дата | 9 | 31 % | 2 | 40 % |
| **3.** | Одделение | / | / | 1 | 20 % |
| **4.** | Наслов | 22 | 75 % | 5 | 100 % |
| **5.** | Назив на програмско подрачје | / | / | / | / |
| **6.** | Симбол за секој структурален дел од наставниот материјал | / | / | / | / |
| **7.** | Легенда за наведените симболи | / | / | / | / |
| **8.** | Разбирлив јазик и стил | 18 | 62 % | 5 | 100 % |
| **9.** | Јасни упатства | 24 | 82,7 % | 5 | 100 % |
| **10.** | Унифициран фонт | 28 | 96,5 % | 5 | 100 % |
| **11.** | Симбол за индивидуална или групна работа | / | / | / | / |
| **12.** | Илустрации и слики | 11 | 37,9 % | 5 | 100 % |
| **13.** | Симбол за оценување | 1 | 3,44 % | 1 | 20 % |
| **14.** | Стандард за оценување | 8 | 27,5 % | 4 | 80 % |

Анализата покажува дека наставните материјали во најголем процент ги содржат елементите:

- наслов;
- име и презиме;
- илустрации и слики;
- разбирлив јазик и стил;

- јасни упатства;
- унифициран фонт;
- стандард за оценување;

Во мал процент како дидактичко-методички елементи се содржани одделение, дата на примена на наставниот лист и симбол за оценување, додека пак воопшто не се опфатени: назив на програмско подрачје за кое се применува наставниот материјал, симбол за секој структурален дел од наставниот материјал, симбол со којшто се укажува дали наставниот лист е предвиден за индивидуална или групна работа, како и симбол за оценување на учениците според повратната информација добиени од учениците преку наставниот материјал.

Табела бр. 10 Анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за трето одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик

| **Р.б.** | **Дидактичко-методички елементи на наставни материјали** | **Трето одделение** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Почетно читање и пишување** | | **Јазик** | |
| | | **f** | **%** | **f** | **%** |
| **1.** | Име и презиме | 5 | 55,5 % | 12 | 70,5 % |
| **2.** | Дата | 3 | 33,3 % | 9 | 52,9 % |
| **3.** | Одделение | 2 | 22,2 % | 2 | 11,7 % |
| **4.** | Наслов | 8 | 88,8 % | 11 | 64,7 % |
| **5.** | Назив на програмско подрачје | / | / | / | / |
| **6.** | Симбол за секој структурален дел од наставниот материјал | / | / | / | / |
| **7.** | Легенда за наведените симболи | / | / | / | / |
| **8.** | Разбирлив јазик и стил | 6 | 66,6 % | 12 | 70,5 % |
| **9.** | Јасни упатства | 7 | 77,7 % | 9 | 52,9 % |
| **10.** | Унифициран фонт | 7 | 77,7 % | 14 | 82,3 % |
| **11.** | Симбол за индивидуална или групна работа | 1 | 11,1 % | / | / |
| **12.** | Илустрации и слики | 4 | 44,4 % | 3 | 17,6 % |
| **13.** | Симбол за оценување | / | / | / | / |
| **14.** | Стандард за оценување | 2 | 22,2 % | 9 | 52,9 % |

Податоците од анализата на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за трето одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик прикажани во табелата број 8, покажуваат дека најголем дел во дидактичко-методичката структура на наставните материјали и во двете програмски подрачја се опфатени унифициран фонт (80 %) преку кој учениците ќе можат лесно да разберат што се бара од нив во предвидената задача и наслов ( 76,75 %) на наставниот материјал. Со помала процентуална разлика како дидактичко-методички елементи во наставните материјали се применуваат и име и презиме на ученикот, бидејќи во трето одделение учениците целосно се описменети и можат самостојно да го запишат своето име и презиме, дадени се разбирлив јазик и стил и јасни упатства за успешна примена на стекнатото знаење на учениците преку користењето на наставните материјали, и како важен дидактичко-методички елемент којшто доста често се занемарува при креирање на наставните материјали се и илустрациите и сликите преку кои се привлекува вниманието на учениците и на тој начин вниманието им се насочува кон прашањата и задачите во наставниот лист. Анализата укажува дека е мал процентот на застапеност на останатите дидактичко-методички елементи во наставните материјали, иако се доста важен сегмент за успешна реализација на наставата по предметот Македонски јазик.

Преку анализата на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик и според добиените податоци, се констатира дека при дизајнирањето на дидактичко-методичките наставни материјали не се постапува целосно според дидактичко-методичките, докимолошките и методолошките принципи и заклучните сознанија укажуваат дека има потреба од осовременување на наставата по наставниот предмет Македонски јазик, како и унапредување на компетенциите на наставниците за дидактичко-методичко дизајнирање на наставните материјали.

# IV дел

# Заклучни сознанија и препораки

Според податоците добиени од теоретскиот дел на истражувањето, при што се анализирани наставните планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик за прво, второ и трето одделение за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, се констатира дека е потребно продлабочување на компатибилноста на поставените целите во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. Во прилог на оваа констатација е компаративниот пристап при анализата на наставните планови и програми што биле во употреба од 2007 година сѐ до 2021 година, со актуелните наставни планови и програми коишто произлегуваат со концепцијата за основно образование.

Ваквиот истражувачки пристап има своја оправданост токму заради централниот истражувачки проблем поставен со овој магистерски труд. Стручната оправданост произлегува од фактот што креирањето и употребата на наставните материјали, во трудот првенствено фокусирани во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик е во дијалектички однос меѓу поставените цели, односно наставни содржини и нивната имплементација директно во наставниот процес. Дополнителен истражувачки предизвик произлегува од фактот што во новите наставни програми не е посебно издвоено програмското подрачје Јазик во прво и второ одделение, како што е тоа случај во претходната „генерација“ на користените наставни програми. Имајќи ја предвид значајноста на програмското подрачје Јазик, во овој магистерски труд преку анализата на наставните програми се детектираат целите, односно содржините, сега веќе некои од нив интегрирани во други програмски подрачја.

Од анализата на наставните програми од 2007 година може да се констатира дека во второ и во трето одделение се застапени програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. Со измените во концепцијата за основно образование на наставните програми може да се забележи дека целосно е изоставено програмското подрачје Јазик. Анализата укажува дека постои диференцијација и интеграција на некои од содржините и поимите од

програмското подрачје Јазик во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување.

Фондот на наставни часови на програмското подрачје Јазик, според старите наставни програми за второ одделение, изнесува 20 наставни часа или 9 % од вкупниот годишен фонд, додека пак во програмското подрачје Слушање и зборување изнесува 27 % или 40 наставни часови. Притоа, може да се заклучи дека нема значајна процентуална разлика во однос на фондот на часовите во овие две програмски подрачја што изнесува од 33 % до 36 % од вкупниот фонд на наставни часови.

Од анализата на податоците може да се констатира дека евидентно се намалува годишниот фонд на наставни часови предвидени по наставниот предмет Македонски јазик. Во првиот образовен циклус (од прво до трето одделение) фондот на наставни часови по Македонски јазик според старите наставни програми изнесува 216 наставни часови, додека пак со измените донесени според актуелните наставни програми за прво и второ одделение, годишниот фонд изнесува 180 наставни часови.

Евидентен е фактот дека фондот на наставни часови за прво одделение за наставното подрачје Почетно читање и пишување, според новите наставни програми е зголемен во однос на фондот на наставни часови од старите наставни програми. Додека пак, анализата на наставните програми за наставниот предмет Македонски јазик, покажува дека во прво одделение најголем број од часовите, односно 80 наставни часа или 37 % од вкупниот фонд на наставни часови се предвидени за реализација на програмското подрачје Слушање и говорење т.е. 39 % или 70 наставни часови во програмското подрачје Слушање и зборување според новите наставни програми.

Според анализата на наставната програма за наставниот предмет Македонски јазик во глобални рамки може да се заклучи дека во трето одделение најголем број од часовите, односно 70 наставни часови или 32 % од вкупниот фонд на наставни часови се предвидени за реализација на програмското подрачје

Почетно читање и пишување, а за реализација на програмското подрачје Јазик се предвидени само 9 % или 20 наставни часови.

Заклучните сознанија на овој дел од истражувањето укажуваат на тоа дека усложнувањето на стандардите за оценување и содржините (и поимите) коишто учениците треба да ги совладаат започнува уште од прво одделение според новата наставна програма. Ова усложнување на стандардите за оценување и содржините (и поимите) не е проследено со зголемување на фондот на наставни часови предвидени во наставните програми по Македонски јазик. Напротив, додека стандардите за оценување и содржините (и поимите) во прво одделение се усложнуваат, бројот на наставните часови опаѓа. Со ова се доведува до прашање можноста за реализација на поставените стандарди за оценување, односно за нивно формализирање. Според направената анализа се заклучува дека постои потреба од продлабочување на компатибилноста на целите во рамките на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (иако не постои издвоено програмско подрачје Јазик), потребни за реализација на наставата по Македонски јазик во прво, второ и трето одделение со што **се потврдува првата посебна хипотеза**.

Со емпирискиот дел на истражувањето се опфатени 175 наставници кои наставата ја реализираат во одделенска настава, поконкретно од прво до трето одделение. Целта е да се продлабочат сознанијата во педагошката теорија во однос на наставните материјали, односно дидактичко-методичкото дизајнирање на наставните материјали кои имаат своја примена во програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик во рамките на наставниот предмет Македонски јазик.

Станува збор за анкетирани наставници (70 %), кои имаат работно искуство над 11 години во образование, што индиректно упатува на констатацијата дека нивните одговори првенствено се базирани на нивното практично искуство што претставува своевиден професионален придонес во корист на истражувачкиот предмет.

Наставниците сметаат дека по завршувањето на високото образование се стекнале со потребните знаења и се здобиле со соодветни компетенции за самостојно да креираат наставни материјали за реализација на наставата по Македонски јазик. Но, во текот на работното искуство, наставниците согледуваат дека имаат потребата од стручно усовршување за креирање на дидактичко-методички наставни материјали со цел да ја осовременат наставата по Македонски јазик. Заклучоците од анализираните податоци одат во прилог на **потврдување на четвртата посебна хипотеза**, според која постои статистички значајна разлика во ставовите на наставниците од различни општини за подготвеноста и користењето на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение). Со истражувањето се упатува на заклучок дека постои потреба од зајакнување на дидактичките компетенции на наставниците за подготовка на современи наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение), со што **се потврдува и шестата посебна хипотеза**.

Иако наставниците посетувале голем број обуки во текот на нивната работа, сепак обуките не биле во насока на дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик. Исто така, наставниците истакнуваат дека им се потребни обуки од секое програмско подрачје, кои би им овозможиле да ги следат современите практики, а секако и воведувањето иновации и идеи за реализација на наставните часови по Македонски јазик. Сумираните податоци упатуваат на прашањето: Зошто при планирањето на обуките, семинарите, работилниците не се опфатени теми од областа на осовременување на процесот на дидактичко-методичко дизајнирање на наставните материјали потребни за практична реализација на содржините од истражуваните програмски подрачја, застапени во наставните програми по Македонски јазик? Се наметнува потреба од дополнително аргументирање за оваа појава, ако се земе предвид дека според наставниците наставните материјали го поддржуваат процесот на учење кај учениците, индивидуалната и

индивидуализираната форма на наставна работа, на тој начин овозможувајќи интеракција во наставната работа, интегрирање на наставни содржини со други наставни предмети, можноста што ја нудат во форма на самооценување, следење и вреднување на развојот на учениците итн. Честата употреба на наставните материјали придонесува учениците стекнатите знаења да ги применуваат преку практични примери и полесно да ги совладуваат новите наставни содржини во наставата по Македонски јазик. Потоа, истите придонесуваат учениците да се оспособат за самостојна работа, а исто така тие се во функција на постигнување на подобри резултати во напредувањето. Преку користењето на наставните материјали, наставниците се изјаснуваат дека учениците се поттикнуваат за користење на други извори на знаење, а некои од нив велат дека учениците на тој начин се оспособуваат и за групна работа, не изоставајќи ги и размислувањата според кои учениците се оспособуваат и за самовреднување.

Според ова, може да се заклучи дека во иднина, релевантните институции коишто ја креираат образовната политика, потребно е во програмите за професионален и стручен развој на наставниците да се планираат теми за обуки од оваа проблематика.

Се потврдува **петтата посебна хипотеза**, според која наставниците имаат образовни потреби во процесот на осовременување при подготовката и користењето  на дидактичко-методичките наставни материјали во наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение). Преку интегрираните анализирани податоци, произлезени од ајтемот што се однесува на испитување на образовните потреби на испитаниците се потврдува и **седмата посебна хипотеза,** според која се претпоставува дека понудените дизајнирани современи дидактичко-методички наставни материјали ќе претставуваат своевидна образовна поддршка на наставниците за реализација на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик (прво, второ и трето одделение).

Еден од заклучоците од овој магистерски труд, оди во прилог на констатацијата дека постои потреба од креирани готови наставни материјали

коишто наставниците ќе ги користат во наставната работа по предметот Македонски јазик.

За дидактичко-методичкото дизајнирање на наставните материјали, кое е централно позициониран истражувачки проблем, одат во прилог ставовите на наставниците во однос на структуралните елементи. Според нив, структурални елементи кои треба да бидат застапени во наставните материјали потребни при реализација на содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, ги наведуваат следните: користењето на разбирлив стил и јазик при содржинското креирање на наставните материјали; застапеност на прашања и задачи со различно тежинско ниво; содржините кои се понудени во наставните материјали потребно е да бидат од интерактивен карактер; да содржат податоци за формативно следење и оценување на постигањата на учениците; да содржат елементи за самовреднување и да бидат соодветно илустративно, графичко и технички уредени.

Според сумираните податоци може да се заклучи дека наставниците го потврдуваат тврдењето според кое постои интеграција на наставните содржини меѓу програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.

Евидентни се консензуалните ставови на наставниците во однос на потребата од често изготвување и применување на наставните материјали на неделно ниво, односно еднаш или два пати неделно. Ова упатува дека наставниците се свесни за потребата од користењето на наставните материјали во наставата по наставниот предмет Македонски јазик, бидејќи истите имаат позитивни ефекти за изведување на квалитетна настава. Односно, ако се имаат предвид одговорите од претходните прашања што се во индиректна корелација со овие одговори, недвојбено може да се заклучи големата позитивна рефлексија што наставните материјали ја имаат во процесот на формативното и сумативното следење, вреднување и оценување на учениците, можноста за индивидуален, индивидуализиран и диференциран пристап.

Преку анализата на дидактичко-методичките елементи, опфатени во наставните материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и

Јазик и според добиените податоци, се согледа дека евидентен е фактот дека при дизајнирањето на наставните материјали не се пристапува целосно според дидактичко-методичките, докимолошките и методолошките принципи и крајните заклучоци укажуваат дека има потреба од осовременување на наставата по наставниот предмет Македонски јазик со што се потврдува и **третата посебна хипотеза**.

Крајните заклучоци упатуваат дека во иднина е потребна ревизија на наставните планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик од прво до трето одделение, со посебен акцент за ревидирање на застапеноста на целите, односно наставните содржини коишто флуктуираат во програмското подрачје Јазик (со напомена дека програмското подрачје Јазик не е застапено како издвоено програмско подрачје во актуелните наставни планови и програми по наставниот предмет Македонски јазик од прво и второ одделение). Истовремено ревизијата на наставните планови и програми треба да биде во насока на преиспитување на обемноста и оптовареноста на поставените стандарди за оценување во програмското подрачје Почетно читање и пишување во прво и второ одделение, а притоа имајќи предвид што дополнително голем дел содржини од програмското подрачје Јазик се имплементирани во програмското подрачје Почетно читање и пишување, иако бројот на наставни часови во актуелните програми е зголемен за 9 % во програмското подрачје Почетно читање и пишување. Притоа треба да се има предвид фактот што тежинското оптоварување за учениците од програмското подрачје Почетно читање и пишување за второ одделение според старите наставни програми, во актуелните програми целосно е пренесено во првото одделение.

И покрај тоа што наставниците сметаат дека иницијалното образование доволно стручно ги оспособува за самостојно креирање на наставни материјали, сепак се упатува на заклучокот дека наставниците имаат потреба од теми од оваа проблематика, кои ќе бидат дел од нивното професионално усовршување за да ги развијат стручните компетенции за осовременување при дизајнирањето на истите. Во прилог на овој заклучок оди и акцентираната важност од честата употреба на

наставните материјали во наставата по Македонски јазик, кои значително ќе одат во прилог на подобрувањето на процесот на учење на учениците, индивидуалниот развој на учениците, истовремено процес на учење и подобрувањето на квалитетот на наставата. Посебно се нагласува и двојната улога на наставните материјали што ќе го зајакнат наставниот процес и ќе обезбедат поголема објективност и при процесот на формативното и сумативното следење, вреднување и оценување на учениците.

Се наметнува и заклучокот за потреба од создавање на дополнителна стручна литература за наставниците во форма на прирачници и практикуми, едиции на наставни материјали со можност и за структурирање според програмските подрачја, со тенденција за развивање на образовни платформи за поголема достапност на наставниците. Во контекст на овие заклучоци се препорачува и изработка на образовни софтвери наменети за учениците, алгоритмизирано програмирани за индивидуално користење структурирани на различни тежински нивоа.

Се заклучува дека постои потреба од стручно педагошко осовременување при дизајнирање на наставните материјали кои се користат при реализација на наставата по наставниот предмет Македонски јазик во однос на сите дидактичко-методички, докимолошки и методолошки аспекти со соодветно нивно илустративно и техничко-графичко дизајнирање, соодветно на развојните можности на учениците.

Во крајна истанца, како значаен излез од ова истражување се наметнува констатацијата за потреба од посеопфатни истражувања во екстензитет за испитување на квалитетот на наставата, обезбедена преку користење на наставни материјали, но истовремено со вклучување на мислењата и препораките и од други релевантни образовни авторитети, но и од компаративни истражувања во кои ќе бидат опфатени современите образовни практики од образовните системи кои имаат развиена методологија од оваа стручна педагошка област.

## Користена литература


1. Адамчевска, С. (1997). Почетно читање и пишување-прирачник. Скопје: Просветно дело.
2. Ангелоска-Галевска, Н. (1998). Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието. Битола: Киро Дандаро.
3. Ангелоска-Галевска, Н. (2021). Академско говорење и пишување. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.
4. Ангелоска-Галевска, Н. (2021). Планирање на научно истражување. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.
5. Гешовска, А. (2018). Педагошка проценка на развојот на децата за запишување во основно образование. Скопје: Филозофски факултет. Магистерска теза одбранета во 2018 година на Филозофскиот факултет во Скопје.
6. Дамовска, Л. (2021). Играта и учењето: Нови концепти во раното учење. Скопје: Просветно дело.
7. Делчева-Диздаревиќ, Ј. (2020). Дидактика на јазично подрачје. Скопје: Арс Ламина.
8. Делчева-Диздаревиќ, Ј. (2003). Дидактика на јазичното подрачје во основното образование. Скопје: Просветно дело АД.
9. Здравевска-Томеска, Г. (2018). Педагошките компетенции на наставниците по македонски јазик во основното образование во Република Македонија. Магистерска теза одбранета на 13 декември 2018 година на Филозофскиот факултет во Скопје.
10. Јаневска, М. (2021). Користење на литературните дела во наставата по македонски јазик. Скопје: Филозофски факултет. Магистерска теза одбранета на Филозофскиот факултет во Скопје во 2021 година.

11. Кожух, Б. и Ангелоска-Галевска, Н. (2008). Статистичка анализа на податоци. Скопје: Филозофски факултет.
12. Концепција за основно образование (2021). Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието, Скопје.
13. Лексикон образовних термина (2014). Београд: Учитељски факултет.
14. Милатовић В. (2013). Методика наставесрпскогјезика и књижевности: у млађим разредима основне школе. Београд, Универзитет у Београду.
15. Наставни програми по македонски јазик за I (прво) одделение во деветгодишно основно образование (2007). Биро за развој на образованието. Скопје: Кома.
16. Наставни програми по македонски јазик за I (прво) одделение во деветгодишно основно образование (2021). Биро за развој на образованието, Скопје.
17. Наставни програми по македонски јазик за II (второ) одделение во деветгодишно основно образование (2007). Биро за развој на образованието, Скопје: Кома, Скопје.
18. Наставни програми по македонски јазик за II (второ) одделение во деветгодишно основно образование (2021). Биро за развој на образованието, Скопје.
19. Наставни програми по македонски јазик за III (трето) одделение во деветгодишно основно образование (2007). Биро за развој на образованието, Скопје: Кома, Скопје.
20. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски елементи. (2006). Скопје: Министерство за образование и наука.

21. Национални стандарди за постигањата на учениците до крајот на основното образование (2021). Министерство за образование и наука и Биро за развој на образованието.

22. Николовска, Е. и Николовски А. (1983). Методика на наставата по македонски јазик во основното училиште. Скопје: НИО Студентски збор.

23. Педагошки лексикон (1996). Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.

24. Ризова, Е. (2021). Доживотно учење. Скопје: Филозофски факултет.

25. Стојановска, В. (2004). Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците. Скопје: Форум.

26. Стојановска, В. (2012). Наставни медиуми. Скопје: Филозофски факултет.

27. Стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план. (2018). Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

28. Томевска-Илиевска, Е. (2007). Современи пристапи во следењето на развојот на учениците во основното училиште. Годишен зборник на Филозофскиот факултет 60, 53–68.

29. Томевска-Илиевска, Е. (2017). Интерактивни пристапи во наставата. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.

30. Томевска-Илиевска, Е. (2019). Развојот на говорот во интеракција со раното јазично описменување. Прирачник за интерактивна комуникација воспитувач-дете. 21-34, Скопје: Просветно дело.

31. Томевска-Илиевска, Е. (2021). Интерактивни говорни игри за децата од предучилишна возраст. Прирачник за интерактивна комуникација воспитувач-дете. 37-45, Скопје: Просветно дело.

32. Томевска-Илиевска, Е. (2021). Интерактивни модели за развивање на педагошките компетенции. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.

33. Тофовиќ-Ќамилова, М. и Томевска-Илиевска, Е. (2008). Се подготвуваме да читаме - вежби за глобално читање за деца од 5 до 7 годишна возраст. Скопје: Просветно дело АД.

34. Тофовиќ-Ќамилова, М. и Томевска-Илиевска, Е. (2009). Голема букварка. Работни листови по Македонски јазик за прво одделение. Скопје: Просветно дело АД.

35. Тофовиќ-Ќамилова, М. и Томевска-Илиевска, Е. (2010). Пишуваме - размислуваме. Прирачник по македонски јазик за второ одделение. Скопје: Просветно дело АД.

36. Тофовиќ-Ќамилова, М. и Томевска–Илиевска, Е. (2015). Развој на јазичните вештини. Субмодул број 2: Јазично описменување. (Учебно помагало). Скопје.

37. Тофовиќ-Ќамилова, М., Рамчиловиќ, Е., Томевска, Е. и Ливринска, С. (2009). Буква по буква азбука. Скопје: Просветно дело АД.

38. Тофовиќ-Ќамилова, М., Томевска, Е., Митоска, С. и Рамчиловиќ, Е. (1999). Почнуваме да читаме. Методичко-дидактички прирачник за деца и за нивните родители за предучилишна возраст. Скопје: Просветно дело АД.

39. Трајковски, В. и Ангелоска-Галевска, Н.(2022). Академско пишување и објавување. Скопје: Филозофски факултет

40. Цајковска, Б., Јовановска, З., Томевска-Илиевска, Е. и Јошевска, М. (2017) Чекор почекор до јазична писменост: 50 активности за совладување на јазичните вештини. Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“- Македонија. ISBN 978-608-4732-83-9

41. Browne, A. (2006). Developing Language and Literacy 3-8. London, Thousand Oaks, New Delhi: SAGE Publications.
42. Burns, S.M., Griffin, P. & Snow, C.E. (Eds) (1999). Starting our right: A guide to promoting children's reading success. Washington, DC: National Academy Press.
43. Fajdetić, M. & Galić. M. (2009). Kompetencije ućitelja. Stručni skup iz informatike zavoditelje županjskih stručnih vijeća, mentore i savjetnikeVukovar.
44. Galevska, N. (2011). Применети педагошки истражувања за унапредување на училишната практика. Kožuh, A., Felda, D. (eds), Šolain družba znanja. Koper: Univerzana Primorskem, Pedagoška fakulteta Koper, pp. 187-192. http://hdl.handle.net/20.500.12188/24692
45. Goodman, Y.M. (2000). How Children Construct Literacy – Perspectives of Piaget. NewYork: International Reading Association.
46. Harrison, C. (2006). Undrestanding Reading Development. London: SAGE Publications.
47. Jewell, M. & Zintz, M. (1986). Learning to read natural. Dubuque, Iowa: Kendall/Hunt Publishing Company.
48. Lekić, Đ. (1991). Metodika razredne nastave. Beograd: Nova prosveta.
49. Marinković, J (1986). Metodika u sastavuznanosti I obrazovanja. Zagreb: NIRO Školske novine.
50. Matijević, M. & Topolovčan, T. (2017). Multimedijska didaktika. Zagreb: Učiteljski fakultet Sveučilišta u Zagrebu.
51. Pavličević, F.D. (2005). Komunikacijom do gramatike. Zagreb: Alfa.
52. Pedagoška enciklopedija (1989). Beograd: Združeni izdavači.
53. Teele, S. (2004). Overcoming barriers to reading: A multiple intelligences approach. Thousand Oaks, CA:Crown Press.
54. Tofovic-Kjamilova, M., & Tomevska-Ilievska, E. (2013). International Symposium: Education between Tradition and Modernity. Development of Language Literacy – States and Perspectives in the Republic of Macedonia. Vol. 2 (pp. 174-180). Skopje: Faculty of Philosophy, Institute of Pedagogy.

55. TomevskaIlievska, E. (2020). Why do we need pedagogical and educational reforms in primary school? A draft concept for the new basics of education and pedagogy in primary school. In Duev, Ratko etal. (ed.) (2021). Science and Society: Contribution of Humanities and Social Sciences. Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy, pp. 355-364. Skopje: Faculty of Philosophy.

56. Tomevska-Ilievska, E., Stojanoska Ivanova, T. & Aleksovska Velichkovska, L. (2018). The Concept of Interactive Models in University Teaching, Research in Physical Education, Sport and Health 2018, 7, 1, 125-130.

57. Видови на вештини за подобрување на правописот (2018) mk.delachieve.com (2018). Достапно на: https://mk.delachieve.com/%D0%B2%D0%B8%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B8-%D0%B7%D0%B0/ (пристапено декември, 2022)

58. Воин, А. (2009). Наставни материјали во училницата. Дигитално списание за наставници. Федерација за настава CCOO. Достапно на:feandalucia.ccoo.es (пристапено декември, 2022)

59. Гогоска, Т. (2020). Развој на креативното пишување кај децата. kulart.mk (/). Достапно на: https://www.kulart.mk/featured/razvoj-na-kreativnoto-pishuvanje-kaj-decata/ (пристапено јануари, 2023)

60. ЕДУИНО, Е-училница за основно образование. https://www.eduino.gov.mk/nastava/osnovno/

61. ЕДУИНО, колективен портал за дигитални образовни содржини, соработка и професионален развој на едукатори. https://www.eduino.gov.mk/?fbclid=IwAR32jTIu8sUJxCZlCci3yv4FYiwkUOd81qDkIt-P1799VrzZwUFpQApx0VI

62. Поразителен е односот на учениците кон македонскиот јазик (2018), deca.mk (2018). Достапно на: https://deca.mk/porazitelen-e-odnosot-na-uchenitsite-kon-makedonskiot-jazik/ (пристапено декември, 2022)

63. Примери за вежби по македонски јазик (2019), izvorcemk.wordpress.com. Достапно на: https://izvorcemk.wordpress.com/iii-%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5/%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%98%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D0%BA/ (пристапено февруари, 2023)

# V дел

# Прилози

## Прилог бр. 1 Анкетен прашалник за наставници

Почитувани,

Прашалникот е дел од научното истражување од магистерскиот труд со наслов „Дидактичкометодичко дизајнирање на наставни материјали за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик“. Истиот е спроведуван од магистрант од студиската програма по Педагошки науки при Филозофскиот факулет - Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Основната цел на овој прашалник е да се добијат податоци за осовременување на процесот на дидактичко-методичкото дизајнирање на наставни материјали и продлабочување на целната компатибилност на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик, потребни за реализација на наставата по наставниот предмет Македонски јазик во I, II и III одделение. Поконкретно преку овој прашалник треба да се испитаат Вашите образовни потреби, ставови, мислења и компетенции во однос на наставните материјали потребни за реализација на наведените програмски подрачја.

Ве молиме искрено да одговорите на поставените прашања. Вашата соработка ќе овозможи спроведување на истражувањето и ќе значи поддршка за осовременување на процесот на реализација на наставата по предметот Македонски јазик.

Анкетирањето е анонимно, а податоците ќе се користат исклучително за научни цели. Потребно време за пополнување на прашалникот е 10-15 минути. Однапред Ви благодариме за соработката!

Однапред Ви благодариме за соработката!

**<u>Основни информации:</u>**

**1. Општина:** _______________________________________________

**2. Основно училиште:** _______________________________________

**3. Работно искуство во образование:**

*(заокружете еден од можните одговори)*

а. од 0 до 10 години; б. од 11 до 20 години; в. над 20 години;

**4. Наставата ја реализирате во:**

*(заокружете еден од можните одговори)*

а. I одделение; б. II одделение; в. III одделение;

**5. По завршувањето на високото образование, наставниците имаат стекнати знаења и развиени компетенции за самостојно креирање на наставни материјали за наставата по предметот Македонски јазик.**

*(заокружете еден од можните одговори)*

а) во потполност се согласувам

б) се согласувам

в) не се согласувам

г) воопшто не се согласувам

д) немам мислење

**6. За осовременување на наставата по предметот Македонски јазик наставникот треба да продолжи со стручно усовршување и по завршување на факултетот.** *(објасни)*

а) Се согласувам, затоашто:

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

б) Не се согласувам, затоа што:

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**7. Дали до сега сте биле вклучени во обука (семинар) за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали потребни за реализација на наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?**

*(Заокружете еден од понудените одговори. Доколку сте го заокружиле одговорот „Да“, дадете објаснување според дадената насока)*

а) Да (наведете ги темите на обуките/семинарите и од кого се спроведени):

______________________________________________________________

______________________________________________________________

б) Не

**8. Дали сте заинтересирани да присуствувате на семинари/обуки со содржини за дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали потребни за реализација на наставата по предметот Македонски јазик за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?**

*(Заокружете еден од понудените одговори. Доколку сте го заокружиле одговорот „Да“, дадете објаснување според дадената насока)*

а) Да (Наведете кои содржини треба да бидат содржани во семинарите/обуките, кои ќе Ви помогнат во наставната работа по Македонски јазик за реализирање на програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик):

_____________________________________________________________________

_____________________________________________________________________

_____________________________________________________________________

_____________________________________________________________

б) Не

**9. За Вас како реализатор на наставата по Македонски јазик најважно е:** *(рангирај)*

Оценете го Вашето мислење според степенот на интензитет на важноста од наведените искази. Скалата вклучува искази кои треба да ги рангирате според важноста на следниот начин: пред исказот кој што според Вас е најважен, на назначеното место го запишувате бројот 1, па се до исказот кој што според Вас е најмалку важен, го запишувате бројот 10.

**Напомена: Не пишувајте ништо пред да ги прочитате сите искази.**

**најважен** — **најмалку важен**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

_______ Континуирано да ги продлабочувате Вашите сознанија за наставата по Македонски јазик.

_______ Тимско договарање за реализација на наставата по предметот Македонски јазик.

_______ Поддршка од стручните служби во училиштето.

_______ Вклучување на родителите при реализација на некои од содржините на наставата по Македонски јазик.

_______Користење на готово изработени инструменти и наставни материјали,

подготвени од страна на стручни лица.

_______ Креирани наставни материјали од Ваша страна.

_______ Креирањена образовни софтвери за програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.

_______ Активно вклучување на учениците во процесот на наставата по Македонски јазик.

_______ Обезбедување на континуирана материјално-техничка логистика од страна на училиштето.

_______ Потреба од туторска поддршка во работата со учениците од ранливите категории.

**10. Интегрирани наставни материјали може да се користат со следните програмски подрачја во наставата по Македонски јазик:** *(може да се заокружи повеќе од еден одговор)*

а) Почетно читање и пишување;
б) Јазик;
в)Медиумска култура;
г) Литература;

д) Изразување и творење.

**11. За реализација на кои програмски подрачја имате најголема потреба од креирани готови наставни материјали?**

*(може да се заокружи повеќе од еден одговор)*

а) Почетно читање и пишување

б) Јазик

в) Медиумска култура

г) Литература

д) Изразување и творење

**12. Во која форма би сакале да ги имате наставните материјали коишто ќе Ви помогнат за реализација на наставата по Македонски јазик?**

*(може да се заокружи повеќе од еден одговор)*

а) Печатени наставни материјали

б) Наставни материјали во електронска форма

в) Збирка од наставни материјали

г) Електронска база на наставни материјали

д) Друго_____________________________ (пополни)

**13. Наставните материјали по Македонски јазик придонесуваат учениците:**

*(заокружете три најважни одговори според Вас)*

а) полесно да ги совладуваат новите наставни содржини;

б) да ги применат стекнатите знаења преку практични примери;

в) да се оспособуваат за самостојна работа;

г) да се оспособуваат за групна работа;

д) се поттикнуваат да користат други извори на знаење;

ѓ) да постигнуваат подобри резултати во напредувањето;

е) да се оспособат за самовреднување.

**14. Кои од елементите се важни и според Вас треба да бидат застапени во дидактичко-методичката структура во наставните материјали по Македонски јазик?**

*(заокружете три најважни одговори според Вас)*

а) Графичко-техничко уредување

б) Илустративно уредување

в) Податоци потребни за формативното следење и оценување на постигнувањата на учениците

г) Користење на разбирлив јазик и стил

д) Понудени интерактивни содржини во наставните материјали

ѓ) Прашања и задачи со различно тежинско ниво

е) Содржат елементи на самовреднување

ж) Друго_____________________________ (пополни)

**15. Постои интеграција на наставни содржини меѓу програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик.**

*(заокружете еден од понудените одговори)*

а) во потполност се согласувам

б) се согласувам

в) не се согласувам

г) воопшто не се согласувам

д) немам мислење

**16. Дали во Вашата наставна практика, применувате интегрирани наставни содржини од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?**

*(заокружете)*

а) Да

б) Не

**17. Колку пати во текот на еден месец сметате дека е потребно да се изготвуваат наставни материјали за потребите на наставата по програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик?**

*(заокружете еден од понудените одговори)*

а) еднаш месечно

б) двапати месечно

в) еднаш неделно

г) двапати неделно

**Прилог бр. 2 Чек-листи за анализа на дидактичко-методички елементи на наставните материјали за прво, второ и трето одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување**

**Прилог бр. 2.1. Чек-листа за анализа на дидактичко-методички елементи на наставните материјали за прво одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување**

| Р.б. | Дидактичко-методички елементи на наставни материјали | Прво одделение | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Почетно читање и пишување | | Слушање и зборување | |
| | | f | % | f | % |
| 1. | Име и презиме | | | | |
| 2. | Дата | | | | |
| 3. | Одделение | | | | |
| 4. | Наслов | | | | |
| 5. | Назив на програмско подрачје | | | | |
| 6. | Симбол за секој структурален дел од наставниот материјал | | | | |
| 7. | Легенда за наведените симболи | | | | |
| 8. | Разбирлив јазик и стил | | | | |
| 9. | Јасни упатства | | | | |
| 10. | Унифициран фонт | | | | |
| 11. | Симбол за индивидуална или групна работа | | | | |
| 12. | Илустрации и слики | | | | |
| 13. | Симбол за оценување | | | | |
| 14. | Стандард за оценување | | | | |

**Прилог бр. 2.2. Чек-листа за анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за второ одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Слушање и зборување**

| Р.б. | Дидактичко-методички елементи на наставни материјали | Второ одделение | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Почетно читање и пишување | | Слушање и зборување | |
| | | f | % | f | % |
| 1. | Име и презиме | | | | |
| 2. | Дата | | | | |
| 3. | Одделение | | | | |
| 4. | Наслов | | | | |
| 5. | Назив на програмско подрачје | | | | |
| 6. | Симбол за секој структурален дел од наставниот материјал | | | | |
| 7. | Легенда за наведените симболи | | | | |
| 8. | Разбирлив јазик и стил | | | | |
| 9. | Јасни упатства | | | | |
| 10. | Унифициран фонт | | | | |
| 11. | Симбол за индивидуална или групна работа | | | | |
| 12. | Илустрации и слики | | | | |
| 13. | Симбол за оценување | | | | |
| 14. | Стандард за оценување | | | | |

**Прилог 2.3. Чек-листа за анализа на дидактичко-методичките елементи на наставните материјали за трето одделение од програмските подрачја Почетно читање и пишување и Јазик**

| Р.б. | Дидактичко-методички елементи на наставни материјали | Трето одделение | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Почетно читање и пишување | | Јазик | |
| | | f | % | f | % |
| 1. | Име и презиме | | | | |
| 2. | Дата | | | | |
| 3. | Одделение | | | | |
| 4. | Наслов | | | | |
| 5. | Назив на програмско подрачје | | | | |
| 6. | Симбол за секој структурален дел од наставниот материјал | | | | |
| 7. | Легенда за наведените симболи | | | | |
| 8. | Разбирлив јазик и стил | | | | |
| 9. | Јасни упатства | | | | |
| 10. | Унифициран фонт | | | | |
| 11. | Симбол за индивидуална или групна работа | | | | |
| 12. | Илустрации и слики | | | | |
| 13. | Симбол за оценување | | | | |
| 14. | Стандард за оценување | | | | |

## Прилог бр. 3 Наставни материјали креирани и користени од наставници (одделенска настава) по програмските подрачја Почетно читање и Пишување и Слушање и зборување за прво одделение

## Прилог бр. 3.1. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување

### НАЦРТАНО - НАПИШАНО

Име ____________

Под секоја сликичка, напиши ја почетната буква од поимот.




Обиди се да го прочиташ зборот што го доби во секое поле.

| Критериуми за оценување | Самостојно работи | Потребно му е повремено поттикнување | Потребна му е поголема помош |
|---|---|---|---|
| одредува на кој глас започнува зборот | | | |
| Го знае графичкиот симбол/буква за секој глас | | | |
| Може да прочита кратки зборови | | | |

## Прилог бр. 3.2. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување







1. **Големата печатна буква Љ заокружи ја со сино, а малата печатна буква љ заокружи ја со зелено.**

ж в Љ ѕ љ

з ј о б х Љ

Б

Љ љ Љ А з В з љ В

2. **Каде го слушаш гласот Љ/љ, на почеток, на средина или на крај? Обој го кружчето.**
**Запиши ја испуштената печатна буква Љ љ на празното место кај секој збор.**








__убов __убичици __уб__ана

3. **Заокружи ја буквата Љ/љ во дадената реченица.**
Љупка и Љупчо живеат во Љубљана.

**4.Нацртај нешто што почнува на буквата Љ љ.**



## Прилог бр. 3.3. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување

**Наставен лист по македонски јазик**
**Буква – збор – реченица**

**На линијата напиши ја првата буква од она што е на сликата!**



ч ж ш в

**На линијата напиши ја последната буква од зборот на сликата!**



ц л т д

**Откри го зборот и напиши го на линијата!**

| | | | |
|---|---|---|---|
| В А Д О | А Н Т Е Н А | Е Н Д Е | С М С Е Т В Е О Ј |
| вода | антена | еден | |

**Прилог бр. 3.4. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Слушање и зборување**



## Прилог бр. 3.5. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Слушање и зборување



## Прилог бр. 3.6. Наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Слушање и зборување



## Прилог бр. 4 Наставни материјали креирани и користени од наставници (одделенска настава) по програмските подрачја Почетно читање и Пишување и Слушање и зборување за второ одделение

## Прилог бр. 4.1. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување

**СЛОГОВИ**

**Правилно пренесува делови од зборови во следниот ред.**

1.Правилно подели ги на слогови следните зборови:

- МАЧЕ
- КУТИЈА
- ТЕЛЕВИЗОР
- МАКЕДОНИЈА
- МАРАМА
- ТЕЛЕФОН
- ЧИНИЈА
- РАКА
- КРОКОДИЛ
- ВУЛКАН
- МОЛИВ

2.Обиди се и кажи ја слогово бројалката:

ТОП-ЧЕ-ТО МИ ПАД-НА
КА- ЛИН - КА ГО ГРАБ – НА
ДАЈ МИ ГО КА - ЛИН -КЕ
НЕ ТИ ГО ДА- ВАМ...

3.Пронајди ги неправилно пренесените зборови и заокружи ги со црвена боичка, а потоа зборовите запиши ги долу на празните линии и подели ги на слогови.



**ШТО СЕ СЛУЧИЛО СО ТРЕВАТА**

Зајакот Руменко утрово се разбуди рано.
Штом ги отвори очите, веднаш посака да јад-
е.
Затоа побрза да си ја среди куќата, а и самиот
да се дотера. Сакаше побрзо да истрча на лива-
дата, на која растеше сочна зелена трева.
И така додека со шепите си го миеше лицето,
мислеше на зелената трева. Додека го местеш-
е креветот, пак мислеше на сочната трева...
Одеднаш Зајко остави се и истрча надвор од куќ-
ата. Но, што виде!
Наоколу се беше бело.
Никаде ја немаше ливадата и зелената сочна трева.
Ништо не му беше јасно. Никако не можеше да разб-
ере зошто одеднаш се побелело!
И тоа преку ноќ!?

**Прилог бр. 4.2. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување**



## Редот на зборовите во реченицата

Име и презиме

1. Покрај малите печатни букви напиши ги малите ракописни букви.




2. Откриј ги зборовите во капите, а потоа препиши ги со ракописни букви.




3. Подреди ги зборовите во речениците, а потоа препиши ги со ракописни букви.

- зима студена Настапи.
- здравје вашето Чувајте го.
- Жаклина се најдобри Жарко и другари.

4. Препиши го текстот со печатни букви.

*Паметно дете*

*Малата Билјана и вели*
*на својата баба:*
*- Бабо, мама вели дека*
*јас сум паметно дете.*
*- Токму така, мила моја.*
*Мајка ти има право.*

## Прилог бр. 4.3. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување

### КОЛКУ НАУЧИВ ЗА: ГЛАС, СЛОГ, ЗБОР, РЕЧЕНИЦА

Име:____________________ дата__________

1. Во квадратчето напиши од колку гласови е составен зборот!

П Т И Ц А ____ С Т О Л И Ц А ____ К Р У Г ____ Ф Е Н ____

К О К О Ш К А ____ Т Е Т Р А Т К А ____ М О Л И В ____ С О Н Ц Е ____

К А Н Ц Е Л А Р И Ј А ____ У Ч И Л Н И Ц А ________ П Е Н К А Л О ____________

2. Во квадратчето напиши од колку зборови е составена реченицата!

Наташа отиде на ливада со другарките . ________
Птицата слета на дрвото. ________
Во библиотеката има многу книги. ________
Сонцето свети силно. ________
Надвор врни дожд и дува силен ветер. ________

3. Подели ги на слогови следниве зборови :

баба ____________________________
басна ____________________________
мајка ____________________________
зајко ____________________________
роса ____________________________
колачиња ____________________________

4. Како ќе ги поделиш зборовите на два дела ако се најдат на крајот од редот:

марама
училиште
телефон

| |
|---|
| ______________ |
| ______________ |
| ______________ |
| ______________ |
| ______________ |
| ______________ |

5. Напиши по една прашална:

______________________________________________________________
..............................................................................................................
______________________________________________________________

## Прилог бр. 4.4. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Слушање и зборување

Наставен лист по македонски јазик

Број на гласови во зборот

Име_____________________________ Дата ________________

1. Обој онолку кругчиња колку што има гласови во зборот!





**Прилог бр. 4.5. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Слушање и зборување**

БРОЈ НА ЗБОРОВИ ВО РЕЧЕНИЦА

Обој онолку полиња колку што има зборови во реченицата.

1. Бабо , кој е најбогат на светот?

2. Влатко на носот има слатко.

3. А, можам ли и јас да бидам богат?

4. Имаш полна торба со златници.

5. На која торба мислиш бабо?

6. Па, на училишната!

7. Зоран цел ден играше на снегот.

8. Маја доби интересен роденденски подарок.

- определува број на зборови во реченицата
- со помош и насоки определува број на зборови во реченицата

**Прилог бр. 4.6. Наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Слушање и зборување**

**ДОПОЛНИ ЈА БУКВАТА ШТО НЕДОСТАСУВА!** ИМЕ_______________________

| | | |
|---|---|---|
| ВРА___А , | Т___БЛА , | Т___ЛЕФ___Н, |
| МА___А , | ТЕТРА___КА , | К___ИГА, |
| АВ___ОН, | БА___АН___ , | Г___ТАРА, |
| ДР___О , | ЃЕ___РЕК , | Е___Е , |
| Ж___БА, | З___Б, | ЅИ___, |
| ИГ___А, | ЈА___ЦЕ, | ЛИВА___А, |
| ___УБОВ, | НО___, | К___Њ, |
| ___ГЛЕДАЛО, | ШИ___Е, | Џ___ЏЕ. |

**Прилог бр. 5 Наставни материјали креирани и користени од наставници (одделенска настава) по програмските подрачја Почетно читање и Пишување (латиница) и Јазик за трето одделение**

**Прилог бр. 5.1. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување (латиница)**

**KONTROLNA VEŽBA**

***Vooči, razmisli i prepiši na latinica na opredelenoto mesto.**



## Прилог бр. 5.2. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување (латиница)



Име и презиме ____________________

УЧИМЕ ЛАТИНИЦА

Задача 1: Напиши ги досега изучените печатни латинични букви!

Задача 2: Размисли, состави и напиши зборови од изучените букви!

Задача 3: Од добиените зборови, состави неколку реченици!

Наставник ____________________

Родител ____________________

## Прилог бр. 5.3. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување (латиница)

Име и презиме на ученикот ______________________________

**ПИШУВАМЕ ЛАТИНИЦА**

1. До секоја кирилична буква напиши ја латиничната буква!

М м ______ Ш ш ______ Ч ч ______ Ѓ г ______ Р р ______

С с ______ Н н ______ Ј ј ______ И и ______ Д д ______

Ж ж ______ Ц ц ______ Ќ ќ ______ Њ њ ______

2. Напиши ги со латинични букви зборовите:

Весна ______, тетин ______, коњ, ______ весник ______,

Дрво ______, чешел ______, ѕвонче ______

3. Напиши ги речениците на печатно латиница.

а) Горазд прошета низ шумата. ______________________________

б) Зоран виде ластовица на дрвото. ______________________________

в) Есента е прекрасно годишно време. ______________________________

4. Препиши го текстот на печатно латиница.

Коњчето на Ѓоко

Ѓоко многу го сака своето коњче. Го крсти Дорчо. Со него оди на ливада. Таа таму пасе сочна трева Ѓурѓица, другарката на Ѓоко го моли да ја земе на ливадата.

-Земи ме и мене.Јас ќе собирам цвеќиња, а потоа ќе и ги подариме на баба Тања.

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

Очекувани резултати:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - ги знае големите и мали латинични букви | да | не | делумно |
| - чита и пишува зборови со печатни букви на латиница | да | не | делумно |
| - чита и пишува реченици и текст со печатни букви на латиница | да | не | делумно |

Наставник ______________ Родител ______________

## Прилог бр. 5.4. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Јазик

**Ученик---------------------------------------**

### Интерпункциски знаци,видови на зборови,голема буква

**1.Правилно внеси ги интерпункциските знаци . , ? ! : во речениците.**

Роденден

Утре е мојот најсрекен ден ќе славам роденден Јас ѓи поканив моите другарчиња Бојан
Јана Никола Ана Тина и Гоце
Колку години ќе полнам -сигурно сакате да знаеете
Десет години ќе наполнам за само еден ден За мојот десети роденден
ќе добијам играчки чоколади мечиња и пари
- Лелее колку е убава чоколадната торта
- Ајде нека започне веселата забава

**2. Запиши ги сите именки , придавки и броеви од текстот Роденден.**

| именки | придавки | броеви |
|---|---|---|
| | | |

**3. Пронајди ги грешките и употреби голема буква.**

Јас се викам никола марковски. Живеам во градот скопје во близина на реката вардар.
мојата сестра се вика елена.
таа оди во градинката – „ ѕвездички „. денес е 8 –ми март и на мојата мајка билјана .
ние заедно со татко ми тони , ќе и подариме папагалче што се вика коко.

## Прилог бр. 5.5. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Јазик

име и презиме

____________________

### Вежби - род и број кај именките

1. Определи го родот и бројот кај следниве именки запишувајќи ги во табелата: топче, книга, доктор, табла, јогурт, шума, копче, лимон, двор, око.

| машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

2. Определи го бројот на следниве именки: дете, планини, куќа, дождови, дрвја, приказна.

| еднина | множина |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

3. Прецртај ги грешките во табелите:

| машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|
| јајце, брод,човек,сонце | година,рака,ружа,сонце, | дете,пиле,дрво,река,град, |
| јаболко,нож,оџак,пица, | дете,јагода,слатко,ѕид, | пенкало,око,коса,ранец, |
| жена,леб,слон,мост | балон,јајце,маче,вода | шише,уво,пчела |

4.Дополни:

| еднина | множина |
|---|---|
| коњ | |
| | моливи |
| дете | |
| | врати |

Одд наставник:

**Прилог бр. 5.6. Наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Јазик**

## ПОВТОРУВАМЕ ИМЕНКИ

* Именки се зборови ______________________________

* Во текстот општите именки подвлечи ги со црвена боја , а сопствените именки со сина боја .



Нашата училница

Нашата училница е нашиот втор дом. Во неа има : клупи, столчиња, табла, маса... За хигиената се грижат Златко и Ивана.
Крај прозорецот има разнобојни саксии. Нив го одгледуваат Ана, Весна и Марија.Ѕидовите се украсени со најубави цртежи.Има и слики од нашите миленичиња: куче, маче, зајаче, папагал, златна рипка...Училницата ја украсуваат Олга, Снеже и Зоран. Ние секој ден со радост одиме на училиште.

* Сопствени именки се: ______________________________

* Подвлечените општи именки запиши ги во табелата според барањата

| МАШКИ РОД | | ЖЕНСКИ РОД | | СРЕДЕН РОД | |
|---|---|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина | еднина | множина |
| дом | | училница | | | миленичиња |
| | столчиња | | клупи | куче | |
| прозорецот | | табла | | маче | |
| | Ѕидовите | маса | | зајаче | |
| | цртежи | хигиената | | училиште | |
| папагал | | | саксии | | |
| ден | | | слики | | |
| | | рипка | | | |
| | | радост | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Знае кој зборови се именки | успешно | со поттикнување | со помош | со потешкотии |
| Препознава сопствени именки во даден текст | успешно | со поттикнување | со помош | со потешкотии |
| Препознава општи именки во даден текст | успешно | со поттикнување | со помош | со потешкотии |
| Определува род и број кај општите именки | успешно | со поттикнување | со помош | со потешкотии |

## Прилог бр. 6 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување

### Наставен лист по Македонски јазик за I одделение
### Разбирање на прочитаното

Име и презиме: ______________________ Дата: ____________

**Прочитај ги реченициите и поврзи ги со соодветната слика.**







Во дворот на чичко Миле има многу домашни животни.

Краставицата, брокулата и морковот се многу среќни кога децата ги јадат.

Во кујната на баба Оле има тава, тенџере, чајник, лажици и друго.

Баба Маре им чита интересна приказна на своите внучиња.

Тони е на пазар со својата мајка.







Учениците се среќни, бидејќи се возат со автобус.

Марко свири на својата нова гитара.

Мила и Стефан играат со коцки и ги учат буквите.

Матеа со своите родители летува на езеро.








| Стандарди за оценување | целосно | делумно | со потешкотии |
|---|---|---|---|
| Препознава (чита) зборови според дадена илустрација. | | | |
| Чита зборови, реченици, текстови напишани со изучените букви. | | | |

## Прилог бр. 7 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за прво одделение по програмското подрачје Слушање и зборување

**Наставен лист по Македонски јазик за I одделение**
**Гласови во различни позиции на зборови**

Име и презиме: ______________________ Дата: ____________

**Каде го слушаш гласот Н, на почеток, во средина или на крај?**

**Обој го кругот според тоа каде го слушаш гласот Н.**













| Стандарди за оценување | целосно | делумно | со потешкотии |
|---|---|---|---|
| Правилно изговара различни гласови во различни позиции на зборовите | | | |

## Прилог бр. 8 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување

**Наставен лист по Македонски јазик за II одделение**
**Глас, слог и збор**

**Име и презиме:** ______________________ **Дата:** ____________

**Запиши ги буквите по азбучен редослед со големи печатни букви.**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | | | | | | | | | | |
| | Ј | | | | | | Њ | | | |
| | | | | | | | | | | Ш |

**Дополни ја реченицата со зборот што недостасува.**

**Буквите се ______________ на гласовите.**

**На празното место именувај ги предметите од илустрациите, а потоа запиши од колку гласови се составени зборовите.**



______________
именувај

______________
запиши број на гласови



______________
именувај

______________
запиши број на гласови

**На празното место, дадените зборови подели ги на слогови.**

| куче | желка | столица | телефон | училиште |
|---|---|---|---|---|
| ____________ | ____________ | ____________ | ____________ | ____________ |

| Стандарди за оценување | целосно | делумно | со потешкотии |
|---|---|---|---|
| Ги кажува буквите според редоследот во азбуката | | | |
| Пишува едноставна јазична содржина (поврзува гласови и букви во целосен збор, зборови во (реченица) по слушање | | | |
| При пишување ги разделува слушнатите зборови на слогови | | | |

**Прилог бр. 9 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за второ одделение по програмското подрачје Слушање и зборување**

**Наставен лист по Македонски јазик за II одделение**
**Број на гласови во зборот**

Име и презиме: ______________________ Дата: __________

**Разгледај ги сликите и именувај ги, а потоа обои онолку ѕвезди колку што има слогови во зборовите.**



________________
☆☆☆☆☆



________________
☆☆☆☆☆



________________
☆☆☆☆☆



________________
☆☆☆☆☆



________________
☆☆☆☆☆



________________
☆☆☆☆☆



________________
☆☆☆☆☆



________________
☆☆☆☆☆



________________
☆☆☆☆☆

| Стандарди за оценување | целосно | делумно | со потешкотии |
|---|---|---|---|
| Идентификува буква, слог или збор во пишан текст по слушање, напишани во книга или на визуелен нагледен материјал. | | | |
| Повторува слушнати зборови поделени на слогови и самостојно дели едноставни зборови (трисложни, а најмногу четирисложни) на слогови | | | |

**Прилог бр. 10 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Почетно читање и пишување (латиница)**

**Наставен лист по Македонски јазик за III одделение**
**Колку научив латиница?**

**Име и презиме:** ______________________ **Дата:** ____________

**Запиши ги дадените букви на латиница.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ии ________ | Сс ________ | Аа ________ | Шш ________ |
| Мм ________ | Бб ________ | Тт ________ | Дд ________ |
| Нн ________ | Уу ________ | Лл ________ | Зз ________ |

**Дадените зборови запиши ги на латиница.**

рака ________ Симона ____________ коса ________ дете ________

**Прочитај ги зборовите, а потоа нацртај ги во квадратите под зборовите.**

| kruša | masa | riba | bure |
|---|---|---|---|
| | | | |

**На празното место, запиши ги речениците со ракописни латинични букви.**

Душко има шешир. ______________ На масата стои шише. ______________

Симе и Урош играат со топка. ______________ Јас имам нова топка. ______________

| Цели | целосно | делумно | со потешкотии |
|---|---|---|---|
| Да се оспособува да чита и да пишува зборови и текст со печатни букви на латиница. | | | |
| Да се оспособува да пишува зборови и куси реченици со ракописни латински букви. | | | |

## Прилог бр. 11 Дизајниран дидактичко-методички наставен материјал за трето одделение по програмското подрачје Јазик

Наставен лист по Македонски јазик за III одделение
Повторуваме именки

Име и презиме: ______________________ Дата: __________

Во текстот „Нашата училница“, пронајди ги општите именки и подвлечи ги со црвена боја, а сопствените именки со сина боја.

**Нашата училница**

Нашата училница е нашиот втор дом. Во неа има: клупи, столчиња, моливи, табла, сунѓер и многу други работи. За хигиената во училницата се грижат Златко и Ивана.

Крај прозорецот има разнобојни саксии, а нив ги одгледуваат Ана, Весна и Марија. Ѕидовите се украсени со најубави цртежи. Има и слики од нашите миленичиња: куче, маче, зајче, папагал и златна рипка. Училницата ја украсуваат Олга, Снеже и Зоран заедно со наставничката Маре. Ние секој ден со радост одиме на училиште.

Општите именки што ги пронајде во текстот „Нашата училница“, распореди ги во табелата според нивниот род и број.

| МАШКИ РОД | | ЖЕНСКИ РОД | | СРЕДЕН РОД | |
|---|---|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина | еднина | множина |
| дом | | | | | миленичиња |
| | цртежи | | | маче | |
| | | табла | | | |
| | | | слики | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| Цели | целосно | делумно | со потешкотии |
|---|---|---|---|
| Да ги препознава општите и сопствените именки во реченицата. | | | |
| Да разликува род и број кај именките. | | | |

## Прилог бр. 12 Легенда на симболи користени при дидактичко-методичко дизајнирање на наставни материјали

| Легенда на симболи | |
|---|---|
| **Методологија за структурирање на протокол за дидактичко-методичко дизајнирање на наставен материјал** | |
| **Симбол** | **Текстуален опис на симболот** |
|  | Симбол за наслов на наставниот материјал |
|  | Симбол за име и презиме |
|  | Симбол за дата |
|  | Симбол каде што е предвидено ученикот да запише според барање |
|  | Симбол каде што е предвидено ученикот да дополни според барање |
|  | Симбол каде што е предвидено ученикот да подели според барање |
|  | Симбол каде што е предвидено ученикот да чита зборови или реченици |
|  | Симбол каде што е предвидено ученикот да обои според барање |
|  | Симбол каде што е предвидено ученикот да подвлече според барање |
|  | Симбол каде што е предвидено ученикот да распореди зборови во табела според барање |
|  | Симбол за стандарди за оценување/цели |